# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ 2021-2025

## за период 01.01.2021 година до 31.12.2025 година

Скопје, март 2026

## Содржина

1. ВОВЕД....5
2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ....8
3. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ЈАВНИ НАБАВКИ....12
4. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ВРАБОТУВАЊЕ....17
5. СЕКТОР ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ....27
6. СЕКТОР ПРАВОСУДСТВО....35
7. СЕКТОР ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ....42
8. СЕКТОР ЗДРАВСТВО....56
9. СЕКТОР ОБРАЗОВАНИЕ....71
10. СЕКТОР ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА....89
11. СЕКТОР УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ....95
12. СЕКТОР ЖИВОТНА СРЕДИНА....99
13. СЕКТОР ЗЕМЈОДЕЛСТВО....103
14. СЕКТОР СПОРТ....116
15. СЕКТОР ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС....124
16. СЕКТОР ЈП И АД ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА И ЕЛС....135
17. СЕКТОР МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО....141
18. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА....149
19. ПРЕПОРАКИ....160

## Листа на кратенки

| Кратенка | Целосен назив |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој |
| АКВО | Агенција за квалитет во високото образование |
| МАЛМЕД | Агенција за лекови и медицински средства |
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| МС | Министерство за спорт |
| АСПИ | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| АПП | Агенција за поддршка на претприемништвото |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| БЈН | Биро за јавни набавки |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ДИЗ | Државен инспекторат за земјоделство |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| ДУИ | Државен управен инспекторат |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| ЗЈО | Здружение на јавните обвинители |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЕТ | Министерство за економија и труд |
| МЕРМС | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| МДТ | Министерство за дигитална трансформација |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| МФ | Министерство за финансии |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТ | Министерство за транспорт |
| НС2021-2025/Стратегија | Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година |
| Собрание | Собранието на Република Северна Македонија |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите во Македонија |
| УФП | Управа за финансиска полиција |
| УФР | Управа за финансиско разузнавање |
| ФЗО | Фонд за здравствено осигурување |

| | |
|---|---|
| ФПИОРСМ | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија |
| ЦУ | Царинска управа |
| ЗСКСИ | Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси |
| УГД | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип |
| УКЛО | Универзитет „Св. Климент охридски“ – Битола |
| УМТ | Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје |
| УИНТ | Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид |
| ИС | Инспекциски совет |
| ЗОРОДУ | Закон за организација и работа на органите на државната управа |

# 1. ВОВЕД

**Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025**

Во јануари 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе актуелниот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: ЗСКСИ), чија основна цел е уредување на мерките и активностите за:

- спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката,
- спречување на судирот на интереси и
- спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања.

Согласно ЗСКСИ, надлежна институција за спроведување на мерките и активностите поврзани со спречување на корупцијата и судирот на интереси е Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на која со законот и е загарантирана потполна самостојност и независност во вршењето на работите од својата надлежност. Во рамките на своите надлежности, ДКСК донесува петгодишна национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување. Националната стратегија се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) за усвојување.

Актуелната Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: Стратегија) е донесена на 10 декември 2020 година за периодот 2021-2025 година, која се темели на претходно спроведена анализа на ризиците од корупција, а се подготви со примена на широк, инклузивен и транспарентен процес на консултации со учество на претставници од јавниот и приватниот сектор, медиумите, граѓанските здруженија и фондации, експерти и претставници од релевантните меѓународни организации. Стратегијата е усвоена од страна на Собранието во април 2021 година. Составен дел од Стратегијата е акционен план во кој детално се разработени идентификуваните мерки по активности и индикатори.

Проблемите и мерките во Стратегијата се систематизирани во 2 хоризонтали области и 13 ранливи сектори, и тоа:

1. Јавни набавки – хоризонтална област
2. Вработување– хоризонтална област
3. Политички систем
4. Правосудство
5. Органи за спроведување на законот
6. Здравство

7. Образование
8. Труд и социјална политика
9. Урбанизам и просторно планирање
10. Животна средина
11. Земјоделство
12. Спорт
13. Економија и бизнис
14. Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа
15. Медиуми и граѓанско општество

Согласно член 18 став (6) од ЗСКСИ, ДКСК е должна да го следи спроведувањето на мерките од Стратегијата и да подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведувањето на националната стратегија и истите најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година да ги доставува до Собранието.

Со оглед на фактот дека Стратегијата се однесува на периодот од 2021 година до 2025 година, овој документ претставува Завршен извештај за спроведување на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, за периодот 01.01.2021 – 31.12.2025 година. Годишните извештаи за сите претходни извештајни периоди од донесувањето на Стратегијата се донесени од страна на ДКСК и доставени до Собранието во законски утврдениот рок и се јавно достапни на веб страната на ДКСК.

Овој извештај содржи вкупно 19 делови и тоа: Вовед, Извршно резиме, два делови кои се однесуваат на двете хоризонталните области, 13 делови кои се однесуваат на секој од секторите кои се опфатени со Стратегијата, како и по еден дел за заклучни согледувања и препораки. Во секој од овие делови се презентирани наодите во однос на реализацијата на активностите предвидени во Акцискиот план, со презентација на статистички податоци за бројот на реализирани активности, како и нивна анализа, со препораки за надминување на воочените проблеми.

## Методологија

Годишните извештаи, како и Завршниот извештај за спроведувањето на Стратегијата се подготвени врз основа на информации добиени од надлежните институции, кои за секој евалуационен период, преку софтверско решение – ВЕБ апликација, доставуваа годишни извештаи за степенот на реализација на активностите, за кои истите се означени за носител на активноста. По прибирање на годишните извештаи, ДКСК изврши анализа и евалуација на податоците доставени од институциите, по што го утврди конечниот статус на сите активности од Стратегијата (реализирана, во тек или нереализирана).

Предмет на завршната евалуација беа сите активности предвидени за реализација од 2021 до 2025 година, со сеопфатна анализа на континуираните активности, кои

се предмет на евалуација секоја година од нивното доспевање. Вкупниот број на евалуирани активности за целиот петгодишен период изнеува 318

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ“ бр. 121/24) доведе до промени во институционалната поставеност,надлежностите на органите на државната управа и називите на дел од надлежните институции.

## 2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во рамките на Стратегијата се утврдени 54 клучни проблеми, за чие надминување предвидени се 111 мерки и 191 конкретни активности. Од вкупниот број на активности, 34 се означени како континуирани (27 активности се означени со рок за реализација од 2021 и континуирано, шест активности од 2022 и континуирано и една од 2024 и континуирано), што значи дека нивната реализација е предмет на евалуација секоја година по доспевањето, односно дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 318 активности.

Распределбата на **проблемите, мерките и активностите** е следна:

| Р. бр | Област/сектор | Проблеми | Мерки | Еднократни активности | Збир на континуирани активности | Вкупно евалуирани активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Јавни набавки** | 2 | 2 | 2 | 10 | 12 |
| 2. | **Вработување** | 3 | 8 | 10 | 15 | 25 |
| 3. | **Политички систем** | 6 | 7 | 7 | 5 | 12 |
| 4. | **Правосудство** | 3 | 7 | 10 | 20 | 30 |
| 5. | **Органи за спроведување на законот** | 7 | 13 | 20 | 5 | 25 |
| 6. | **Здравство** | 5 | 18 | 25 | 4 | 29 |
| 7. | **Образование** | 8 | 18 | 27 | 34 | 61 |
| 8. | **Труд и социјална политика** | 1 | 5 | 8 | 10 | 18 |
| 9. | **Урбанизам и просторно планирање** | 1 | 1 | 0 | 4 | 4 |
| 10. | **Животна средина** | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 |
| 11. | **Земјоделство** | 5 | 9 | 15 | 5 | 20 |
| 12. | **Спорт** | 2 | 6 | 11 | 19 | 30 |
| 13. | **Економија и бизнис** | 4 | 8 | 8 | 23 | 31 |
| 14. | **ЈП и АД** | 3 | 3 | 5 | 2 | 7 |
| 15. | **Медиуми и граѓанско општество** | 3 | 5 | 7 | 5 | 12 |
| **Вкупно** | | 54 | 111 | 157 | 161 | 318 |

**Табела 1: Табеларен приказ на вкупниот број проблеми, мерки и активности по области/сектори во Стратегијата**

Бројот на детектираните проблеми, како и утврдените мерки и активности по сектори, зависи пред сè од нивото на идентификуван ризик од корупција во секоја од областите/секторите. Дополнително, значајна улога во дефинирањето на мерките имаше вклученоста и придонесот на институциите во рамките на секој сектор за време на процесот на подготовка на Стратегијата во 2019 година.

Проблеми по **области/сектори**:




Слика 1: Број на проблеми, мерки и активности по области/сектори

Околу 40% од сите мерки и активности се однесуваат на секторите образование, здравство и органи за спроведување на законот.

Распоредот на **активности по години** е следен:




Слика 2: Процентуален распоред на активности по години

Распределбата на активностите по години покажува дека најголем број активности биле предвидени за спроведување во првата година од Стратегијата.

Процентуална распределба на активности по години

- 110 активности (58%) беа предвидени за 2021 година, од кои 27 се континуирани;
- 70 активности (36%) беа предвидени за 2022 година, од кои шест се континуирани;
- 9 активности (5%) беа предвидени за 2023 година;
- 2 активности (1%) се предвидени за 2024 година, од кои една е континуирана и
- за 2025 година не е предвидена ниту една нова активност.

При одредувањето на роковите за реализација на активностите, значајна улога имаа самите институции и учесниците од релевантните сектори.

По извршената анализа на сите годишни евалуации за спроведувањето на активностите од Стратегијата, прегледот по **области/сектори за вкупниот статус на реализација на активностите за периодот 2021 - 2025 година** е следен:

| Област/сектор | Реализирани активности | Нереализирани активности | Во тек |
|---|---|---|---|
| Јавни набавки | 3 | 3 | 6 |
| Вработување | 4 | 13 | 8 |
| Политички систем | 2 | 6 | 4 |
| Правосудство | 21 | 4 | 5 |
| Органи за спроведување на законот | 11 | 8 | 6 |
| Здравство | 18 | 4 | 7 |
| Образование | 25 | 14 | 22 |
| Труд и социјална политика | 6 | 8 | 4 |
| Урбанизам и просторно планирање | 1 | 0 | 3 |
| Животна средина | 0 | 0 | 2 |
| Земјоделство | 6 | 13 | 1 |
| Спорт | 2 | 18 | 10 |
| Економија и бизнис | 11 | 11 | 9 |
| ЈП и АД | 1 | 5 | 1 |
| Медиуми и граѓанско општество | 7 | 2 | 3 |
| Вкупно | 118 | 109 | 91 |

**Табела 2: Преглед на реализирани и нереализирани активности, како и активности во тек во периодот 2021-2025 година по области/сектори**




Слика 3. Степен на реализација за период 2021-2025

**Степен на реализација на активности во 2021-2025 година.** Од вкупно 318 евалуирани активности во периодот 2021-2025 година, 118 активности се реализирани (37%), нереализирани се 109 активности (34%), а 91 активност се во тек (29%).

# 3. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ЈАВНИ НАБАВКИ

## Опис на хоризонталната област

| Приоритетни проблеми во хоризонталната област јавни набавки се: |
|---|
| 1) Недоволен број на лица со соодветни квалификации и познавање на стандардите при дефинирање на техничките спецификации како и критериумите за утврдување на способноста на економските оператори и<br>2) Недоволна транспарентност на институциите и низок степен на интегритет на вклучените лица во спроведувањето на јавните набавки. |

| Надлежни институции за реализација на мерките и активностите за надминување на проблемите во областа јавни набавки се: |
|---|
| 1) Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: БЈН),<br>2) Министерството за финансии (во натамошниот текст: МФ) и<br>3) Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: АСПИ). |

## Степен на реализација на активностите во областа

**Во хоризонталната област јавни набавки, за надминување на двата приоритетни проблеми се предвидени 2 мерки и 4 активности, од кои 2 активности се еднократни, а 2 активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 12.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| **Проблем 1. Недоволен број на лица со соодветни квалификации и познавање на стандардите при дефинирање на техничките спецификации како и критериумите за утврдување на способноста на економските оператори** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зајакнување на капацитетите на лицата кои ја подготвуваат тендерската документација** | 1.1. Креирање и спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност со учество на Институтот за стандардизација | БЈН Институт за стандардизација | Втора половина на 2021- континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** |

| **Проблем 2. Недоволна транспарентност на институциите и низок степен на интегритет на вклучените лица во спроведувањето на јавните набавки** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зголемување на институционалниот интегритет и транспарентност во јавните набавки** | 1.1 Измена на Законот за јавни набавки за пропишување на задолжително потпишување на изјава за доверливост од страна на лицата што учествуваат во подготовката на техничката спецификација | МФ БЈН | Прва половина на 2023 | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 1.2. Во моделите на тендерски документации што ги изработува БЈН задолжително да се наведат овластените лица за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки. | БЈН | Втора половина на 2020 | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 1.3. Зајакнување на надзорот во однос на објавување на информациите во однос на јавните набавки согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер | АСПИ | Прва половина на 2021 - континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |

За реализација на **Проблем 1. Недоволен број на лица со соодветни квалификации и познавање на стандардите при дефинирање на техничките спецификации како и критериумите за утврдување на способност на економските оператори** предвидена е **Мерка 1. Зајакнување на капацитетите на лицата кои ја подготвуваат тендерската документација** и ***Активност: 1.1. Креирање и спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност со учество на Институтот за стандардизација***, за која рокот за реализација е **втора половина на 2021 година и континуирано**, а надлежна институција е **БЈН**. Истата е реализирана за 2024 и 2025 година. Имено, воспоставената комуникација меѓу Бирото за јавни набавки и Институтот за стандардизација во однос на заедничката активност продолжува, без дополнителни измени во политиките за стандардизација во областа на јавните набавки. ДКСК препорачува ваквата континуирана соработка меѓу Бирото за јавни набавки и Институтот за стандардизација да продолжи и во иднина, со цел следење на трендовите и унапредување на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност на економските оператори.

Во однос на **Проблем 2. Недоволна транспарентност на институциите и низок степен на интегритет на вклучените лица во спроведувањето на јавните набавки** предвидена е **Мерка 1: Зголемување на институционалниот интегритет и транспарентност во јавните набавки** со три активности и тоа:

***Активност 1.1 Измена на Законот за јавните набавки за пропишување на задолжително потпишување на изјава за доверливост од страна на лицата што учествуваат во подготовката на техничката спецификација***, за која рокот е **прва половина на 2023 година**, а носител на истата е **МФ**. Во 2025 година МФ информира дека оваа активност е „**во тек**“, со оглед дека Бирото за јавни набавки има преземено активности во насока на анализа и детектирање на одредбите од Законот за јавни набавки кои треба да бидат изменети. Притоа пристапиле и кон подготовка на форма на предметната Изјава за доверливост која треба да биде предвидена со измените. Оттука, оваа активност има конечен статус „во тек“.

***Активност 1.2. Во моделите на тендерски документации што ги изработува БЈН задолжително да се наведат овластените лица за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки***, со рок **втора половина на 2020 година** и надлежна институција **БЈН**. Оваа активност е „**реализирана**“ во 2021 година, имајќи предвид дека моделот на тендерска документација за набавка од мала вредност и моделот на тендерска документација за поедноставена отворена постапка е ажуриран. Имено, во моделите на тендерски документации е додаден дел каде договорните органи ќе треба да наведат податок кое лице во институцијата согласно Законот за заштита на укажувачи е овластено за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи.

***Активност 1.3. Зајакнување на надзорот во однос на објавување на информациите во однос на јавните набавки согласно член 10 од Законот за***

***слободен пристап до информациите од јавен карактер***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2021 година и континуирано**, носител на активноста е **АСПИ**. Оваа активност во 2021 била „**нереализирана**“, додека во периодот 2022-2025 година има статус „**во тек**“, од причина што еден од трите инддикатори за исполнување на оваа активност се однесува на број на изречени прекршочни санкции за необјавување на податоците од член 10 од ЗЗПСПИЈК, за кој АСПИ смета дека не е нивна надлежност, активноста не може да се смета како целосно реализирана. Имено, АСПИ информира дека во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер не се предвидени прекршочни одредби за извршување на прекршочни санкции конкретно за необјавување на податоците кои се посочени во оваа активност, додека ДКСК смета дека Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер содржи прекршочни одредби кои го санкционираат необјавувањето на информациите во однос на јавните набавки согласно член 10 од Законот. Во член 10 утврдени се информациите кои имателите задолжително треба да ги објавуваат на интернет страницата, а во алинеја 18 утврдена е обврската за објавување на целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство. Со одредбите на член 39 алинеја 2, утврдено е дека глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице кај имателот на информацијата доколку редовно не ја води и ажурира листата на информации со кои располага и не ја објави на соодветен начин, достапен на барателот, согласно со членот 9.

Од се погоре наведено, видно е дека постојат пречки кои го ограничуваат изрекувањето глоби за необјавување на податоците и истите треба да се надминат.




**Слика 4: Вкупен степен на реализација на областа**

Од вкупно 4 активности предвидени за оваа област, две активности се предвидени да се реализираат еднократно, а 2 активности се планирани како континуирани за периодот 2021-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период

евалуирани се вкупно 12 активности. Од нив, три активности биле реализирани (25%), три нереализирани (25%), а шест биле во тек (50%).




**Слика 5: Статус на реализација на активности по години**




**Слика 6: Статус на активности по институции**

БЈН е носител на 6 активности, од кои три се реализирани, две се нереализирани и една е во тек.
АСПИ е носител на 5 активности, од кои една е нереализирана, а четири се во тек.
МФ е носител на една активност, која е во тек.

# 4. ХОРИЗОНТАЛНА ОБЛАСТ ВРАБОТУВАЊЕ

## Опис на хоризонталната област

| Приоритетни проблеми во хоризонталната област вработување се: |
|---|
| 1) Неусогласеност на голем број на закони кои го регулираат вработувањето со што се овозможува секаков вид на влијание: партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам;<br>2) Неефикасно раководење, управување и надзор кај одделни органи на управата, агенции, јавни претпријатија и АД во државна сопственост и<br>3) Законската регулатива нема воспоставено јасен систем за евалуација на критериумите за селекција во процесот на вработување и унапредување во јавниот сектор. |

| Надлежни институции за реализација на мерките и активностите за надминување на проблемите во областа вработување се: |
|---|
| 1) Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата),<br>2) Државната комисија за спречување на корупцијата,<br>3) Министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: МИОА),<br>4) Министерството за економија (во натамошниот текст: МЕ),<br>5) Министерството за локална самоуправа (во натамошниот текст: МЛС),<br>6) Министерството за здравство (во натамошниот текст: МЗ),<br>7) Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: МОН),<br>8) Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: МТСП),<br>9) Министерството за култура (во натамошниот текст: МК),<br>10) Останатите министерства (во натамошниот текст: министерствата)<br>11) Општините и Градот Скопје (во натамошниот текст: ЕЛС) и<br>12) Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: АСПИ) |

## Степен на реализација на активностите во областа

**Во хоризонталната област вработување, за надминување на трите приоритетни проблеми се предвидени 8 мерки и 25 активности, од кои 10 активности се еднократни, а 3 активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 25.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

***Завршен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси  2021-2025 за период 01.01.2021 – 31.12.2025 година***

| **Проблем 1: Неусогласеност на голем број на закони кои го регулираат вработувањето со што се овозможува секаков вид на влијание: партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Укинување на можноста за вработување преку Агенции за времени вработувања и на можноста привремените вработувања да се трансформираат во вработување на неопределено работно време без редовна постапка за вработување** | 1.1. Измена на Законот за вработените во јавниот сектор заради укинување на можноста за вработувања преку Агенции за времени вработувања и за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување | МЈА | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **2. Проценка на реалните потреби за бројот на вработени и нивната стручност во субјектите од јавниот сектор** | 2.1. Изработка на функционална анализа во субјектите од јавниот сектор | МЈА Министерства ЕЛС | Втора половина на 2021 - континуирано | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** |
| | 2.2. Објавување на функционалната анализа на веб страните на институциите | МЈА Министерства ЕЛС | Втора половина на 2021 - континуирано | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 2.3. Анализа на потребата за воведување на годишна проценка за обем на работа во субјектите од јавниот сектор | МЈА | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **3. Соодветно дефинирање на видот на образование за конкретно работно место во актите за систематизација на работни места** | 3.1. Измена на „Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор“ | МЈА МЕ МЛС | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Зголемување на транспарентноста при вработувањата во јавниот сектор** | 4.1 Зајакнување на надзорот во однос на објавување на актите за организација и систематизација и вработувањата, согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер | АСПИ | Прва половина на 2021 - континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **Проблем 2: Неефикасно раководење, управување и надзор кај одделни органи на управата, агенции, јавни претпријатија и АД во државна сопственост** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Да се оптимизира бројот на членови во надзорни и управни одбори во ЈП и АД** | 1.1. Утврдување на критериуми (надлежности, приходи/расходи, број на вработени) во законот за ЈП и ЗТД во однос на оптимизација на бројот на членови во органите на управување | МЕ<br>МЈА<br>МЛС | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| | 1.2. Усогласување на статутите на ЈП и АД согласно измените во законите | Влада на РСМ<br>ЕЛС | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **2. Воведување на критериуми за вид на образование и компетенции при изборот и директори и именувањето на членови на управните и надзорните одбори** | 2.1. Изменување и дополнување во Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва во насока на:<br>- пропишување на законска обврска, со Статутот да се предвиди потребниот вид на образование за раководните лица и за членовите на органите на управување;<br>-пропишување на процедура за навремено именување на законскиот број на членови на надзорните и управните одбори;<br>-пропишување на | МЕ<br>МЈА | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | прекршочни казни за основачот за ненавремено именување на членови или незаконит избор на раководно лице | | | | | | | |
| | 2.2.Усогласување на Статути и интерни акти со измените во ЗТД и ЗЈП од органи на управа, ЈП и АД | Влада на РСМ ЕЛС | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Во тек** |
| **Проблем 3: Законската регулатива нема воспоставено јасен систем за евалуација на критериумите за селекција во процесот на вработување и унапредување во јавниот сектор** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воспоставување на јасен и транспарентен процес на евалуација на критериумите за вработувањата и унапредувањата во здравство, образование, култура, социјална заштита и АД во државна сопственост** | 1.1 Пропишување на подзаконски акти за утврдување на објективни критериуми и процес на евалуација за вработување и унапредување во зависност од специфичните потреби на секој сектор одделно | Министерство за здравство МК МЕ МЈА МТСП МОН | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Во тек** |
| **2. Ограничување на дискреционото право на одговорното лице во процесот на вработување** | 2.1. Анализа на законската регулатива која овозможува дискреционо право на одговорното лице при вработувања | ДКСК | Прва половина на 2021 | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 2.2.Имплементација на наодите од изготвената анализа | МЈА МЗ МТСП МК МЕ | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Нереализиран а** |

За реализација на **Проблем 1: Неусогласеност на голем број на закони кои го регулираат вработувањето со што се овозможува секаков вид на влијание: партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам, предвидена е Мерка 1: Укинување на можноста за вработување преку Агенции за времени вработувања и на можноста привремените вработувања да се трансформираат во вработување на неопределено работно време без редовна постапка за вработување** и *Активност 1.1.: Измена на Законот за вработените во јавниот сектор заради укинување на можноста за вработувања преку Агенции за времени вработувања и за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување.* Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција е **МЈА**. Активноста сите пет години останува **„нереализирана“**. Согласно доставениот извештај на МЈА за 2025 година, донесен е нов Закон за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ бр.144/25), но согласно изменетите одредби со новиот ЗВЈС не се укинува можноста за вработување преку Агенциите за времени вработувања. Дополнително и првичното ограничување на бројот на лица кои во текот на годината можат да се вработат преку Агенциите за привремени вработувања со измената на ЗВЈС од 16.12.2025 година се брише. Во однос на вториот дел од активноста која се однесува на укинување на можноста за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување, во новиот ЗВЈС за разлика од претходниот, не е таксативно наведено дали може да има трансформација на работниот однос. Но, можноста за трансформација на работен однос од определен на неопределен период е предмет на уредување во општите прописи за работни односи и оттука, отсуството на таксативна одредба за можноста за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување во новиот ЗВЈС не значи дека истото е забрането, односно укинато како можност. Од таа причина, активноста не може да се смета за реализирана.

За реализација на **Мерка 2: Проценката на реалните потреби за бројот на вработени и нивната стручност во субјектите од јавниот сектор** предвидени се три активности, од кои две се со рок за реализација **втора половина на 2021 и континуирано**, а една активност со рок на реализација **втора половина 2021 година**. За сите три активности надлежна институција е **МЈА**. За ***Активност 2.1. Изработка на функционална анализа во субјектите од јавниот сектор*** за која МЈА известува дека институциите задолжително доставуваат спроведена функционална анализа со цел добивање согласност на изготвените Правилници за внатрешна организација и систематизација на работните места и истата е **„реализирана“** во 2024 и 2025 година.

***Активност 2.2: Објавување на функционалната анализа на веб страните на институциите*** пет години по ред е**„нереализирана“** . Имено, МЈА известува дека нема надлежност да врши контрола на објавени документи на веб страните на институциите и дека институциите своите акти за систематизација и за внатрешна организација и функционалните анализи ги објавуваат на своите веб страници.

***Активноста 2.3. Анализа на потребата за воведување на годишна проценка за обем на работа во субјектите од јавниот сектор, со рок на доспевање втора***

***половина на 2021 година,*** заклучно со 2025 година останува „**нереализирана**", од причина што и за оваа активност МЈА известува дека врз основа на ЗАС нема надлежност да врши анализа на годишна проценка за обемот на работа во субјектите од јавниот сектор.

За реализација на **Мерка 3: Соодветно дефинирање на видот на образование за конкретно работно место во актите за систематизација на работни места** предвидена е ***Активност 3.1.: Измена на „Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор" со цел видот на високо образование да се утврдува преку научни области, а не научни полиња согласно Фраскатиевата класификација на научни области во утврдувањето на видот на образование во актите за систематизација.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, надлежна институција е **МЈА**, а активноста е **„нереализирана"**. Иако МЈА известува дека Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор е изменет, односно дека активноста е реализирана, по разгледување на Правилникот се констатира дека истиот не ги задоволува предвидените насоки од оваа активност, бидејќи видот на високо образование за работното место не се утврдува преку научни области, туку повторно се утврдува преку наведување на едно научно – истражувачко или едно научно – истражувачко подрачје со наведување на едно, а најмногу три научно – истражувачки полиња, кои соодветствуваат на описот на работното место.

За реализација на **Мерка 4: Зголемувањето на транспарентноста при вработувањата во јавниот сектор** предвидена е ***Активност 4.1.: Зајакнување на надзорот во однос на објавување на актите за организација и систематизација и вработувањата, согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер*** за која рокот беше **прва половина на 2021 година - континуирано,** а надлежна институција **АСПИ**. Во 2021 година активноста била нереализирана, а од 2022 до 2025 година АСПИ преземала активности и извршила мониторинг на веб страните на повеќе институции поради што активноста се сметала дека е **„во тек"**. И во овој случај, пречки кои го ограничуваат изрекувањето глоби за необјавување на податоците постојат и истите треба да се надминат.

За надминување на **Проблем 2: Неефикасно раководење, управување и надзор кај одделни органи на управата, агенции, јавни претпријатија и АД во државна сопственост, предвидена е Мерка 1: Да се оптимизира бројот на членови во надзорни и управни одбори во ЈП и АД** и две активности.

- **Активноста 1.1. :** ***Утврдување на критериуми (надлежности, приходи/расходи, број на вработени) во Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва во однос на оптимизација на бројот на***

***членови во органите на управување (надзорни и управни одбори),*** за која рокот беше **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција **МЕ (МЕТ)**. Во 2021, 2022 и 2023 година активноста беше „во тек“, затоа што беа донесени измените и дополнувањата на Законот за јавнитепретпријатија, но не и измените и дополнувањата на Законот за трговските друштва. Оваа активност е **„реализирана“** во 2024 година со донесување на Законот за изменување идополнување на ЗТД (Службен весник на РСМ бр. 272/24), со кој се намалува бројот на членови во УО и НО кај друштвата во доминантна или целосна сопственост на државата (НО може да има најмногу 5, а УО најмногу 7 членови).

- ***Активноста 1.2: Усогласување на статутите на ЈП и АД согласно измените во законите***, за која рокот беше **втора половина на 2022 година**, со надлежна институција **Влада** е **„во тек“**, затоа што 13 од вкупно 15 јавни претпријатија основани од Владата веќе ги усогласиле своите статути, додека 2 од јавните претпријатија се во постапка на добивање на согласност од Владата. Во 2024 година изменет е и Законот за трговските друштва, со кој се уредуваат правата, обврските и условите кои треба да ги исполнуваат членовите на Надзорниот одбор, неизвршните членови на Одборот на директори на акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, Одборот на директори, членови на управен одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата.Трговските друштва во државна сопственост сè уште ги немаат усогласено статутите согласно измените на одредбите од овој закон.

За реализација на **Мерка 2: Воведување на критериуми за вид на образование и компетенции при изборот и директори и именувањето на членови на управните и надзорните одбори,** предвидени се две активности.

- ***Активност 2.1: Изменување и дополнување во Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва во насока не пропишување на законска обврска, со Статутот да се предвиди потребниот вид на образование за раководните лица и за членовите на органите на управување, пропишување на процедура за навремено именување на законскиот број на членови на надзорните и управните одбори и пропишување на прекршочни казни за основачот за ненавремено именување на членови или незаконит избор на раководно лице***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција е **МЕТ**. Активноста е **„во тек“**, имајќи предвид дека посочените измени и дополнувања на Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва се донесени, освен во делот на пропишување прекршочни казни за основачот за ненавремено именување на членови или незаконит избор на раководно лице.
- ***Активноста 2.2: Усогласување на Статутите и интерните акти со измените во Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва***, со рок на реализација **втора половина на 2022 година,** надлежна

институција **Влада** е **„во тек“**. Имено, од вкупно 15 јавни претпријатија основани од Владата, 13 ги усогласиле статутите со измените на Законот за јавни претпријатија, додека 2 се во постапка за добивање согласност од Владата. Во однос на измените на Законот за трговските друштва (Сл. весник на РСМ бр. 272/2024), кои почнаа да се применуваат од 7 јануари 2025 година, трговските друштва во државна сопственост сѐ уште ги немаат усогласено своите статути.

За **Проблем 3: Законската регулатива нема воспоставено јасен систем за евалуација на критериумите за селекција во процесот на вработување и унапредување во јавниот сектор** е предвидена **Мерка 1: Воспоставување на јасен и транспарентен процес на евалуација на критериумите за вработувањата и унапредувањата во здравство, образование, култура, социјална заштита и АД во државна сопственост** и ***Активност 1.1.: Пропишување на подзаконски акти за утврдување на објективни критериуми и процес на евалуација за вработување и унапредување во зависност од специфичните потреби на секој сектор одделно***, со рок на реализација **прва половина на 2022 година**, а надлежни институции се **министерствата**, со статусот е **„во тек“** од аспект на преземените активности на **Министерството за здравство**. Имено, формирана е работна група која подготвила нацрт-измени на Законот за здравствена заштита со цел поголема транспарентност при вработувањето на здравствени работници, преку јавно објавување на огласите, рангирање на кандидатите според утврдени критериуми и укинување на дискреционото право на директорот при изборот на кандидат.
За реализација на **Мерка 2: Ограничување на дискреционото право на одговорното лице во процесот на вработување,** предвидени се две активности. ***Активноста 2.1: Анализа на законската регулатива која овозможува дискреционо право на одговорното лице при вработувања,*** за која рокот беше **прва половина на 2021 година**, со надлежна институција **ДКСК** и истата беше **„реализирана“** во предвидениот рок. ***Активност 2.2: Имплементација на наодите од изготвената анализа***, која требаше да биде реализирана во **втора половина на 2022 година** од страна на **МЈА**, е **„нереализирана“**. Имено, иако ДКСК подготви Анализа на законската регулатива која овозможува дискреционо право на одговорното лице при вработувањата, сѐ уште нема информација за имплементација на наодите од истата.




**Слика 7: Вкупен степен на реализација на областа**

Од вкупно 13 активности предвидени за оваа област, 10 активности се предвидени да се реализираат еднократно, а 3 активности се планирани како континуирани за периодот 2021-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 25 активности. Од нив, 4 активности биле реализирани (16%), 13 нереализирани (52%), а 8 биле во тек (32%).




**Слика 8: Статус на реализација на активности по години**




**Слика 9: Статус на активности по институции**

- За MJA се предвидени 14 активности, од кои две се реализирани, а 12 се нереализирани.
- Владата има 2 активности во тек.
- АСПИ има 5 активности од кои една е нереализирана, а 4 се во тек.
- МЕТ има 2 активности, од кои една е реализирана, а другата е во тек.
- МЗ има една активност во тек.
- ДКСК има една активност реализирана во 2021 година.

# 5. СЕКТОР ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

## Опис на секторот

Во однос секторот политички систем во Стратегијата се утврдени следниве шест приоритетни проблеми:

1) Донесување на голем број закони во скратена постапка без соодветно образложение за оправданост за овој вид постапка;
2) Подготвување, предлагање и донесување регулатива без претходно соодветно спроведени квалитетни анализи, проценка на влијанијата и консултативни процеси во функција на заштита на јавниот интерес;
3) Несанкционирање на одбивањето за доставување на изјава за имотна состојба и интереси од лицата кои имаат ваква обврска;
4) Нерегулирана интеракција помеѓу лобистите и претставниците на органите на законодавната и извршната власт, како и функционерите од локалната власт;
5) Недоволна вклученост на функционерите од највисоко ниво во едукативни програми од областа на етиката и интегритетот;
6) Не постои механизам, ниту орган за ефикасно следење на медиумско претставување на учесниците во изборната кампања преку интернет-порталите.

За надминување на овие проблеми, со Акцискиот план на Стратегијата се предвидени седум мерки и осум активности, а за реализација на овие активности надлежни се:

7) Собранието,
8) Владата,
9) ДКСК,
10) МИОА и
11) Министерството за правда (во натамошниот текст: МП).

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот Политички систем, за надминување на шесте приоритетни проблеми се предвидени 7 мерки и 12 активности, од кои 7 активности се еднократни, а една активност е означена да се спроведува континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 12.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Донесување на голем број закони во скратена постапка без соодветно образложение за оправданост за овој вид постапка | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Деловничко утврдување на дефиниција за сложеност и обемност на предлог на закони** | 1.1. Измена на Деловникот за работа на Собранието РСМ | Собрание на РСМ | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 2: Подготвување, предлагање и донесување регулатива често се врши без претходни соодветно спроведени квалитетни анализи, проценка на влијанијата и консултативни процеси во функција на заштита на јавниот интерес** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| 1. **Уредување на ПВР процесот, во насока на негова задолжителност** | 1.1. Донесување нова Методологија за ПВР со обединување на процесите за оценка на спроведување на регулативата и антикорупциска проверка на легислативата | МЈА Влада | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 3: Несанкционирање на одбивањето за доставување на изјава за имотна состојба и интереси од лицата кои имаат ваква обврска** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| 1. **Дефинирање на состојба на “одбивање на пријавување на имотната состојба и интересите“ од страна на лицата кои имаат ваква законска обврска** | 1.1. Измена на ЗСКСИ | МП | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **2. Воспоставување на мерки за утврдување одговорност на лицата кои одбиваат да достават изјава за имотна состојба и интереси** | 2.1. Измена на ЗСКСИ | МП | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **Проблем 4: Нерегулирана интеракција помеѓу лобистите и претставниците на органите на законодавната и извршната власт, како и функционерите од локалната власт** | | | | | | | | |

*Завршен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период 01.01.2021 – 31.12.2025 година*

| Мерка | Активност | Надлежна институција | Рок за реализација | Статус 2021 | Статус 2022 | Статус 2023 | Статус 2024 | Статус 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Воспоставување на правила за регулирање на интеракцијата помеѓу лобистите и претставниците на власта** | 1.1. Донесување на нов закон за лобирање | МП | Прва половна на 2021 година | **Реализирана** | / | / | / | / |
| **Проблем 5: Недоволна вклученост на носителите на извршната власт од највисоко ниво во едукативни програми од областа на етиката и интегритетот** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зајакнување на системот на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво** | 1.1. Донесување на програма за подигање на свест и јакнење на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво | ДКСК Влада | Прва половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** |
| | 1.2.Спроведување на програма за обуки | ДКСК | Прва половина на 2021 година - континуирано | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 6: Не постои механизам, ниту орган за ефикасно следење на медиумско претставување на учесниците во изборната кампања преку интернет порталите** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Надоместокот за рекламирање на интернет порталите да не биде на товар на Буџетот на РСМ.** | 1.1. Измена на Изборниот законик во насока на изземање на интернет порталите за надоместување на трошоците за рекламирање на учесниците во изборните кампањи се до донесување на законска рамка за нивно регулирање | МП | Втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** |

За надминување на **Проблем 1: Донесување на голем број закони во скратена постапка без соодветно образложение за оправданост за овој вид постапка**, предвидена е **Мерка 1: Деловничко утврдување на дефиниција за сложеност и обемност на предлог на закони** и **Активност** ***1.1: Измена на Деловникот за работа на Собранието на РСМ***. За реализација оваа активност рокот беше **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција е **Собранието**. Конечниот статус на оваа активност е **„нереализирана“**, од причина што, иако Собранието во 2023 година донесе нов Деловник за работа, во истиот не е утврдена дефиниција за сложеност и обемност на предлог на закони.

За надминување на **Проблем 2: Подготвување, предлагање и донесување регулатива често се врши без претходни соодветно спроведени квалитетни анализи, проценка на влијанијата и консултативни процеси во функција на заштита на јавниот интерес**, предвидена е на **Мерка 1: Уредување на процесот за проценка на влијание на регулативата (ПВР), во насока на негова задолжителност** и ***Активност 1.1: Донесување нова Методологија за ПВР со обединување на процесите за оценка на спроведување на регулативата и антикорупциска проверка на легислативата***, за која рокот беше **втора половина на 2021 година**, а носител е **МИОА (МЈА)**, кое нема преземено конкретни активности во насока на реализација на оваа активност и истата се смета за **„нереализирана“**.

Во однос на **Проблем 3: Несанкционирање на одбивањето за доставување на изјава за имотна состојба и интереси од лицата кои имаат ваква обврска**, предвидени се две мерки.
**Мерка 1: Дефинирање на состојба на “одбивање на пријавување на имотната состојба и интересите“ од страна на лицата кои имаат ваква законска обврска** и ***Активност 1.1: Измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите***. Рокот за реализација беше **прва половина на 2022 година**, а носител е **МП**. Оваа активност е **„во тек“**, а МП известува дека Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е во владина процедура.

За **Мерка 2: Воспоставување на мерки за утврдување одговорност на лицата кои одбиваат да достават изјава за имотна состојба и интереси** предвидена е ***Активноста 2.1: Измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите***, за која рокот беше **прва половина на 2022 година**, а носител е **МП**. Оваа активност, исто така, е **„во тек“**, и е опфатена со горенаведениот Предлог на закон за изменување и дополнување на ЗСКСИ.

За надминување на **Проблем 4: Нерегулирана интеракција помеѓу лобистите и претставниците на органите на законодавната и извршната власт, како и функционерите од локалната власт** предвидена е **Мерка 1: Воспоставување на правила за регулирање на интеракцијата помеѓу лобистите и претставниците**

**на власта**, со ***Активност 1.1: Донесување на нов закон за лобирање***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2021 година**, а носител е **МП**. Активноста била **„реализирана“** во предвидениот рок.

За **Проблем 5: Недоволната вклученост на носителите на извршната власт од највисоко ниво во едукативни програми од областа на етиката и интегритетот** предвидена е **Мерка 1: Зајакнување на системот на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво,** која има две активности.

- ***Активноста 1.1: Донесување на програма за подигање на свест и јакнење на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво***, за која рокот беше **прва половина на 2021 година**, надлежна институција е **ДКСК,** а активноста е **„нереализирана“.** Имено, во рамки на стратешката определба за јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор, ДКСК во текот на 2024 година ја идентификуваше потребата од систематско и континуирано унапредување на политичката одговорност на носителите на извршната власт од највисоко ниво. Ова произлегува од оценките дека превенцијата на корупцијата и управувањето со судирот на интереси не можат да бидат одржливи без јасна демонстрирана политичка волја и личен пример од врвот на извршната власт. Во таа насока, беа иницирани повеќе циклуси на обуки, тематски работилници и тркалезни маси со именувани лица согласно ЗСКСИ, со посебен фокус на: градоначалниците и носителите на функции во локалната самоуправа (со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје) и именуваните лица од централната власт (со поддршка од проектот „Партнерство против корупција“, финансиран од УСАИД). Овие активности имаа за цел подигнување на свеста за личната одговорност, управувањето со ризици од судир на интереси, транспарентноста во одлучувањето и улогата на интегритетот како предуслов за јавна доверба. Меѓутоа, во текот на 2025 година не се обезбеди континуитет во реализацијата на предметните активности, пред сè поради промена на приоритетите во рамки на донаторската поддршка и завршување на проектните активности. Соработката со ОБСЕ во овој период беше насочена кон директна работа со лицата за интегритет во институциите, додека проектот поддржан од УСАИД беше затворен, што резултираше со намалена институционална и финансиска поддршка за активности насочени кон носителите на извршната власт од највисоко ниво. Оттука, искуството од 2024 година и отсуството на континуитет во 2025 година јасно ја потврдуваат потребата овие активности да се институционализираат преку формално донесување на посебна програма за подигање на свеста и јакнење на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво, наместо нивно спроведување исклучиво на проектна основа. Воспоставувањето на ваква програма ќе обезбеди:системски пристап наместо ад-хок активности, редовна и задолжителна едукативна компонента,јасна поврзаност со стратешките цели за зголемување на политичката одговорност и видлива демонстрација на политичка волја во насока на зајакнување на интегритетот.

- ***Активноста 1.2. Спроведување на програма за обуки*** за која рокот, исто така, беше **прва половина на 2021 година – континуирано** и надлежна институција е **ДКСК** се смета за **„нереализирана“**. Истата беше реализирана само во 2024 година. Во текот на 2025 година не беа спроведени обуки насочени исклучиво кон носителите на извршната власт од највисоко ниво, поради отсуство на институционализирана програма и прекин на проектната поддршка која во претходниот период овозможуваше организација на вакви активности. Овој факт дополнително ја нагласува потребата од воспоставување формална програма и предвидување на буџетски и организациски ресурси за нејзина континуирана реализација.Во извештајниот период не се регистрирани функционери од највисоко ниво на извршната власт кои биле опфатени со посебна програма за обука од областа на интегритетот и етиката. Искуствата од претходните години покажуваат дека интересот и вклученоста во вакви активности се значително повисоки кога постои јасна институционална рамка, политичка поддршка и формализирана обврска за учество. Оттука, во наредниот стратешки период е неопходно да се воспостави механизам кој ќе обезбеди систематска и мерлива вклученост на функционерите од највисоко ниво.

За **Проблем 6: Не постои механизам и орган за ефикасно следење на медиумско претставување на учесниците во изборната кампања преку интернет порталите,** е предвидена **Мерка 1: Надоместокот за рекламирање на интернет порталите да не биде на товар на Буџетот на РСМ** , со ***Активност 1.1: Измена на Изборниот законик во насока на изземање на интернет порталите за надоместување на трошоците за рекламирање на учесниците во изборните кампањи се до донесување на законска рамка за нивно регулирање.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година,** надлежна институција е **МП**, а статусот на истата е **„во тек“**. МП извести дека во 2025 година подготвила измени на Изборниот законик, во кои биле инкорпорирани дел од препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Воедно, МП извести дека во втората половина на јануари 2026 година ќе формира работна група заради потребата од системско и сеопфатно уредување на Изборниот законик, во рамки на која ќе бидат разгледани сите актуелни прашања и препораки од домашните и меѓународните организации, вклучително и мерките предвидени со Стратегијата.




**Слика 10: Вкупен степен на реализација во секторот**

Од вкупно 12 активности во Стратегијата за секторот политички систем (било предвидено една активност да се спроведува континуирано од 2021 до 2025 година), 2 активности се реализирани (17%), 6 активности се нереализирани (50%), а 4 активности се во тек (33%).




**Слика 11: Статус на реализација на активности по години**




**Слика 12: Статус на реализација на активности по институции**

- За MJA е предвидена една активност, која е нереализирана.
- Собранието на РСМ има една нереализирана активност.
- МП има 4 активности, од кои една е реализирана, а три се во тек.
- ДКСК има 6 активности, од кои една е реализирана, четири се нереализирани, а една е во тек.

# 6. СЕКТОР ПРАВОСУДСТВО

## Опис на секторот

| Приоритетни проблеми во секторот правосудство се: |
|---|
| 1) Недоволно ефикасен систем за јакнење на интегритетот во судството и јавното обвинителство;<br>2) Недоволни материјални и кадровски ресурси, отсуство на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите во јавното обвинителство и недоволна транспарентност во работата на Советот на јавните обвинители;<br>3) Недоволна ефикасност и транспарентност во работата на Државното правобранителство |

| Надлежни институции за реализација на мерките и активностите за надминување на проблемите во секторот правосудство се: |
|---|
| 4) МП<br>5) МФ<br>6) Јавно обвинителство на Република Северна Македонија (во натамошниот текст ЈОРСМ)<br>7) Државно правобранителство(во натамошниот текст ДП)<br>8) Академија за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст АСЈО) и<br>9) Здружение на јавни обвинители. |

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот Правосудство, за надминување на трите приоритетни проблеми се предвидени 7 мерки и 14 активности, од кои 10 активности се еднократни, а 4 активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 30.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Недоволно ефикасен систем за јакнење на интегритетот во судството и јавното обвинителство | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Дополнување на Кодексот на јавните обвинители со коментари и примери** | 1.1. Предлагање на коментари и примери за Кодексот од страна на Здружението на јавни обвинители | Здружението на јавни обвинители | втора половина на 2021 година | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 1.2. Усвојување на дополнувањето на Кодексот на јавните обвинители | ЈОРСМ | втора половина на 2021 година | **Реализирана** | / | / | / | / |
| **2. Спроведување на задолжителни обуки за судиите и јавните обвинители заради имплементација на кодексите за професионално однесување** | 2.1. Донесување на програми за задолжителни обуки за професионално однесување на судиите и обвинителите | АСЈО | втора половина на 2021 година | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 2.2. Спроведување на обуки од страна на Академијата за судии и јавни обвинители | АСЈО | втора половина на 2021 година и континуирано | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** |
| **3. Спроведување проценка на ризиците од корупција во правосудството** | 3.1. Формирање на експертска работна група за проценка на ризиците од корупција во правосудството | ДКСК | прва половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Реализирана** | / | / | / |
| | 3.2. Изготвување на длабинска анализа и оценка на факторите кои генерираат корупција во правосудството | ДКСК | втора половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Во тек** | **Реализирана** | / | / |
| **Проблем 2: Недоволни материјални и кадровски ресурси, отсуство на автоматизиран систем за распределба на предметите и нивно следење во јавното обвинителство и недоволна транспарентност во работата на Советот на јавните обвинители** | | | | | | | | |

*Завршен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период 01.01.2021 – 31.12.2025 година*

| Мерка | Активност | Надлежна институција | Рок за реализација | Статус 2021 | Статус 2022 | Статус 2023 | Статус 2024 | Статус 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Кадровско екипирање на јавните обвинителства согласно постојните систематизации на работните места** | 1.1. Зголемување на буџетски средства на ЈО за нови вработувања | МФ | втора половина на 2021 година | Во тек | Во тек | Нереализирана | Во тек | Нереализирана |
| | 1.2. Спроведување на обуки за нови јавни обвинители | АСЈО | 2021, Континуирано | Реализирана | Реализирана | Реализирана | Реализирана | Реализирана |
| **2. Формирање на истражни центри во рамките на јавните обвинителства** | 2.1. Обезбедување на буџетски средства за истражните центри | МФ | 2021, Континуирано | Во тек | Реализирана | Нереализирана | Нереализирана | Реализирана |
| | 2.2. Донесување на одлука за формирање на истражните центри | ЈОРСМ | 2021, Континуирано | Во тек | Реализирана | Реализирана | Во тек | Реализирана |
| **3. Воспоставување на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите во јавното обвинителство** | 3.1. Анализа на процесот на менаџирање со предметите во ЈОРСМ | ЈОРСМ | прва половина на 2021 година | Реализирана | / | / | / | / |
| | 3.2. Набавка на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите | ЈОРСМ | прва половина на 2022 година | Недоспеана | Нереализирана | Нереализирана | Во тек | Во тек |
| | 3.3. Обука на кадар за негово користење | ЈОРСМ | втора половина на 2022 година | Недоспеана | Нереализирана | Нереализирана | Нереализирана | Нереализирана |
| **Проблем 3: Недоволна ефикасност и недоволна транспарентност во работата на Државното правобранителство** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зголемување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на Државното правобранителство** | 1.1. Донесување на нов закон за државно правобранителство | МП | втора половина на 2022 година | Недоспеана | Нереализирана | Нереализирана | Во тек | Во тек |

За надминување на **Проблем 1: Недоволно ефикасен систем за јакнење на интегритетот во судството и јавното обвинителство, Мерка 1: Дополнување на Кодексот на јавните обвинители со коментари и примери** **опфаќа две активности:**

- ***Активност 1.1: Предлагање на коментари и примери за Кодексот од страна на Здружението на јавни обвинители во надлежност на Здружението на јавни обвинители***
- **Активност 1.2: Усвојување на дополнувањето на Кодексот на јавните обвинители** во надлежност на **Здружението на јавни обвинители** и **ЈОРСМ** за кои рокот беше **втора половина на 2021 година** и двете беа **„реализирани"** во утврдениот рок.

Предвидената **Мерка 2: Спроведување на задолжителни обуки за судиите и јавните обвинители заради имплементација на кодексите за професионално однесување** опфаќа две активности.

- ***Активност 2.1: Донесување на програми за задолжителни обуки за професионално однесување на судиите и обвинителите*** со рок **втора половина на 2021 година** во надлежност на **АСЈО** беше **„реализирана"** во соодветниот рок.
- ***Активноста 2.2: Спроведување на обуки од страна на Академијата за судии и јавни обвинители***, во надлежност на **АСЈО** со рок на реализација во **2021 година и континуирано,** е **„реализирана"** во петгодишниот период. Имено, АСЈО во периодот од 2021 до 2025 година реализирана околу 80 тематски обуки, со значителен број и разновидност на учесници од правосудниот систем. Реализацијата на оваа активност е во насока на активен и функционален пристап кон унапредување на професионалните и етичките стандарди.

За **Мерката 3: Спроведување проценка на ризиците од корупција во правосудството**, предвидени се две активности, и тоа:

- ***Активност 3.1: Формирање на експертска работна група за проценка на ризиците од корупција во правосудството***, со рок на реализација **прва половина на 2022 година**, а за која е надлежно **ДКСК**. Активноста е навремено **„реализирана"**.
- ***Активност 3.2: Изготвување на длабинска анализа и оценка на факторите кои генерираат корупција во правосудството*** со рок на реализација **втора половина на 2022 година**, исто така во надлежност **ДКСК** беше **„реализирана"** во 2023 година со јавно презентирање на Извештајот со наоди по спроведената длабинска анализа од страна на експертската работна група. Извештајот за Проценка на ризици од корупција во правосудството е објавен на веб страницата на ДКСК.

За надминување на **Проблем 2: Недоволни материјални и кадровски ресурси, отсуство на автоматизиран систем за распределба на предметите и нивно следење во јавното обвинителство и недоволна транспарентност во работата на Советот на јавните обвинители** предвидени се три мерки. **Мерка 1: Кадровско екипирање на јавните обвинителства согласно постојните систематизации на работните места,** со две активности.

- ***Активност 1.1: Зголемување на буџетски средства на ЈО за нови вработувања***, со рок за реализација **втора половина на 2021 година**, во надлежност на **МФ,** се оценува како **„нереализирана“**. Имено, според доставениот извештај за 2025 година, МФ дало негативно мислење на Годишниот план за вработување во ЈОРСМ за 2025 година поради фискалните импликации, а ревидиран план за 2025 година не бил доставен до МФ.
- ***Активност 1.2: Спроведување на обуки за нови јавни обвинители***, која е во надлежност на **АСЈО** и со рок на реализација **2021 - континуирано**. Активноста тековно била **„реализирана“** во целиот петгодишен период. Согласно доставените извештаи од АСЈО, во периодот од 2021 до 2025 година биле одржани четири еднодневни и/или повеќедневни обуки, на кои земале учество вкупно 59 новоизбрани јавни обвинители.

За **Мерката 2: Формирање на истражни центри во рамките на јавните обвинителства,** во извештајниот период се реализираа две активности.

- **Активност 2.1: Обезбедување на буџетски средства за истражните центри**, која е во надлежност на **МФ** и е предвидена како **2021-континуирана**. Активноста во 2021 година се сметала дека е во тек, во 2023 и 2024 била нереализирана, додека во 2022 и 2025 година имала статус на реализирана.
- ***Активност 2.2: Донесување на одлука за формирање на истражните центри***, со рок за реализација **2021-континуирана**, во надлежност на **ЈОРСМ** била означена дека е во тек во 2021 и 2024 година, а во 2022, 2023 и 2025 година била **„реализирана“. Имено,** во целокупниот петгодишен период на спроведување на Стратегијата, ЈОРСМ има формирано или ставено во функција вкупно шест истражни центри и тоа во: ОЈО Скопје, ОЈО Куманово, ОЈО Тетово, ОЈОГОКК (формирани со одлука од 2018 година, а екипирани и ставени во функција во извештајниот период), ОЈО Штип и ОЈО Битола (формирани со одлука во 2025 година).

За **Мерката 3: Воспоставување на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите во јавното обвинителство** се предвидени три активности.

- ***Активност 3.1: Анализа на процесот на менаџирање со предметите во ЈОРСМ*** со рок за реализација **втора половина на 2021 година**, во надлежност на **ЈОРСМ**, беше **„реализирана“** во утврдениот рок.
- ***Активност 3.2: Набавка на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите***, предвидена за **прва половина на 2022 година** во надлежност на **ЈОСРМ**. Конечниот статус на оваа активност е „во тек“. Имено,

ЈОРСМ на 10.02.2022 година донело Правилник за распределба на предметите во јавните обвинителства преку систем за електронска распределба на предмети. Во недостаток на буџетски средства за набавка на ситемот за автоматизирана распределба и следење на предметите, ЈОРСМ преку проектот „ЕУ поддршка за владеење на правото", обезбедило средства за нов систем за електронско управување со предметите и во 2025 година бил распишан тендер за избор на фирма која ќе го работи софтверското решение. Иако финанситањето на системот е во рамки на ИПА фондовите, во рамките на проектот предвидено е делумно државно ко-финансирање кое заклучно со декември 2025 година не било обезбедено.

- ***Активност 3.3: Обука на кадар за негово користење***, предвидена за **втора половина на 2022 година** во надлежност на **ЈОРСМ** е поврзана со претходната активност, односно набавка на систем која сѐ уште не е реализирана во целост, и поради тоа оваа активност се смета за **„нереализирана"**.

За **Проблем 3: Недоволна ефикасност и недоволна транспарентност во работата на Државното правобранителство,** е предвидена **Мерката 1: Зголемување на ефикасноста и транспарентноста во работењето на Државното правобранителство**, со ***Активност 1.1: Донесување на нов закон за државно правобранителство***, за која рокот беше **втора половина на 2022 година**, во надлежност на **МП.** Согласно доставените извештаи, оваа активност сметано од 2024 година е со статус „**во тек**", со оглед дека сеуште не е донесен нов Закон за државно правобранителство, кој бил подготвен и прикачен на ЕНЕР.




**Слика 13: Вкупен степен на реализација во секторот**

**Од вкупно 14 активности предвидени за овој сектор, 10 активности се предвидени да се реализираат еднократно, а 4 активности се планирани како континуирани за периодот 2021-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 30 активности. Од нив, 21 активност**

биле реализирани (70%), 4 активности се нереализирани (13%), а 5 активности се во тек (17%).




Слика 14: Статус на вкупна реализација на активности по години




Слика 15: Статус на активности по институции

- За ЗЈО е предвидена една активност, која е реализирана во 2021 година.
- За МП е предвидена една активност која е во тек.
- За ЈОРСМ предвидени се 9 активности, од кои пет активности се реализирани, една активност е нереализирана и три се во тек.
- МФ има 6 активности од кои две се реализирани, три се нереализирани и една е во тек.
- ДКСК има 2 реализирани активности.
- АСЈО има 11 реализирани активности.

# 7. СЕКТОР ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

## Опис на секторот

Во однос на органите за спроведување на законот во Стратегијата се утврдени следниве седум проблеми:

1) Големи дискрециони овластувања на одговорните лица и нетранспарентност при вработувања и унапредувања во МВР;
2) Неефикасен систем за утврдување на професионална одговорност во органите за спроведување на законот;
3) Нејасно и непрецизно утврдени надлежностии преклопување на надлежностите на инспекторатите;
4) Субјективно и несоодветно постапување на инспекторите при исполнување на нивната надлежност;
5) Недоволно функционален инспекциски надзор во локалната самоуправа;
6) Раководството на институциите не ги спроведува препораките од внатрешната ревизија и ДЗР;
7) Влијание на одговорните лица во јавните институции врз независноста на внатрешната ревизија;

За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемите во секторот органи за спроведување на законот надлежни се следните институции:

8) Владата;
9) Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: МВР);
10) МФ;
11) Управа за финансиска полиција (во натамошниот текст: УФП);
12) Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: УФР);
13) МПЧ
14) Царинската управа (во натамошниот текст: ЦУ);
15) ДКСК;
16) Инспекцискиот совет (во натамошниот текст: ИС);
17) Министерствата;
18) МИОА/MJA;
19) Државниот управен инспекторат (во натамошниот текст: ДУИ) и
20) Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст: ДЗР).

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот Органи за спроведување на законот, за надминување на седумте приоритетни проблеми се предвидени 13 мерки и 21 активности, од кои 20 активности се еднократни, а една активност е означена да се спроведува континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 25.** Врз основа на спроведената

анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Дискрециони овластувања на одговорните лица и нетранспарентност при вработувања и унапредувања во МВР | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воспоставување на транспарентност во постапката за вработување и унапредување во МВР, освен за вработувањата што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи** | 1.1 Измена на Закон за внатрешни работи | МВР | прва половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Реализирана** | / | / | / |
| **2. Да се обезбеди транспарентност на актите за организација и систематизација на работните места во МВР и нивно објавување на интернет страната на МВР, освен за работните места што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи** | 2.1. Декласификација на актите за организација и систематизација на работните места во МВР | МВР | прва половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 2: Неефикасен систем за утврдување на професионална одговорност во органите за спроведување на законот** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воведување на посебна** | 1.1 Измена на Закон за финансиска полиција | МФ | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **организациска единица за внатрешна контрола и професионални стандарди во УФР и УФП** | 1.2 Усогласувања на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во УФР и УФП | УФП УФР | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |
| **2. Унапредување на процесот на дисциплинските постапки во МВР** | 2.1 Хармонизација на интерните акти со „Стратегија за унапредување и подобрување на дисциплинските постапки 2020-2022“ | МВР | втора половина на 2021 година | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **3. Воведување на статус на правосудна полиција на вработените во Секторот за професионална одговорност при Царинската управа (согласно Законот за кривична постапка чл.46, 47)** | 3.1 Измена и дополнување на Закон за кривична постапка член 47 став 2 во опфатот на кривични дела односно да се дополни надлежноста на припадниците на правосудна полиција при ЦУ и со кривичните дела од областа на корупцијата извршени од страна на вработени во ЦУ. | МП | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 3.2 Измена и дополнување на Законот за Царинската управа (усогласување со измената на ЗКП). | МФ | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 3.3 Измена и дополнување на Правилниците за систематизација и организација на Царинската управа | ЦУ | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (усогласување со измената на ЗКП и ЗЦУ). | | | | | | | |
| **4. Воведување на обврска царинските службеници да поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси и промена во имотната состојба и интереси** | 4.1 Измена и дополнување на Закон за спречување на корупција и судир на интереси во насока на допрецизирање на одредбата од член 83. | МП | прва половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 4.2 Измена и дополнување на Законот за Царинската управа (усогласување со изменетиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси). | ЦУ | прва половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Реализирана** | / | / | / |
| **Проблем 3: Нејасно и непрецизно утврдени надлежности и преклопување на надлежностите на инспекторатите** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | |
| **1. Прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби.** | 1.1 Анализа на законските надлежности на инспекциските служби | ИС | прва половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 1.2 Измена на законите во кои со анализата се утврдени непрецизни надлежности или нивно преклопување со другите инспекции | Надлежни министерства | втора половина на 2022 година | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 4: Субјективно и несоодветно постапување на инспекторите при исполнување на нивната надлежност** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Зајакнување на интегритетот на инспекциските служби.** | 1.1 Изработка на Методологија за проценка на ризици од корупција во инспекциските служби. | МИОА | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 1.2 Подготовка на анализа на ризиците од корупција во инспекциските служби | МИОА | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / |
| **2. Да се пропише обврска инспекторите да пријавуваат имотна состојба и интереси до Инспекцискиот совет** | 2.1 Измена на материјалните закони кои се однесуваат на инспекциските служби заради воспоставување на обврска за пријавување на имотна состојба и интереси | МИОА, ИС, ресорни министерства | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **3. Пропишување на дисциплинска одговорност за непријавување на имотна состојба и интереси од страна на инспекторите.** | 3.1 Да се дополнат материјалните закони за инспекциските служби со пропишување на дисциплински мерки за неподнесување на изјави | МИОА, ИС, ресорни министерства | втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 5: Недоволно функционален инспекциски надзор во локалната самоуправа** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зајакнување на инспекциските служби во ЕЛС со овластени инспектори** | 1.1 Спроведување на континуиран инспекциски надзор од страна на Државниот управен | ДУИ | 2021, континуирано | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | инспекторат во ЕЛС во однос на исполнување на законската обврска за вработување на овластени инспектори | | | | | | | |
| **Проблем 6: Одговорните или раководните лица на институциите не ги спроведуваат препораките предложени од внатрешната ревизија и ДЗР** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Да се воспостави ефикасен систем за известување за не/спроведување на препораките од внатрешната ревизија и ДЗР до повисоките органи за надзор и контрола** | 1.1 Измена на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола | МФ | прва половина на 2021 година | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / |
| | 1.2 Измена на Закон државна ревизија | МФ | прва половина на 2021 година | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |
| **Проблем 7: Влијание на одговорните лица во јавните институции врз независноста на внатрешната ревизија** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Обезбедување на независност во работата на внатрешната ревизија преку формирање на посебна единица во Министерството за финансии** | 1.1 Измена на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола | МФ | прва половина на 2023 година | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| | 1.2 Измена на акт за организација и систематизација на Министерство за финансии | МФ | втора половина на 2023 година | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Во тек** | **Реализирана** | / |

За надминување на **Проблем 1: Дискрециони овластувања на одговорните лица и нетранспарентност при вработувања и унапредувања во МВР** се предвидува **Мерка 1. Воспоставување на транспарентност во постапката за вработување и унапредување во МВР, освен за вработувањата што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи** и опфаќа една ***Активност 1.1: Измена на Закон за внатрешни работи*** за која рокот беше **прва половина на 2022 година**, а надлежна институција **МВР**. Оваа активност е **„реализирана"** со донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22).

**Мерката 2. Да се обезбеди транспарентноста на актите за организација и систематизација на работните места во МВР и нивно објавување на интернет страната на МВР, освен за работните места што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи** ја опфаќа ***Активноста 2.1: Декласификација на актите за организација и систематизација на работните места во МВР*** *со* рокот за реализација **прва половина на 2022 година**, во надлежност на **МВР**. Конечниот статус на оваа активност е **„нереализирана"**. **Во периодот од доспевање на активноста, до 2025 година** МВР не ги презела сите потребни активности за Декласификација на актите за организација и систематизација на работните места. Притоа, во 2025 година Собранието донесе нов Закон за внатрешни работи („Службен весник на РСМ" бр. 160/25), кој е се одложена примена и истиот во преодни и завршни одредби предвидува донесување на неколку подзаконски акти, меѓу кои и актите за организација и систематизација на работните места во МВР. ДКСК препорачува при донесување на актите за организација и систематизација на работните места во МВР, да води сметка за исполнување на обврските од оваа мерка.

За **Проблем 2: Неефикасен систем за утврдување на професионална одговорност во органите за спроведување на законот** е предвидена **Мерката 1. Воведување на посебна организациска единица за внатрешна контрола и професионални стандарди во УФР и УФП**, која опфаќа две активности.

- ***Активност 1.1: Измена на Закон за финансиска полиција***, со рокот **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција **МФ**. Конечниот статус на оваа активност е „**во тек**", со оглед на тоа дека заклучно со декември 2025 година, сеуште не била завршена постапката за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска полиција.
- ***Активност 1.2: Усогласувања на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во УФР и УФП***. Рок за оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, надлежна институција е **УФП**. УФП известува дека со предлог законот за дополнување и измена на Законот за финансиската полиција е предвидена одредба за воведување на посебна организациона единица за внатрешна контрола во Управата за финансиска полиција. Предлог законот за дополнување и измена на Законот за финансиската полиција е доставен до МФ на понатамошно разгледување и

постапување. УФР ја има исполнето оваа активност во 2022 година. Активноста се оценува како **„во тек**“.

**Мерка 2. Унапредување на процесот на дисциплинските постапки во МВР** опфаќа една ***Активност 2.1: Хармонизација на интерните акти со „Стратегија за унапредување и подобрување на дисциплинските постапки 2020-2022*** , со рок **втора половина на 2021 година**, за која е надлежно **МВР**. Конечниот статус на оваа активност е „**во** тек“, со оглед дека во периодот од 2021 година, МВР во континуитет преземала активности за спроведување на стратешките определби на Министерството во областа на дисциплински постапки, но заклучно со декември 2025 година, истите сеуште не биле завршени во целост.

**Мерка 3. Воведување на статус на правосудна полиција на вработените во Секторот за професионална одговорност при Царинската управа (согласно Законот за кривична постапка чл.46, 47)**, опфаќа три активности.

- ***Активност 3.1: Измена и дополнување на Закон за кривична постапка член 47 став 2 во опфатот на кривични дела односно да се дополни надлежноста на припадниците на правосудна полиција при ЦУ и со кривичните дела од областа на корупцијата извршени од страна на вработени во ЦУ***, со рокот **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција **МП**. Конечен статус на активноста е „**нереализирана“**, имајќи во предвид дека предложените измени не биле прифатени од страна на работната група за изготвување на Законот за кривичната постапка, од причина што истите биле спротивни со воведениот надворешен контролен механизам за работа на полицијата и органите за спроведување на законот.

- ***Активност 3.2: Измена и дополнување на Законот за Царинската управа (усогласување со измената на ЗКП)***, со рок за реализација **втора половина на 2021 година** во надлежност на **МФ**. Конечниот статус на активноста е **„нереализирана“**, бидејќи истата е предусловена од реализација на активноста 3.1.

- ***Активност 3.3: Измена и дополнување на Правилниците за систематизација и организација на Царинската управа (усогласување со измената на ЗКП и ЗЦУ)***, со рок за реализација **втора половина на 2021 година** во надлежност на **ЦУ.** Конечниот статус на активноста е **„нереализирана“**, бидејќи исто така е поврзана со активноста 3.1.

**Мерка 4. Воведување на обврска царинските службеници да поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси и промена во имотната состојба и интереси,** има две активности.

- ***Активност 4.1: Измена и дополнување на Закон за спречување на корупција и судир на интереси во насока на допрецизирање на одредбата од член 83***, со рок **прва половина на 2022 година,** во надлежност на **МП,** за која завршниот статус е **„во тек“.** Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси бил во владина процедура, заклучно со декември 2025 година.

- ***Активност 4.2: Измена и дополнување на Законот за Царинската управа (усогласување со изменетиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси)*** со рок **втора половина на 2022 година**, во надлежност на **МФ** е **„реализирана"** во предвидениот рок.

За **Проблем 3: Нејасно и непрецизно утврдени надлежности и преклопување на надлежностите помеѓу инспекторатите,** е предвидена **Мерка 1: Прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби,** со две активности.

- ***Активност 1.1: Анализа на законските надлежности на инспекциските служби***, со рок **прва половина на 2022 година** во надлежност на **ИС, за** која завршниот статус е **„во тек"**, од причина што од вкупно 28 инспекциски служби, во извештајниот период, само 18 инспекциски служби доставиле податоци до ИС, а од нив 13 детектирале преклопувања на прописите, а 5 инспекциски служби не детектирале преклопувања на прописите по кои постапуваат.
- ***Активност 1.2: Измена на законите во кои со анализата се утврдени непрецизни надлежности или нивно преклопување со другите инспекции,*** со рок **втора половина на 2022 година**, во надлежност на **ресорните министерства**. Од причина што во Акцискиот плкан на Стратегијата за оваа активност нема одредено надлежна институција, истата е означена како **„нереализирана"**.

**Проблем 4: Субјективно и несоодветно постапување на инспекторите при исполнување на нивната надлежност**, опфаќа три мерки. **Мерка 1: Зајакнување на интегритетот на инспекциските служби,** ја предвидува ***Активноста 1.1: Изработка на Методологија за проценка на ризици од корупција во инспекциските служби***, со рокот за реализација **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција е **МИОА (МЈА)**. Конечниот статус на оваа активност е **„нереализирана"**.МЈА во континуитет известувала дека активноста е реализирана, упатувајќи дека во инспекциските служби инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот кој се прави врз основа на Законот за инспекциски надзор. По извршената анализа на извештаите, ДКСК констатира дека одредбите од Законот за инспекцсики надзор се однесуваат на донесување на методологија за проценка на ризик која се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба, додека Методологијата за проценка на ризици од корупција во инспекциските служби која е предвидена со активноста 1.1. од оваа мерка е различна од наведените методологии што инспекциските служби ги донеле согласно Законот за инспекциски надзор.

**Активноста 1.2. Подготовка на анализа на ризиците од корупција во инспекциските служби,** со рок за реализација 2021 година и надлежна институција МЈА, е означена како „**реализирана"** иако истата не го следи патот на предвидените активности во рамки на оваа мерка. Имено, во рамки на Проектот на УСАИД за

граѓанско учество, активноста - Техничка помош за инспекциските реформи, една од предвидените активности коишто се спровеле е изработка на документот „Анализа на потенцијални жешки точки за појава на корупција во работењето на инспекциските служби", документ во кој се се идентификувани коруптивни точки кај три избрани инспекторати (Државен инспекторат за животна средина, Државен санитарен и здравствен инспекторат и Државен пазарен инспекторат), а врз основа на добиените податоци била подготвена листа на т.н. „жешки точки" за појава на корупција во инспекцискиот надзор на генерално ниво во Република Северна Македонија со препораки за нивно надминување во сите инспекциски служби.

**Мерка 2: Да се пропише обврска инспекторите да пријавуваат имотна состојба и интереси до Инспекцискиот совет** предвидува ***Активност 2.1: Измена на материјалните закони кои се однесуваат на инспекциските служби заради воспоставување на обврска за пријавување на имотна состојба и интерес***, со рок **втора половина на 2021 година**, во надлежност на **МИОА (МЈА),** која има конечен статус **„нереализирана"**. Во 2025 година донесен е нов Закон за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр.135/25) кој започнува со примена од 1 јануари 2026 година. Исто како и во претходниот закон и во новиот не се предвидени одредби за воспоставување обврска за инспекторите да ја пријавуваат имотната состојба и интересите.

**Мерка 3: Пропишување на дисциплинска одговорност за непријавување на имотна состојба и интереси од страна на инспекторите,** исто така опфаќа една ***Активност 3.1: Да се дополнат материјалните закони за инспекциските служби со пропишување на дисциплински мерки за неподнесување на изјави***, со рок **втора половина на 2021 година** во надлежност на **МИОА (МЈА),** со завршен статус **„нереализирана"**. Активноста е условена од исполнување на активноста 2.1. од Мерка 2.

За надминување на **Проблем 5: Недоволно функционален инспекциски надзор во локалната самоуправа,** се предвидува **Мерка 1: Зајакнување на инспекциските служби во ЕЛС со овластени инспектори** и ***Активност 1.1: Спроведување на континуиран инспекциски надзор од страна на Државниот управен инспекторат во ЕЛС во однос на исполнување на законската обврска за вработување на овластени инспектори***, со рок **2021 година и континуирано**, во надлежност на **ДУИ**, која сите пет години била со статус **„реализирана"**.

**Проблем 6: Одговорните или раководните лица на институциите не ги спроведуваат препораките предложени од внатрешната ревизија и ДЗР,** се адресира со **Мерка 1: Да се воспостави ефикасен систем за известување за не/спроведување на препораките од внатрешната ревизија и ДЗР до повисоките органи за надзор и контрола** и две активности:

- ***Активност 1.1.: Измена на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола***, со рок **прва половина на 2021 година**, во надлежност на **МФ**. Активноста била **„реализирана"** во 2025 година, со донесување на Закон за

системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.255/24).

- ***Активност 1.2: Измена на Закон за државна ревизија***, со рок **прва половина на 2021 година** во надлежност на **МФ.** Оваа активност има статус **„во тек“**, со оглед дека Предлогот на закон за државната ревизија е во меѓусекторска координација во МФ и истиот не е финализиран.

За **Проблем 7: Влијание на одговорните лица во јавните институции врз независноста на внатрешната ревизија**, се предвидува **Мерка 1: Обезбедување на независност во работата на внатрешната ревизија преку формирање на посебна единица во Министерството за финансии**, со две активности.

- ***Активност 1.1: Измена на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола***, во надлежност на **МФ**, со рок за реализација **прва половина на 2023 година**. Согласно извештајот, оваа активност е **„реализирана“**, односно во 2025 година донесен е нов Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор .
- ***Активност 1.2: Измена на акт за организација и систематизација на Министерство за финансии***, во надлежност на **МФ**, за кои рокот е **втора половина на 2023 година**. Истата е **„реализирана“** со реализација на активноста 1.1.




**Слика 16: Вкупен степен на реализација во секторот**

**Од вкупно 21 активности предвидени за овој сектор, 20 активности се предвидени да се реализираат еднократно, а 1 активност е планирана како континуирана за периодот 2021-2025 година, што значи дека за посочениот**

петгодишен период евалуирани се вкупно 25 активности. Од нив, 11 активности биле реализирани (44%), 8 нереализирани (32%), а 6 биле во тек (24%).




**Слика 17: Статус на реализација на активности по години**




**Слика 18: Статус на активности по институции**

- За МЈА се предвидени 4 активности, од кои една е реализирана, а три се нереализирани.
- За МВР се предвидени 3 активности, од кои една е реализирана, една е нереализирана, а една е во тек.
- За МП се предвидени 2 активности, од кои една е нереализирана, а една е во тек.
- За ИС предвидена е една активност која е во тек.
- МФ има вкупно 6 активности, од кои три се реализирани, една е нереализирана, а две активности се во тек.

- Министерствата имаат една активност која е нереализирана.
- ДУИ има 5 реализирани активности.
- УФП има една активност во тек.
- ЦУ има 2 активности, од кои едната е реализирана, а другата нереализирана.

# 8. СЕКТОР ЗДРАВСТВО

## Опис на секторот

| Во однос на секторот здравство во Стратегијата се утврдени следниве пет проблеми: |
|---|
| 1) Не постојат ефективни критериуми за утврдување на договорните надоместоци (лимити/буџети) за здравствените установи (ЈЗУ и ПЗУ) и за цените на здравствените услуги и лековите, ниту пак критериуми затранспарентно утврдување и распределба на буџетот наменет за ЗУ, нови технологии и лекови, методи за здравствени услуги;<br>2) Субјективизам при изборот на лекови кои се покриваат од јавните средства, односно од придонесите за здравствено осигурување на граѓаните, а регулативата за медицина базирана на докази не се применува доследно;<br>3) Злоупотреби во постапките за давање/примање на донации, клинички студии и проекти;<br>4) Неетички практики при маркетирањето на лековите;<br>5) Транспарентно и објективно одлучување во постапката за лекување во странство. |

| За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемите во секторот здравство надлежни се следните институции: |
|---|
| 1) МЗ,<br>2) Фонд за здравствено осигурување (во натамошниот текст: ФЗОРСМ),<br>3) Агенција за лекови и медицински средства (во натамошниот текст: МАЛМЕД),<br>4) Лекарска комора (во натамошниот текст: ЛК),<br>5) Здравствени установи (во натамошниот текст:ЗУ). |

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот здравство, за надминување на петте приоритетни проблеми се предвидени 18 мерки и 26 активности, од кои 25 активности се еднократни, а една активност е означена да се спроведува континуирано од 2022 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 29.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| **Проблем 1: Не постојат ефективни критериуми за утврдување на договорните надоместоци (лимити/буџети) за здравствените установи (ЈЗУ и ПЗУ) и за цените на здравствените услуги и лековите, ниту пак критериуми за транспарентно утврдување и распределба на буџетот наменет за ЗУ, нови технологии и лекови, методи за здравствени услуги** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воспоставување на ефективни критериуми за распределба на буџетот на ФЗО по здравствени услуги и установи** | 1.1. Изготвување анализа на постојната регулатива за распределба на буџетот на ФЗО по здравствени услуги и здравствени установи | ФЗОРСМ | Втора половина на 2021 | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 1.2. Измена на Правилникот за утврдување критериуми за утврдување на договорен надоместок во насока на утврдување на мерливи и релевантни критериуми кои директно ќе влијаат на висината на договорниот3 надоместок | ФЗОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / | / |
| **2. Зајакнување на капацитетите на Фондот за планирање, аналитика и здравствена економика со посебен осврт на методологијата за Проценка на здравствени технологии (HTA)** | 2.1. Формирање на Сектор за аналитика / развој / здравствена економика во ФЗОМ | ФЗОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **3. Обезбедување на инклузивен начин на распределување на буџетот по нивоа и области на здравствена заштита од страна** | 3.1 Формирање на независно тело (здружение, асоцијација итн.) со претставници од ЗУ кое ќе ги претставува и застапува интересите на сите ЗУ и учествува во преговорите за утврдување на буџетите на ЗУ | ФЗОРСМ, МЗ, ЗУ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **на независно тело (здружение, асоцијација итн.) со претставници од ЗУ** | 3.2. Годишна распределба на здравствениот буџет - вкупно по нивоа и области на здравствена заштита, но и поединечно по ЗУ | ФЗОРСМ, МЗ, ЗУ | Втора половина на 2022, континуирано | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** |
| **4. Дигитализација и поврзување на финансиско сметководствен менаџмент на даватели на здравствени услуги** | 4.1. Формирање на електронски систем со база на податоци (софтвер) за сите трошоци за материјали, плати, лекови, опрема и други трошоци на ЗУ како основа за формирање на реални цени за услуги како и потребата за ревидирање | ФЗОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Во тек** |
| **5. Подобрување на регулативата и транспарентноста на процесот на формирање на референтни цени на здравствени услуги и лекови** | 5.1. Изготвување/ревидирање на правилниците за утврдување на цени на здравствени услуги и лекови | ФЗОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| | 5.2. Вклучување на одредби за „Договори за споделување на ризикот" (анг.Managed entry agreements) за лекови кои имаат монополска позиција на пазарот, измена во Законот за здравствено осигурување и измена во Правилникот за позитивна листа на лекови и во Правилникот за референтни цени на лекови | ФЗОРСМ МЗ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Реализирана** | / | / |
| | 5.3. Усвојување на процедури за преговарање за цени со ЗУ и фармацевтските компании, кои ќе се базираат на начелото на транспарентност | ФЗОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| **6. Воспоставување на систем на утврдување на „стандард" и „над-стандард" на материјалите кои се вклучени во** | 6.1. Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се дефинира стандард и надстандард на услуги, материјали, помагала итн. | ФЗОРСМ МЗ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Во тек** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **здравствена услуга** | | | | | | | | |
| **7. Спроведување на внатрешни контроли и ревизии на процесот на формирање на цени на лекови и правилна примена на методологиите** | 7.1. Вклучување на редовни и вонредни контроли на процесот и методологиите за формирање на единствените цени на лекови во МЗ и референтните цени на лекови во ФЗОРСМ | ФЗОРСМ МЗ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **8. Воведување на транспарентност и процедура во процесот на донесувањето и распределбата на буџетот на ФЗО кон ЗУ** | 8.1. Донесување на правилник за начинот и постапката на донесување и распределба на буџетот | ФЗОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Реализирана** | / | / |
| | 8.2. Воспоставување на обврска за јавно објавување на буџетите на ФЗО | ФЗОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| **9. Воспоставување и одржување на систем на мерливи и транспарентни индикатори за успешност на ЗУ** | 9.1. ФЗОРСМ и МЗ во Систематизацијата да уредат одговорна организациона единица за воспоставување на систем за следење на индикатори за успешност на ЗУ; да се утврди процедура за комуникација со ЗУ; да се овозможи on-line објавување и следење на индикаторите за успешност | ФЗОРСМ, МЗ со „Мој термин“ и ЗУ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **10. Годишно ревидирање на цените на здравствените услуги и лекови** | 10.1 Во методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги да се утврдат рокови за целосна ревизија на цените, најмалку еднаш годишно следејќи ги калкулативните елементи кои учествуваат во формирање на цените | ФЗОРСМ Здравствени установи | Втора половина на 2023 | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Реализирана** | / | / |
| **Проблем 2: Субјективизам при изборот на лекови кои се покриваат од јавните средства, односно од придонесите за здравствено осигурување на граѓаните, а регулативата за медицина базирана на докази не се применува доследно** | | | | | | | | |

| Мерка | Активност | Надлежна институција | Рок за реализација | Статус 2021 | Статус 2022 | Статус 2023 | Статус 2024 | Статус 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Воспоставување на правна рамка за селекција на лекови кои ќе бидат покриени од државниот буџет која ќе биде унифицирана и ќе важи за сите лекови** | 1.1. Утврдување на критериуми за селекција на лекови на товар на ФЗОРСМ | МЗ ФЗОРСМ | Втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** | / | / |
| | 1.2. Усвојување на Правилник за позитивна листа на лекови врз основа на Методологија на „Проценка на здравствени технологии“ (Health Technology Assessment - HTA); | МЗ ФЗОРСМ | Втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** | / | / |
| | 1.3.Вклучување на одредби за „Договори за споделување на ризикот“ (анг.Managed entry agreements) за лекови кои имаат монополска позиција на пазарот, во законската регулатива, во Правилникот за позитивна листа на лекови и во Правилникот за референтни цени на лекови; | МЗ ФЗОРСМ | Втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / | / |
| **2. Обезбедување на транспарентност во спроведување на програмите на МЗ, кои опфаќаат и обезбедување лекови** | 2.1. Јавно објавување на листата на лекови, кои се покриваат од програмите на МЗ, со критериуми врз основ на кои е направен изборот. | МЗ | Прва половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **3.Доследна примена на принципите на медицина базирана на докази** | 3.1. Ажурирање на упатствата за практикување медицина базирана на докази во рамки на законски предвидената процедура | МЗ Коморите Стручните здруженија ФЗОРСМ | Втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 3.2. Усвојување на упатства за медицина базирана на докази за областите каде истите не постојат | МЗ Коморите Стручните здруженија ФЗОРСМ | Втора половина на 2021 година | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** |
| **Проблем 3: Злоупотреби во постапките за давање/примање на донации, клинички студии и проекти** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Да се прецизираат карактеристиките , условите и начинот на примање на донациите на ЈЗУ** | 1.1. Изготвување на подзаконски акт за примање донации | МЗ Агенција за лекови | Прва половина на 2021 | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **2. Воспоставување на јавно достапен Регистер на донации на лекови, опрема и клинички студии** | 2.1. Изготвување на регистар | МЗ Агенција за лекови | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** |
| **Проблем 4: Неетички практики при маркетирањето на лековите** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Регулирање и следење на односите помеѓу фармацевтските компании и докторите во врска со маркетирањето на лековите** | 1.1.Донесување на етички кодекс за однесување на сите чинители при маркетирање на лекови | МАЛМЕД Лекарска комора | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Реализирана** | / | / | / |
| **2.На болничко ниво да се воспостави систем на „Терапевтски комитети“ и „Болнички регистри на лекови“** | 2.1. Да се донесат законски измени и подзаконски акти за обврзано воспоставување на систем на „Терапевтски комитети“ и „Болнички регистри на лекови“ во сите болници во државата | МЗ ЈЗУ | Втора половина 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** |
| **Проблем 5: Транспарентно и објективно одлучување во постапката за лекување во странство** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Утврдување на референтни болници преку јасно дефинирани** | 1.1.Измена на акти за дефинирање на критериумите | ФЗОРСМ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Реализирана** | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **критериуми во подзаконски акт** | | | | | | | | |

За надминување на **Проблемот 1: Не постојат ефективни критериуми за утврдување на договорните надоместоци (лимити/буџети) за здравствените установи (ЈЗУ и ПЗУ) и за цените на здравствените услуги и лековите, ниту пак критериуми за транспарентно утврдување и распределба на буџетот наменет за ЗУ, нови технологии и лекови, методи за здравствени услуги** предвидена е **Мерка 1. Воспоставување на ефективни критериуми за распределба на буџетот на ФЗО по здравствени услуги и установи** и две активности:

- ***Активноста 1.1.: Изготвување анализа на постојната регулатива за распределба на буџетот на ФЗО по здравствени услуги и здравствени установи*** со рок за реализација **втора половина на 2021 година** и надлежна институција **ФЗОРСМ** е **„реализирана“** во утврдениот рок.
- ***Активност 1.2: Измена на Правилникот за утврдување критериуми за утврдување на договорен надоместок во насока на утврдување на мерливи и релевантни критериуми кои директно ќе влијаат на висината на договорниот надоместок***, за која рокот беше **прва половина на 2022 година** во надлежност на **ФЗОРСМ**, е „**реализирана**“ во текот на 2023 година. Имено, на 23.08.2023 година била донесена нова Одлука за утврдување на критериумите за определување на договорните надоместоци на здравствените установи („Службен весник на РСМ“ бр. 206/2023), во која се утврдени општ и посебни критериуми за определување договорен надоместок на здравствените установи.

**Мерката 2: Зајакнување на капацитетите на ФЗО за планирање, аналитика и здравствена економика со посебен осврт на методологијата за Проценка на здравствени технологии (HTA).** предвидува ***Активност 2.1: Формирање на Сектор за аналитика / развој / здравствена економика во ФЗОРМ***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, во надлежност на **ФЗОРСМ**. Оваа активност е **„нереализирана“**, а ФЗОРСМ известува дека истата не е реализирана од објективни причини, односно поради недостаток на квалификуван кадар, односно одлив на истиот во приватен сектор. Имено, ваков високо специјализиран кадар кој би се занимавал со здравствена економија многу малку се продуцира преку формалното образование (само на фармацевтски факултет за лекови) додека за здравствени услуги не постои.

**Мерката 3: Обезбедување на инклузивен начин на распределување на буџетот по нивоа и области на здравствена заштита од страна на независно тело (здружение, асоцијација итн.) со претставници од ЗУ** содржи две активности.

- ***Активност 3.1: Формирање на независно тело (здружение, асоцијација итн.) со претставници од ЗУ кое ќе ги претставува и застапува интересите на сите ЗУ и учествува во преговорите за утврдување на буџетите на ЗУ***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **ФЗОРСМ**, а конечниот статус е **„во тек“**, се до конечно формирање на посоченото независно тело.
- ***Активност 3.2: Годишна распределба на здравствениот буџет - вкупно по нивоа и области на здравствена заштита, но и поединечно по ЗУ***, *со* рокот **втора половина на 2022 година и континуирано**, во надлежност на

**ФЗОРСМ**. Оваа активност за периодот од 2023 до 2025 година тековно се реализира., согласно Правилникот за распределба на средствата од буџетот на фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 206/23).

**Мерката 4: Дигитализација и поврзување на финансиско сметководствен менаџмент на даватели на здравствени услуги е четвртата мерка**, ја предвидува ***Активност 4.1: Формирање на електронски систем со база на податоци (софтвер) за сите трошоци за материјали, плати, лекови, опрема и други трошоци на ЗУ како основа за формирање на реални цени за услуги како и потребата за ревидирање***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, во надлежност на **ФЗОРСМ**. Конечниот статус на оваа активност е **„во тек“, со оглед на тоа дека** ФЗОРСМ во Годишните планови за јавни набавки за 2023, 2025 и 2026 година предвидел набавка на ваков софтвер, но поради необезбедени буџетски средства, побарал донаторска поддршка за набавка на ваков софтвер.

**Мерката 5: Подобрување на регулативата и транспарентноста на процесот на формирање на референтни цени на здравствени услуги и лекови, опфаќа три активности.**

- ***Активност 5.1: Изготвување/ревидирање на правилниците за утврдување на цени на здравствени услуги и лекови***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **ФЗОРСМ**. Оваа активност е **„реализирана“** во 2024 година, со донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и методологијата за утврдување референтни цени на лекови („Службен весник на РСМ“ бр.5/2024).
- ***Активност 5.2: Вклучување на одредби за „Договори за споделување на ризикот“ (анг. Managed entry agreements) за лекови кои имаат монополска позиција на пазарот, измена во Законот за здравствено осигурување и измена во Правилникот за позитивна листа на лекови и во Правилникот за референтни цени на лекови.*** Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **ФЗОРСМ** и е **„реализирана“** во 2023 година.
- ***Активност 5.3: Усвојување на процедури за преговарање за цени со ЗУ и фармацевтските компании, кои ќе се базираат на начелото на транспарентност***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, во надлежност на **ФЗОРСМ**. Оваа активност е **„реализирана“** во 2024 година, со донесување на подзаконските акти објавени во „Службен весник на РСМ“ бр. 206/23 и „Службен весник на РСМ“ бр. 77/23, со кои исклучено е директно преговарање со фармацевтските компании, а за договорање и преговарање на цени на Здравствени услуги, комисијата за референтни цени ги вклучува здравствените установи. Дополнително донесен е и нов Правилник и методологија за утврдување на референтни цени на здравствени услуги за примарна, специјалистичко –

консултативна и болничка здравствена заштита („Службен весник на РСМ“ бр.5/24).

За **Мерката 6: Воспоставување на систем на утврдување на „стандард“ и „над-стандард“ на материјалите кои се вклучени во здравствена услуга**, е предвидена ***Активност 6.1: Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се дефинира стандард и над стандард на услуги, материјали, помагала итн***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, истата е во надлежност на **ФЗОРСМ**. Завршниот статус на активност е **„во тек“**.

За **Мерката 7: Спроведување на внатрешни контроли и ревизии на процесот на формирање на цени на лекови и правилна примена на методологиите**, е предвидена ***Активност 7.1: Вклучување на редовни и вонредни контроли на процесот и методологиите за формирање на единствените цени на лекови во МЗ и референтните цени на лекови во ФЗОРСМ***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а истата е со конечен статус „**во тек**“. Одделението за внатрешна контрола и одделението за внатрешна ревизија при ФЗОРСМ извршил контрола на процесот на формирање на референтни цени и правилна примена на методологијата за формирање на референтни цени на лекови во ФЗОРСМ. Со оглед дека наведената контрола е извршена врз основа на обврската од Националната стратегија и претставува *ad hoc* контрола, а самата активност е воведување на редовни и вонредни контроли, оваа активност не може да се смета за целосно реализирана.

За **Мерката 8: Воведување на транспарентност и процедура во процесот на донесувањето и распределбата на буџетот на ФЗО кон ЗУ предвидени се две активности**.

- ***Активност 8.1: Донесување на правилник за начинот и постапката на донесување и распределба на буџетот***, со рок за реализација **прва половина на 2022 година**, во надлежност на **ФЗОРСМ**. Оваа активност е означена како **„реализирана“** во 2023 година.
- ***Активност 8.2: Воспоставување на обврска за јавно објавување на буџетите на ФЗОРСМ***, со рок за реализација **прва половина на 2022 година**, во надлежност на **ФЗОРСМ**, а истата е **„реализирана“** во 2024 година.

За **Мерката 9:** Воспоставување **и одржување на систем на мерливи и транспарентни индикатори за успешност на ЗУ** е предвидена ***Активност 9.1: ФЗО и МЗ во Систематизацијата да уредат одговорна организациона единица за воспоставување на систем за следење на индикатори за успешност на ЗУ; да се утврди процедура за комуникација со ЗУ; да се овозможи on-line објавување и следење на индикаторите за успешност***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **ФЗОРСМ**. Активноста е означена со конечен статус „**во тек**“, од причина што ФЗОРСМ воспоставило следење на успешноста на работењето во здравствената установа по квартали за специјалистичко- консултативна здравствена заштита со користење на повеќе индикатори, коишто не се објавени.

За **Мерката 10: Годишно ревидирање на цените на здравствените услуги и лекови** е предвидена е ***Активност 10.1: Во методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги да се утврдат рокови за целосна ревизија на цените, најмалку еднаш годишно следејќи ги калкулативните елементи кои учествуваат во формирање на цените***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2023 година**, а истата е во надлежност на **ФЗОРСМ**. Оваа активност е **„реализирана"** во утврдениот рок.

Во однос на **Проблем 2: Субјективизам при изборот на лекови кои се покриваат од јавните средства, односно од придонесите за здравствено осигурување на граѓаните, а регулативата за медицина базирана на докази не се применува доследно**, предвидена е **Мерка 1: Воспоставување на правна рамка за селекција на лекови кои ќе бидат покриени од државниот буџет која ќе биде унифицирана и ќе важи за сите лекови** која опфаќа три активности.

- ***Активност 1.1: Утврдување на критериуми за селекција на лекови на товар на ФЗО***. Рокот за оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а носител е **МЗ**. Оваа активност е **„реализирана"** во 2023 година.
- ***Активност 1.2: Усвојување на Правилник за позитивна листа на лекови врз основа на Методологија на „Проценка на здравствени технологии" (Health Technology Assessment - HTA)***. Рокот за оваaa активност беше **втора половина на 2021 година**, а носител е **МЗ**. И оваа активност е **„реализирана"** во текот на 2023 година.
- ***Активност 1.3: Вклучување на одредби за „Договори за споделување на ризикот" (анг. Managed entry agreements) за лекови кои имаат монополска позиција на пазарот, во законската регулатива, во Правилникот за позитивна листа на лекови и во Правилникот за референтни цени на лекови***. Рокот за оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а носител е **МЗ**. Активноста е **„реализирана"** во 2023 година.

За **Мерка 2: Обезбедувањето на транспарентност во спроведување на програмите на МЗ, кои опфаќаат и обезбедување лекови** предвидена е ***Активност 2.1: Јавно објавување на листата на лекови, кои се покриваат од пограмите на МЗ, со критериуми врз основ на кои е направен изборот***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а носител е **МЗ**. Активноста има конечен статус „**нереализирана**". Имено, МЗ упатува дека во делот „Годишни извештаи за програмска и буџетска реализација" на својата веб-страница објавува податоци за Програмата за лекување на лица со ретки болести, кои содржат: табеларен преглед на лековите набавени преку програмата, кој ги содржи: генеричкото и заштитеното име на лекот, фармацевтската форма, дозата и името на веледрогеријата – добавувач; листа на јавни здравствени установи до кои се дистрибуирани набавените лекови, како и број на лица кои ја користеле терапијата, со наведени дијагнози на ретките болести; број на лица во регистарот за ретки болести по дијагнози и буџетска реализација на активностите финансирани од

основниот буџет на Министерството за здравство и од буџетот на самофинансирачките активности. По извршената проверка на веб-страницата на МЗ, https://zdravstvo.gov.mk/mk-MK/dokumenti/izvestai, констатирано е дека се објавени годишни извештаи за реализација на програмите за здравствена заштита, по години. Но, имајќи предвид дека со предметната активност се бара јавно објавување на листа на лекови кои се покриваат од програмите на Министерството за здравство, заедно со критериумите врз основа на кои е направен нивниот избор, вакви информации не се јавно достапни во наведените извештаи. Поради тоа, оваа активност останува **„нереализирана“**.

За **Мерка 3: Доследна примена на принципите на медицина базирана на докази** предвидени се две активности.

- ***Активноста 3.1: Ажурирање на упатствата за практикување медицина базирана на докази во рамки на законски предвидената процедура*** е со рокот за реализација **втора половина на 2021 година**, а носител е **МЗ**. МЗ известува дека активноста тековно се реализира, но со оглед дека во целокупниот петгодишен период едно упатство било ажурирано, а биле донесени вкупно 12 нови упатства, оваа активност се оценува со статус **„во тек“**.
- ***Активноста 3.2: Усвојување на упатства за медицина базирана на докази за областите каде истите не постојат*** има рок за реализација **втора половина на 2021 година**, а носител е **МЗ** и истата е **„реализирана“** во 2025 година.

За адресирање на **Проблем 3: Злоупотреби во постапките за давање/примање на донации, клинички студии и проекти предвидени** се две мерки и две активности. **Мерка 1: Да се прецизираат карактеристиките, условите и начинот на примање на донациите на ЈЗУ**, ја опфаќа ***Активноста 1.1: Изготвување на подзаконски акт за примање донации***, со рок **прва половина на 2021 година**, во надлежност на **МЗ.** Конечниот статус на активноста е „**нереализирана**“, со оглед на тоа дека МЗ донело Одлука за утврдување на Методологија за распределба на донации од медицинска опрема и потрошен медицински материјал во ЈЗУ (http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2023/01/Metodologija-za-raspredelba-na-donatsii-vo-JZU.pdf), кое не претставува подзаконски акт и не го уредува примањето донации.

**За реализација на Мерка 2: Воспоставување на јавно достапен Регистер на донации на лекови, опрема и клинички студии** е предвидена ***Активност 2.1: Изготвување на регистар.*** Рокот за оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а носител е **МЗ**. Активноста е **„реализирана“** во 2025 година. Покрај регистарот на донации во рамки на Секторот за медицинска опрема и донации, кој е објавен на веб страната на МЗ: https://zdravstvo.gov.mk/lista-na-informacii-od-javen-karakter/, МЗ изготвило и дигитален портал на сите примени донации во Јавните здравствени установи, истиот тековно се ажурира во реално време од страна на преставниците на Јавните здравствени установи.

За **Проблем 4: Неетички практики при маркетирањето на лековите**, се предвидува **Мерка 1: Регулирање и следење на односите помеѓу фармацевтските компании и докторите во врска со маркетирањето на лековите** и ***Активност 1.1: Донесување на етички кодекс за однесување на сите чинители при маркетирање на лекови***. Рокот за оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а носител на истата е **МАЛМЕД**. Оваа активност **„реализирана“** во 2022 година.

За **Мерка 2: На болничко ниво да се воспостави систем на „Терапевтски комитети“ и „Болнички регистри на лекови“**, предвидена е ***Активност 2.1: Да се донесат законски измени и подзаконски акти за обврзано воспоставување на систем на „Терапевтски комитети“ и „Болнички регистри на лекови“ во сите болници во државата***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а носител е **МЗ**. Конечниот статус на активноста е **„во тек“**. Имено, проблемот со коруптивни практики поврзани со препишување лекови не е решен преку воспоставување „Терапевтски комитети“ и „Болнички регистри на лекови“, туку преку други системски механизми. Според МЗ, лекарите ги препишуваат лековите по генерички назив, а не по заштитено име, со што се намалува можноста за фаворизирање на одредени производители. Изборот на терапијата е утврден во задолжителните Упатства за медицина базирана на докази, додека набавката на лековите се врши преку јавни набавки со користење генерички називи. На тој начин, одлуките за употреба на лекови се утврдени на системско ниво за сите здравствени установи, а не преку поединечни тела во рамки на секоја установа.

За **Проблемот 5: Транспарентно и објективно одлучување во постапката за лекување во странство**, предвидена е **Мерка 1: Утврдувањето на референтни болници преку јасно дефинирани критериуми во подзаконски акт** е ја опфаќа ***Активност 1.1: Измена на акти за дефинирање на критериумите***. Рокот за активноста беше **втора половина на 2021 година**, а носител на истата **ФЗОРСМ**. Активноста беше **„реализирана“** во 2022 година.




Слика 19: Вкупен степен на реализација во секторот

Од вкупно 26 активности предвидени за оваа област, 25 активности се предвидени да се реализираат еднократно, а една активност е планирана како континуирана за периодот 2022-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 29 активности. Од нив, 18 активности биле реализирани (62%), 4 нереализирани (14%), а 7 биле во тек (24%).




Слика 20: Статус на реализација на активности по години




**Слика 21: Статус на активности по институции**

- За МЗ се предвидени 9 активности, од кои пет се реализирани, две се нереализирани, а две се во тек.
- За ФЗОРСМ се предвидени 19 активности, од кои дванаесет се реализирани, две се нереализирани, а пет се во тек.
- МАЛМЕД има една активност која е реализирана.

# 9. СЕКТОР ОБРАЗОВАНИЕ

## Опис на секторот

| Во однос на секторот образование во Стратегијата се утврдени следниве осум проблеми: |
|---|
| 1) Изразени влијанија и дискрециони овластувања при вработувањето во образованието;<br>2) Недоволно изградени капацитети на државниот просветен инспекторат;<br>3) Ниска свест за адресирање на прашањето на корупцијата во рамките на образовните институции;<br>4) Непостоење на прецизна законска регулатива за користење на наставно нагледни и дидактички средства/помагала;<br>5) Недостиг од процедури за набавки кои во воспитно-образовните институции се реализираат надвор од Законот за јавни набавки;<br>6) Недостиг на подзаконски акти за начинот на регулирање за давање под закуп на недвижен имот на образовните институции;<br>7) Подигнување на квалитетот на високото образование во сферата на акредитирање на високообразовни институции, научни установи и акредитација на студиски програми;<br>8) Недоволно содржини во образовниот процес во средното образование за принципите на добро владеење и интегритет. |

| За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемите во секторот образование надлежни се следните институции: |
|---|
| 1) Влада,<br>2) МОН,<br>3) МФ,<br>4) МОН,<br>5) ИС,<br>6) ДКСК,<br>7) ЕЛС,<br>8) Биро за развој на образованието (во натамошниот текст: БРО),<br>9) Центар за стручно образование (во натамошниот текст: ЦСО),<br>10) Државен просветен инспекторат (во натамошниот текст: ДПИ),<br>11) Државен испитен центар (во натамошниот текст:ДИЦ),<br>12) Сенатите на универзитетите и<br>13) Агенција за квалитет во високото образование (во натамошниот текст: АКВО). |

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот образование, за надминување на осумте приоритетни проблеми се предвидени 18 мерки и 34 активности, од кои 27 активности се еднократни, 6**

**активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2021 до 2025 година, а една активност е означена да се спроведува континуирано од 2022 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 61.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Изразени влијанија и дискрециони овластувања при вработувањето во образованието | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Воспоставување на јасни критериуми за бодирање и постапки при спроведување на интервју за вработување на наставници во основното и средно образование** | 1.1. Донесување на подзаконски акти по однос на спроведување на интервјуто и утврдување критериуми за бодирање при избор на кандидати за наставници | МОН<br>БРО<br>ЦСО | Прва половина на 2021 | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| **2.Воспоставување на законска обврска решенијата за разрешување на директори на ОУ и СОУ пред истекот на нивниот мандат да содржат детални образложенија и да подлежат на инспекциски надзор** | 2.1. Измена во Законот за просветна инспекција во насока на задолжителен надзор над решенијата за предвремено разрешување на директори на ОУ и СОУ | МОН | Втора половина на 2021 | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 2.2.Спроведување на надзор во однос на содржината на образложението на решенијата за предвремено разрешување на директори на ОУ и СОУ | ДПИ | Втора половина на 2021 - Континуирано | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **3. Воспоставување на механизам на редовен надзор од** | 3.1. Донесување на годишен план/програма на | ДПИ<br>МОН | Прва половина на 2021 – континуирано | **Нереализиран а** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Во тек** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **страна на ДПИ над постапките за избор во наставно-научни звања** | ДПИ за надзор над постапките за избор во наставно-научни звања | | | | | | | |
| **Проблем 2: Недоволно изградени капацитети на Државниот просветен инспекторат** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Подигнување на материјално-техничките услови и човечките ресурси на ДПИ** | 1.1. Изготвување на анализа за проценка на капацитетите на ДПИ | ДПИ Инспекциски совет | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 1.2. Зголемување на буџетот на ДПИ | МФ | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** |
| | 1.3. Зголемување на бројот на инспектори | МФ ДПИ | Прва половина на 2022 | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** |
| | 1.4. Вонреден инспекциски надзор да се врши од најмалку два инспектори | ДПИ | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Во тек** |
| **2.Едукација и обуки за зајакнување на отпорноста на вработените во ДПИ од влијанија** | 2.1. Спроведување едукација и обуки за интегритет и етика, како и за подигнување на свеста на вработените на ДПИ за начинот за пријавување на обидите за влијание до надлежен орган – ДКСК и/или ИС | ДКСК ИС ДПИ | Втора половина на 2021 - континуирано | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **3. Зајакнување на механизмите за контрола на** | 3.1. Изготвување анализа за воспоставување на | ДПИ ДКСК | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **работата на инспекторите во ДПИ** | механизам за контрола на работата на инспекторите | | | | | | | |
| | 3.2. Воспоставен механизам за контрола на работата на инспекторите | МОН<br>ДПИ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| **Проблем 3: Ниска свест за адресирање на прашањето на корупцијата во рамките на образовните институции** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Јакнење на свеста на директорите и на наставниците за превенција од корупција во основното и средно образование** | 1.1.Изготвување на Програма за обуки за директори и наставници за етика и интегритет | БРО<br>ДИЦ<br>ЦСОО | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 1.2.Изготвување на Водич/ Брошура за превенирање од корупција | БРО<br>ДИЦ<br>ДКСК<br>ЦСОО | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 1.3.Организирање и спроведување на едукативни работилници со директорите и наставниците | БРО<br>ДИЦ<br>ДКСК<br>ЦСОО | Втора половина на 2022 - континуирано | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **2.Подигнување на свеста за користењето на механизмите за пријавување на корупција на универзитетите** | 2.1.Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите | Универзитет „Гоце Делчев“ Штип | Прва половина на 2021 | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 2.1.Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со | Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје | Прва половина на 2021 | **Нереализиран а** | **Во тек** | **Реализирана** | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | инклузија и на студентите | | | | | | | |
| | 2.1.Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите | Универзитетот за информатички науки и технологии “Свети Апостол Павле” Охрид | Прва половина на 2021 | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 2.1.Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите | Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола | Прва половина на 2021 | **Реализирана** | / | / | / | / |
| **3.Воспоставување на механизам за следење на заложбите утврдени во Нацрт – политиката за спречување на корупција на универзитетот** | 3.1.Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи | Универзитет „Гоце Делчев“ Штип | Прва половина на 2021 | **Во тек** | **Реализирана** | / | / | / |
| | 3.1.Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи | Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје | Прва половина на 2021 | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи | Универзитетот за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле" Охрид | Прва половина на 2021 | Во тек | Реализирана | / | / | / |
| | 3.1.Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи | Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола | Прва половина на 2021 | Реализирана | / | / | / | / |
| **Проблем 4: Непостоење на прецизна законска регулатива за користење на наставно нагледни и дидактички средства/помагала** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Воспоставување на прецизни критериуми за набавка и користење на образовните помагала во основни и средни училишта** | 1.1. Изготвување на анализа на практиката и дефинирање на критериуми за набавка и користење на образовните помагала | МОН<br>БРО | Прва половина на 2021 | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / |
| | 1.2. Донесување на измена на Законот за учебници | МОН | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| | 1.3. Донесување на соодветни подзаконски акти | МОН<br>БРО<br>ЦСО | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** |

| Проблем 5: Недостиг од процедури за набавки кои во воспитно образовните институции се реализираат надвор од законот за јавни набавки (екскурзии на ученици, обезбедување на училиштето, фотографирање на ученици и изработка на алманаси, набавка на ужина итн.) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно образовните институции кои не подлежат на закон за јавни набавки** | 1.1.Донесување подзаконски акти/правилници | МОН | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Реализирана** |
| **Проблем 6: Недостиг на подзаконски акти за начинот на регулирање за давање под закуп на недвижен имот на образовните институции** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Изготвување на подзаконски акти, упатства и насоки со кои ќе се регулира издавањето на недвижниот имот на воспитно и високо образовните институции** | 1.1.Донесување подзаконски акти, упатства и насоки | МОН<br>ЕЛС | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| **Проблем 7: Подигнување на квалитетот на високото образование во сферата на акредитирање на високообразовни институции, научни установи и студиски програми** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и** | 1.1.Именување на членови на Националниот Совет и на Агенцијата за квалитет во | Влада<br>МОН | Втора половина на 2020 | **Реализирана** | / | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Агенцијата за квалитет во високото образование да бидат функционални** | високото образование | | | | | | | |
| **2.Регулирање на отчетноста на Агенцијата за квалитет на образованието** | 2.1.Изготвување на измени на Законот за високо образование за прецизно регулирање на отчетноста на Агенцијата за квалитет во високото образование | МОН АКВО | Втора половина на 2021 | **Нереализиран а** | **Реализирана** | / | / | / |
| **3.Обезбедување на транспарентност при изборот на членови на Агенцијата за квалитет на образованието** | 3.1.Објавување на образложени одлуки за избор на членовите на Агенцијата за квалитет на образованието | Влада МОН | Прва половина на 2020 - Континуирано | **Во тек** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** |
| **4.Обезбедување на транспарентност во работата на Агенцијата за квалитет на образованието во делот на акредитирањето на високообразовани институции, научни установи и студиски програми** | 4.1.Објавување на детално образложени одлуки на Агенцијата за акредитациите, ре акредитациите и другите стручни активности | АКВО | Прва половина на 2021 - континуирано | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** |
| **5.Зачленување на Агенцијата за** | 5.1.Изготвување на План за | АКВО | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **квалитет на образованието во ЕНКА (Европската мрежа на Агенции за обезбедување квалитет во високото образование)** | зачленување на Агенцијата за квалитет на образованието во ЕНКА | | | | | | | |
| **Проблем 8: Недоволни содржини во образовниот процес во средното образование за принципите на доброто владеење и интегритет** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воведување на содржини за антикорупциска едукација за учениците од средно образование како дел од редовните наставните програми** | 1.1. Спроведување на Проект - Антикорупциска едукација во средните пилот училишта | БРО<br>МОН<br>ДКСК | Прва половина 2021 | **Реализирана** | / | / | / | / |
| | 1.2 Донесување на соодветни акти за воведување на антикорупциска едукација во редовните наставни програми | БРО | Втора половина на 2021 - континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** |

**Проблем 1: Изразени влијанија и дискрециони овластувања при вработувањето во образованието.**

**Мерка 1: Воспоставување на јасни критериуми за бодирање и постапки при спроведување на интервју за вработување на наставници во основното и средно образование**, за која е предвидена ***Активност 1.1: Донесување на подзаконски акти по однос на спроведување на интервјуто и утврдување критериуми за бодирање при избор на кандидати за наставници***. Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МОН**. МОН известува дека активноста е во тек, односно дека во тек е подготовката на нов Закон за наставниците и стручните соработници во основното и средното образование, но со оглед дека оваа активност е утврдена со рок на реализација 2021 година, истата во целиот извештаен период е со статус „**нереализирана**“.

За **Мерка 2: Воспоставување на законска обврска решенијата за разрешување на директори на ОУ и СОУ пред истекот на нивниот мандат да содржат детални образложенија и да подлежат на инспекциски надзор** се предвидени следните две активности:

- ***Активност 2.1: Измена во Законот за просветна инспекција во насока на задолжителен надзор над решенијата за предвремено разрешување на директори на ОУ и СОУ.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МОН**. Активноста во целиот петгодишен период била означена со статус „**нереализирана**“.
- ***Активност 2.2**: **Спроведување на надзор во однос на содржината на образложението на решенијата за предвремено разрешување на директори на ОУ и СОУ.*** Рокот за реализација на оваа активност **втора половина на 2021 година-континуирано**, а истата е во надлежност на **ДПИ** и истата е со статус **„во тек“** во целиот извештаен период.

**Мерка 3: Воспоставување на механизам на редовен надзор од страна на ДПИ над постапките за избор во наставно-научни звања,** за која е предвидена една ***Активност 3.1: Донесување на годишен план/програма на ДПИ за надзор над постапките за избор во наставно-научни звања***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2021 година-континуирано**, а истата е во надлежност на **ДПИ**. Оваа активност во 2021 година била означена како „**нереализирана**“, а 2022, 2023 и 2024 година била „**реализирана**“. Сепак, во 2025 година, ДПИ извести дека активноста е „**во тек**“, односно дека за надзор над постапките за избор во наставно-научни звања и научни звања во високо-образовните установи (државни и приватни) и научни иститути донесен бил годишен план/програма за вршење на редовен надзор со временска рамка од три месеци. По овој основ извршени биле и вонредни инспекциски надзори.

**Проблем 2: Недоволно изградени капацитети на Државниот просветен инспекторат.**

**Мерка 1: Подигнување на материјално-техничките услови и човечките ресурси на ДПИ**, опфаќа четири активности:

- ***Активност 1.1: Изготвување на анализа за проценка на капацитетите на ДПИ***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција е **ДПИ**. Конечниот статус на активноста е „**нереализирана**“ бидејќи ДПИ не спровел анализа за проценка на капацитетите, а во доставените извештаи укажал на потреба од вработување на инспектори и друг вид на службеници на упразнети места по разни основи, унапредување на постоечките, како и потреба од унапредување на материјално технички капацитети.
- ***Активност 1.2: Зголемување на буџетот на ДПИ***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција е **МФ.** Изминатите четири години, оваа активност била означена со статус „**во тек**“, со цел МФ секоја година да известува за зголемување на буџетот на ДПИ, а во 2025 година конечно беше „**реализирана**“. Видно од извештаите на МФ, буџетот на ДПИ континуирано бележи пораст.
- ***Активност 1.3: Зголемување на бројот на инспектори***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а надлежна институција е **МФ.** Завршниот статус на активноста е „**реализирана**“, во 2025 година.
- ***Активност 1.4: Вонреден инспекциски надзор да се врши од најмалку два инспектори***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а надлежна институција е **ДПИ**. Во 2021 година, оваа активност била во тек, потоа следните години била нереализирана. Согласно последниот доставен извештај во 2025 година, при постапување на вонреден инспекциски надзор во зависност од сложеноста и обемот на наводите, како и објективност и корупција, од страна на директорот на ДПИ кај најголем број предмети се доставува задолжение за постапување од страна на два инспектори. Активноста се смета **„во тек“**, се до воспоставување обврска секој вонреден инспекциски надзор да се спроведува од страна на најмалку два инспектори.

За **Мерка 2: Едукација и обуки за зајакнување на отпорноста на вработените во ДПИ од влијанија** предвидена е ***Активност 2.1: Спроведување едукација и обуки за интегритет и етика, како и за подигнување на свеста на вработените на ДПИ за начинот за пријавување на обидите за влијание до надлежен орган – ДКСК и/или ИС***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **ДКСК**. Освен во 2022 година кога оваа активност била нереализирана, во останатите години истата има статус **„во тек“**. По воспоставување на систем на интегритет во 2023 година, ДПИ континуирано презема активности во насока на едукација за интегритет и етика. Имено, во рамки на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите (2022), Инспекцискиот совет во соработка со ДКСК предвиде обуки на тема „Спречување на корупција“, со кои беа опфатени и вработените на ДПИ. Програмата беше унапредена за 2025 година (теми 1.13 и 1.14), со што се обезбеди континуитет на едукацијата. По завршување на донаторската поддршка (УСАИД), ДПИ ги вклучи обуките за спречување на корупција и интегритет во сопствениот Годишен план за

работа за 2025 година, со што се обезбедува институционална одржливост и независност од проектна поддршка.

За **Мерка 3: Зајакнување на механизмите за контрола на работата на инспекторите во ДПИ**, предвидени се следните активности:

- ***Активност 3.1: Изготвување на анализа за воспоставување на механизам за контрола на работата на инспекторите***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **ДПИ**. Конечен статус на активноста е **„нереализирана“**, односно не е изготвена анализа за воспоставување на механизам за контрола на работата на инспекторите.
- ***Активност 3.2: Воспоставување на механизам за контрола на работата на инспекторите***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **МОН**. Конечниот статус на активноста е **„нереализирана“**.

**Проблем 3: Ниска свест за адресирање на прашањето на корупцијата во рамките на образовните институции.**

**Мерка 1: Јакнење на свеста на директорите и на наставниците за превенирање од корупција во основното и средно образование**, опфаќа три активности:

- ***Активност 1.1: Изготвување на Програма за обуки за директори и наставници за етика и интегритет***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година,** а истата е во надлежност на **БРО**. Завршниот статус на оваа активност е **„нереализирана“**.
- ***Активност 1.2: Изготвување на Водич/Брошура за превенирање од корупција***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **БРО.** Завршниот статус на оваа активност е **„нереализирана“**.
- ***Активност 1.3: Организирање и спроведување на едукативни работилници со директорите и наставниците.*** Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2022 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **БРО**. Активноста не се реализирала во 2022 година, а три години по ред, сметајќи од 2023 година е означена „**во тек**“. БРО согласно новите наставни програми во кои се застапени содржини од областа на спречување на корупцијата одржувала континуирани обуки со наставниците кои ги реализираат новите наставни програми.

**Мерка 2: Подигнување на свеста за користењето на механизмите за пријавување на корупција на универзитетите** содржи една ***Активност 2.1: Спроведување на активности за пријавување на корупција на универзитетите со инклузија и на студентите која опфаќа пет установи***. Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, и е во надлежност на **Сенатите**

**на универзитетите**. Оваа активност беше „**реализирана**" од страна на сите универзитети кои се обврзаа да доставуваат извештаи (УГД, УКЛО, УИНТ и УМТ).

**Мерката 3: Воспоставување на механизам за следење на заложбите утврдени во Нацрт – политиката за спречување на корупција на универзитетот** содржи една ***Активност 3.1: Тековно следење на примената на Нацрт – политика за спречување на корупција на универзитетот и јавно објавување на годишни извештаи***. Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, и е во надлежност на **Сенатите на универзитетите**. Оваа активност беше „**реализирана**" од страна на сите универзитети кои се обврзаа да доставуваат извештаи (УГД, УКЛО, УИНТ и УМТ).

За **Проблем 4: Непостоење на прецизна законска регулатива за користење на наставно нагледни и дидактички средства/помагала**, во Акцискиот план на Стратегијата предвидена е **Мерка 1: Воспоставување на прецизни критериуми за набавка и користење на образовните помагала во основни и средни училишта** која опфаќа три активности:

- ***Активност 1.1: Изготвување на анализа на практиката и дефинирање на критериуми за набавка и користење на образовните помагала***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а носител е **МОН**. Оваа активност била „**реализирана**" во 2024, со донесување на нов Закон за учебници за основно и средно образование („Службен весник на РСМ" бр. 3/25) каде што се уредени постапките за набавка и користење на образовните помагала.
- ***Активност 1.2: Донесување на измена на Законот за учебници***. Рокот за оваaа активност е **втора половина на 2021 година**, а носител е **МОН**. Оваа активност била „**реализирана**" во 2024 година, со донесување на нов Закон за учебници за основно и средно образование („Службен весник на РСМ" бр. 3/25) каде што се уредени постапките за набавка и користење на образовните помагала.
- ***Активност 1.3: Донесување на соодветни подзаконски акти***. Рокот за оваaа активност е **втора половина на 2021 година**, а носител е **МОН**. Оваа активност не се реализирала во првите три години, додека во 2024 година била во тек, а во 2025 година беше конечно „**реализирана**". По донесување на новиот Закон за учебници, во 2025 година се донесени и две процедури кои се јавно достапни на веб страната на МОН и Педагошката служба и тоа: Процедура за начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници по странски јазик, како и Процедура за начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници преку јавен конкурс. Наведените процедури се во насока на зајкнување на законитоста при носењето на одлуките и служат како патоказ за сите вклучени во овие постапки.

  Исто така, во 2025 година донесени се и следните подзаконски акти: Уредба за утврдување на формула за утврдување на каталошката вредност на учебникот; Правилник за начинот на запишување во базата на рецензенти и начинот на работа на рецензентите; Правилник за формата и содржината на

Каталогот на одобрени учебници за употреба; Правилник за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основните и средните училишта и Правилник за начинот на одобрување на работна тетратка за употреба во училиштата.

**Проблем 5: Недостиг од процедури за набавки кои во воспитно образовните институции се реализираат надвор од законот за јавни набавки (екскурзии на ученици, обезбедување на училиштето, фотографирање на ученици и изработка на алманаси, набавка на ужина итн.)**, ја содржи **Мерка 1: Изготвување на подзаконски акти со кои ќе се регулира начинот на спроведување на набавките во воспитно образовните институции кои не подлежат на закон за јавни набавки** која ја опфаќа ***Активност 1.1: Донесување подзаконски акти/правилници***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, а носител е **МОН**. Оваа активност не се реализираше изминатите години и истата била **„реализирана“** во 2025 година со донесување нови правилници за основно и средно образование: Правилник за начинот и постапката на користење на средствата кои основното училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците (https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/pravilnici-mon-file-hQJq.pdf) и Правилник за начинот и постапката на користење на средствата кои средното училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците (https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/pravilnici-mon-file-lOJI.pdf).

**Проблем 6: Недостиг на подзаконски акти за начинот на регулирање за давање под закуп на недвижен имот на образовните институции**, исто така содржи единствена **Мерка 1: Изготвување на подзаконски акти, упатства и насоки со кои ќе се регулира издавањето на недвижниот имот на воспитно и високо образовните институции**, која треба да се реализира со ***Активност 1.1: Донесување подзаконски акти, упатства и насоки***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, а носител е **МОН**. Оваа активност остана **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период.

**Проблем 7: Подигнување на квалитетот на високото образование во сферата на акредитирање на високообразовни институции, научни установи и студиски програми.**

**Мерка 1: Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и Агенцијата за квалитет во високото образование да бидат функционални** ја содржи ***Активност 1.1: Именување на членови на Националниот Совет и на Агенцијата за квалитет во високото образование***. Рокот за оваа активност беше **втора половина на 2020 година**, а носител е **Владата**. Оваа активност е „**реализирана**“ во 2021 година.

**Мерка 2: Регулирање на отчетноста на Агенцијата за квалитет на образованието** исто така ја предвидува ***Активност 2.1: Изготвување на измени на Законот за високо образование за прецизно регулирање на отчетноста на Агенцијата за квалитет во високото образование***. Рокот за оваа активност беше **втора половина**

**на 2021 година**, а носител е **МОН**. Оваа активност била „**реализирана**" во 2022 година.

**Мерка 3: Обезбедување на транспарентност при изборот на членови на Агенцијата за квалитет на образованието** ја предвидува ***Активност 3.1: Објавување на образложени одлуки за избор на членовите на Агенцијата за квалитет на образованието.*** Рокот за оваа активност е **прва половина на 2020 година - континуирано**, а носител на истата е **Владата**. Оваа активност била во тек во 2021 година, а во периодот од 2022 до 2025 година е **„реализирана"**. Согласно извештаите на Владата, решенијата за разрешување или именување на членови на Одборот за акредитација и на Одборот за евалуација на високото образование редовно се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија". Без оглед на реализираниот статус на активноста, ДКСК констатира дека во донесените решенија не постои детално образложение за изборот/разрешувањето на членовите.

**Мерка 4: Обезбедување на транспарентност во работата на Агенцијата за квалитет на образованието во делот на акредитирањето на високообразовани институции, научни установи и студиски програми**, за која треба да се реализира следната ***Активност 4.1: Објавување на детално образложени одлуки на Агенцијата за акредитациите, реакредитациите и другите стручни активности.*** Рокот за оваа активност е **прва половина на 2021 година - континуирано**, а носител на истата е **АКВО**. За разлика од претходните години кога оваа активност редовно била проценета со статус во тек, во 2025 година активноста е означена за „**реализирана**".

**Мерка 5: Зачленување на Агенцијата за квалитет на образованието во ЕНКА (Европската мрежа на Агенции за обезбедување квалитет во високото образование)** предвидува ***Активност 5.1: Изготвување на План за зачленување на Агенцијата за квалитет на образованието во ЕНКА да се провери за планот.*** Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, а носител е **АКВО**. Оваа активност е **„во тек"** низ целиот извештаен период, со оглед дека од страна на АКВО бил изготвен Акциски план кој предвидува обновување на статусот придружна членка, плаќање на годишна членарина во ЕНКА, како и донесување на Закон за квалитет кој ќе обезбеди усогласеност со поставените ESG 2015 стандарди, донесување на подзаконски акти кои ќе произлезат од новиот Закон за квалитет, дефинирање на потребните процеси и процедури и подготовка на Агенцијата за мониторинг од страна на ЕНКА.

**Проблем 8: Недоволни содржини во образовниот процес во средното образование за принципите на доброто владеење и интегритет**, предвидува една **Мерка 1: Воведување на содржини за антикорупциска едукација за учениците од средно образование како дел од редовните наставните програми е единствената мерка** за која се предвидени две активности:

- ***Активност 1.1: Спроведување на Проект - Антикорупциска едукација во средните пилот училишта***, за која рокот беше **прва половина на 2021 година**, а носител е БРО и беше „**реализирана**“ во утврдениот рок.
- ***Активност 1.2: Донесување на соодветни акти за воведување на антикорупциска едукација во редовните наставни програми***. Рокот за активноста беше **втора половина на 2021 година - континуирано**, а носител на истата е БРО. Активноста била нереализирана во 2021, 2023 и 2024 година, додека во 2022 и 2025 година била „**во тек**“.




**Слика 22: Вкупен степен на реализација во секторот**

Од вкупно 34 активности предвидени за овој сектор, 27 активности се предвидени да се реализираат еднократно, 6 активности се планирани како континуирани за периодот 2021-2025 година, а една активност е континуирана за периодот 2022-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 61 активности. Од нив, 25 активности се реализирани (41%), 22 активности се во тек (36%), а 14 активности не се реализирани (23%).




**Слика 23: Статус на активности по евалуационен период**




**Слика 24: Вкупен статус на активности по институции**

- За МОН се предвидени 9 активности, од кои 5 активности се реализирани, а 4 се нереализирани.
- За ДПИ се предвидени 13 активности, од кои 3 се реализирани, 3 се нереализирани, а 7 активности се во тек.
- БРО има вкупно 12 активности, од кои една е реализирана, 6 активности се нереализирани, а 5 активности се во тек.
- За ДКСК има 5 активности, од кои една е нереализирана, а 4 активности се во тек.
- МФ има 2 активности кои се реализирани.
- АКВО има 6 активности, од кои една е реализирана, а 5 активности се во тек.
- Владата има 6 активности, од кои 5 се реализирани, а една е во тек.
- Универзитетите УГД, УКЛО, УИНТ и УМТ имаат по две активности, вкупно осум, од кои сите се реализирани.

# 10. СЕКТОР ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## Опис на секторот

| Во однос на секторот труд и социјална политика во Стратегијата е утврден следниот приоритетен проблем: |
|---|
| 1) Недостиг од надзор во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување. |

| За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемот во секторот труд и социјална политика надлежни се следните институции: |
|---|
| 1) Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: МТСП)<br>2) МЗ и<br>3) Фонд на пензиското и инвалидското осигурување (во натамошниот текст: ФПИОРСМ) |

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот Труд и социјална политика, за надминување на еден приоритетен проблеми се предвидени 5 мерки и 10 активности, од кои 8 активности се еднократни, а 2 активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 18.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Недостиг од надзор во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воспоставување на единствен дигитализиран централен систем за социјално осигурување** | 1.1. Измена на законската регулатива од областа на социјалното осигурување | МТСП Други надлежни институции | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Реализирана** | / | / |
| | 1.2. Воспоставен единствен дигитализиран централен систем за социјално осигурување | МТСП | Втора половина на 2023 | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| **2.Формирање на ново тело за централизирано вештачење / оцена на инвалидноста / способноста за работа со цел намалување на можноста за корупција при одлучувањето** | 2. 1. Изработка на анализа за тековниот процес за оцена на инвалидноста / способноста за работа | МТСП ФПИОРСМ | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| | 2.2. Донесување на законско решение за формирање на телото за вештачење/оцена | МТСП ФПИОРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Реализирана** | / | / |
| | 2.3.Формирање на телото за вештачење/оцена | МТСП ФПИОРСМ | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |
| **3. Подобрување на регулативата што ја уредува постапката за избор на членовите на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење** | 3.1 Анализа на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност во | МТСП | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **за утврдување на инвалидност** | насока на идентификување на недореченостите во однос на изборот на нејзините членови | | | | | | | |
| | 3.2. Измена на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност | МТСП | Прва половина на 2023 | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / |
| **4. Зајакнување на надзорот во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување** | 4.1. Донесување на Методологија за спроведување на контроли (редовни и ад хок) | МТСП | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 4.2. Спроведување на редовни и на ад хок контроли (не само по основ на претставки) | МТСП | 2021, континуирано | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **5. Зајакнување на надзорот во постапките за остварување на права по основ на помош и нега од друго лице** | 5.1. Спроведување на редовни и на ад хок контроли (не само по основ на претставки) | МТСП<br>МЗ | 2021, континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Реализирана** |

**Проблем 1: Недостиг од надзор во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување.**

За **Мерка 1: Воспоставување на единствен дигитализиран централен систем за социјално осигурување**, се предвидени две активности:

- ***Активност 1.1: Измена на законската регулатива од областа на социјалното осигурување***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година,** а истата е во надлежност на **МТСП (МСПДМ)**. Оваа активност е „**реализирана**" во текот на 2023 година.
- ***Активност 1.2: Воспоставен единствен дигитализиран централен систем за социјално осигурување***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2023 година**, а надлежна институција е **МТСП (МСПДМ)**. Конечниот статус на активноста е „**во тек**", со оглед на тоа дека тековно се работи на дизајнирање на ИКТ систем на Регистарот за задолжително социјално осигурување, а истиот се очекува да биде воспоставен до крајот на 2027 година.

**Мерка 2: Формирање на ново тело за централизирано вештачење/оцена на инвалидноста/способноста за работа со цел намалување на можноста за корупција при одлучувањето** опфаќа три активности:

- ***Активност 2.1: Изработка на анализа за тековниот процес за оцена на инвалидноста/способноста за работа***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МТСП (МСПДМ)**, кое извести дека активноста е „**реализирана**" во 2024 година, со информација дека анализата е изработена со експертска поддршка во рамки на Проектот за администрирање на социјалното осигурување - СИАП.
- ***Активност 2.2: Донесување на законско решение за формирање на телото за вештачење/оцена***. Рокот за реализација на оваа **активност е прва половина на 2022 година,** а истата е во надлежност на **МТСП (МСПДМ)**. Конечниот статус на активноста е „реализирана" во 2023 година, со донесување на нов Закон за системот за проценка на лица со попреченост („Службен весник на РСМ" бр. 209/2023), со кој се предвидува формирање Централно координативно тело за проценка на лица со попреченост.
- ***Активност 2.3: Формирање на телото за вештачење/оцена.*** Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **МТСП (МСПДМ)**. Завршниот статус на активноста е „**во тек**". Со донесувањето на новиот Закон за системот за проценка на лица со попреченост („Службен весник на РСМ" бр. 209/2023), кој ќе се применува осумнаесет месеци од денот на неговото влегување во сила, се предвидува формирање Централно координативно тело за проценка на лица со попреченост.

За **Мерка 3: Подобрување на регулативата што ја уредува постапката за избор на членовите на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност**, предвидени се две активности:

- ***Активност 3.1: Анализа на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност во насока на идентификување на недореченостите во однос на изборот на нејзините членови***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **МТСП (МСПДМ)**. Оваа активност е „**реализирана**" во 2023 година.
- ***Активност 3.2: Измена на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2023 година**, а истата е во надлежност на **МТСП (МСПДМ)**. Со доставениот извештај, МСПДМ информира дека активноста е „**реализирана**" во 2024 година.

За **Мерка 4: Зајакнување на надзорот во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување** се предвидени две активности:

- ***Активност 4.1: Донесување на Методологија за спроведување на контроли (редовни и ад хок)*** со рок за реализација **прва половина на 2022 година**, во надлежност на **МТСП (МСПДМ)** и истата е со статус „**нереализирана**", односно не е донесена посочената методологија.
- ***Активност 4.2: Спроведување на редовни и на ад хок контроли (не само по основ на претставки)***. Рокот за реализација на оваа активност е **2021 - континуирано**, а надлежна институција е **МТСП (МСПДМ)**. Оваа активност е условена од донесување на Методологијата за спроведување на контроли (редовни и ад хок) од активноста 4.1. од оваа мерка, затоа пет години по ред е означена како „**нереализирана**".

За **Мерка 5: Зајакнување на надзорот во постапките за остварување на права по основ на помош и нега од друго лице**, предвидена е ***Активност 5.1: Спроведување на редовни и на ад хок контроли (не само по основ на претставки)***, за која рокот за реализација е **2021 - континуирано**, а истата е во надлежност на **МТСП (МСПДМ)**. Во 2021 и 2024 година, оваа активност била „**нереализирана**", додека во 2022 и 2023 година оваа активност имала статус „**во тек**". За разлика од претходните години, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата во 2025 година извршил вкупно 21 вонредни и контролни инспекциски надзори за помош и нега од друго лице, од кои 14 се вонредни и 7 контролни инспекциски надзори. Поради тоа, оваа активност се смета за „**реализирана**" во 2025 година.




Слика 25: Вкупен степен на реализација во секторот

Од вкупно 10 активности предвидени за овој сектор, 8 активности се предвидени да се реализираат еднократно, а 2 активности се планирани како континуирани за периодот 2021-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 18 активности. Од нив, 6 активности биле реализирани (33%), 8 активности се нереализирани (44%), а 4 активности се во тек (22%).




Слика 26: Статус на активности по евалуационен период

Сите активности во овој сектор се во надлежност на МСПДМ.

# 11. СЕКТОР УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## Опис на секторот

Во однос на секторот урбанизам и просторно планирање во Стратегијата е утврден следниот приоритетен проблем:

1) Недоволен надзор над изведбата на градбите од втора категорија

За реализација на мерката и активноста предвидени за надминување на проблемот во секторот урбанизам и просторно планирање надлежна е следнава институција:

1) Министерството за транспорт и врски (во натамошниот текст: МТВ)

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот урбанизам и просторно планирање е констатиран еден приоритетен проблем, за чие надминување со Акцискиот план на Стратегијата се предвидени една мерка и една активност означена да се спроведува континуирано од 2022 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 4.**
Врз основа на добиените податоци и направената анализа во однос на реализација на мерките и активностите во секторот урбанизам и просторно планирање состојбата е следна:

| **Проблем 1: Недоволен надзор над изведбата на градбите од втора категорија** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Воспоставување засилен надзор над изведбата на градби од втора категорија** | 1.1. Измена на Законот за градење во насока на задолжително иницирање постапка за одземање на лиценцата за надзор на правното лице доколку е констатирана неправилност со прикажување на невистинита состојба | МТВ | Втора половина на 2022 - континуирано | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** |

За **Проблем 1: Недоволен надзор над изведбата на градбите од втора категорија** во секторот урбанизам и просторно планирање предвидена е **Мерка 1: Воспоставување засилен надзор над изведбата на градби од втора категорија** која ја опфаќа ***Активност 1.1: Измена на Законот за градење во насока на задолжително иницирање постапка за одземање на лиценцата за надзор на правното лице доколку е констатирана неправилност со прикажување на невистинита состојба***, за која рокот за реализација беше **втора половина на 2022 година – континуирано**, а носител е **МТВ (МТ)**. Активноста, во изминатите извештајни периоди била означена со статус **„во тек“**, додека во 2025 година е реализирана, со донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25), во кој е додадена уште една одредба во постојниот член 38 каде е утврдена причината за која се одземаат лиценците издадени согласно одредбите на овој закон. Имено, со измената на Законот од 21 мај 2025 година е воведена засилена контрола по службена должност (најмалку двапати годишно) од страна на МТ, со цел вршење на редовна проверка и констатација, а не само по поднесена пријава - доколку правното лице за вршење на надзор на изградба на градби изготви или завери писмен извештај за одделна фаза за градењето со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери завршен извештај за извршен надзор со констатации кои не се во согласност со изведените работи, изготви или завери извештај за извршен технички преглед спротивно на одредбите од членот 90 ставови (3) и (4) од законот.

МТ заклучно со декември 2025 година извршило задолжителна контрола, односно проверка на сите издадени лиценци од страна на Министерството, не само оние за надзор (за разлика од претходно кога по случаен избор се вршеше контрола на лиценци), и при тоа биле одземени 41 лиценца за вршење надзор на градби, од кои 27 се правосилни, а останатите се во управна постапка пред суд.




**Слика 27: Вкупен степен на реализација во секторот**




**Слика 28: Статус на активности по евалуационен период**

Сите активности во оваа област се во надлежност на МТ.

# 12. СЕКТОР ЖИВОТНА СРЕДИНА

## Опис на секторот

| Во однос на секторот животна средина во Стратегијата е утврден е следниов приоритетен проблем: |
| --- |
| 1) Невоспоставен интегриран систем за регионално управување со отпад. |

| За реализација на мерката и активностите предвидени за надминување на проблемот во секторот земјоделство надлежни се следниве институци: |
| --- |
| 1) Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст: МЖСПП) и<br>2) ЕЛС. |

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот Животна средина, за надминување на еден приоритетен проблем е предвидена една мерка и 2 еднократни активности.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Невоспоставен интегриран систем за регионално управување со отпад | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воспоставување на Регионални центри за управување со отпад** | 1.1. Објавување на оглас за избор на концесионери | МЖСПП | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 1.2. Донесување одлуки за доделување концесии за управување со отпад | ЕЛС<br>ЗЕЛС | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |

За **Проблем 1: Невоспоставен интегриран систем за регионално управување со отпад** во секторот животна средина предвидена е **Мерка 1: Воспоставување на Регионални центри за управување со отпад,** која опфаќа две активности и тоа:

- ***Активност 1.1: Објавување на оглас за избор на концесионери***, за која рокот за реализација беше **прва половина на 2022 година** а носител е **МЖСПП**. Оваа активност континуирано се спроведуваше изминатите години, но се уште не е реализирана во целост, па има статус **„во тек“**. Имено, МЖСПП известува дека фокусот на активностите во секторот за управување со отпад продолжува во насока на воспоставување интегриран регионален систем за управување со отпад, согласно обврските преземени со заемот од ЕБОР и ИПА проектите. Во тек е реализација на проектот за корпоративен развој и институционална поддршка (од декември 2024 година) и проектот за изработка на студијата за изводливост за вардарскиот и југоисточниот регион (од јули 2025 година), кои се дел од преоктот „Регионално управување со отпад“. Во рамките на истиот проект, во 2025 година се реализираше набавка на опрема за одржување на регионалната депонија во Русино и се реализираше набавката на возила и канти и контејнери за општините од пелагониски/југозападен регион за управување со отпад. Во тек е испораката на опремата. За источниот и североситочниот регион за управување со отпад се реализра проект за зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за имплементација на регионалниот систем за управување со отпад, (проект финасисран со ИПА 2 средства). Проектот завршил во декември 2025 година. Во тек е и проектот за затворањето на нестандардните депонии во источниот регион (кој се финансира со ИПА 2 средства).
- ***Активност 1.2: Донесување одлуки за доделување концесии за управување со отпад*** за која рокот за реализација беше **втора половина на 2022 година,** а носител се **ЕЛС**. Сепак, спроведувањето на оваа активност започнало дури во 2024 година. Како и во извештајот за 2024 година, ЗЕЛС во 2025 година повторно известува дека не е надлежна институција за оваа активност, а упатува на податоци од медиумите за преземени активности во насока на исполнување на активноста. Имено, на 10 декември 2025 година, во организација на SALAR International, а во соработка со МЖСПП, четиринаесет градоначалници го формирале Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад (МОУО) за југозападниот и пелагонискиот регион, соработка која, се воспоставува заради заедничко вршење на работи од надлежност на општините и остварување на заеднички интереси и цели. Оваа активност се смета **„во тек“** во изминатите две години.




**Слика 29: Вкупен степен на реализација во секторот**

**Од вкупно 2 активности предвидени во Стратегијата во секторот животна средина двете активности се во тек.**




**Слика 30: Статус на активности по евалуационен период**

За МЖСПП е предвидена една активност што е во тек;
За ЕЛС е предвидена една активност што е во тек.

# 13. СЕКТОР ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## Опис на секторот

Во однос на секторот земјоделство во Стратегијата е утврдени се следниве пет приоритетни проблеми:

1) Редефинирање на системот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост и воспоставување на ефективен надзор врз намената на користење на земјиштетои исполнувањето на договорите за користење на државно земјоделско земјиште;
2) Често менувања на регулативата и непрецизни критериуми за доделување на субвенции;
3) Недоволен број на вработени и нивна едукација, недоволна асистенција за упатување на граѓаните, нетранспарентност на постапките;
4) Концентрација на надлежности при креирање на политиките, нивното спроведување и надзор во областа храна и
5) Концентрација на надлежности при креирање на политиките, нивното спроведување и надзор во областа на ветеринарството.

За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемот во секторот земјоделство надлежни се следниве институциии:

1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: МЗШВ),
2) МФ,
3) ИС,
4) Агенцијата за храна и ветеринарство (во натамошниот текст: АХВ),
5) Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој (во натамошниот текст: АФПЗРР),
6) Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (во натамошниот текст: АПРЗ) и
7) Државен инспекторат за земјоделство (во натамошниот текст:ДИЗ).

## Степен на реализација на активностите во секторот

**Во секторот Земјоделство, за надминување на петте приоритетни проблеми се предвидени 9 мерки и 16 активности, од кои 15 активности се еднократни, а една активност е означена да се спроведува континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 20.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Редефинирање на системот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост и ефективен надзор врз намената на користење на земјиштето и исполнувањето на договорите за користење на државно земјоделско земјиште | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зајакнување на надзорот над наменското користење на земјиштето и реализација на договорите за закуп на земјоделско земјиште** | 1.1.Пропишување на детални процедури за вршење на надзор над наменското користење и реализација на договорите за закуп на земјоделско земјиште | МЗШВ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** |
| | 1.2.Измена на Законот за користење на земјоделско земјиште во насока на дефинирање на санкции за утврдени прекршувања, особено кај членовите на комисијата, кај организационата единица за управување со земјоделско земјиште и кај надлежните инспектори кои спроведуваат надзор кај економските оператори кои имаат земјоделско земјиште под концесија | МЗШВ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **2. Ревидирање на правилата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост** | 2.1. Ревидирање на методологијата за продажба на Државно земјоделско земјиште согласно пазарните услови врз основа на класи на земјоделско земјиште | МЗШВ | Прва половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3. Формирање на самостоен орган на државна управа основан од Собранието на Република Северна Македонија за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост** | 3.1. Менување на правниот статус на комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост како самостоен орган на државна управа основана од Собранието на Република Северна Македонија преку носење на закон | МЗШВ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 2: Често менувања на регулативата, непрецизни критериуми за доделување на субвенции** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Креирање на нови мерки и политики за поддршка засновани на начела за зачувување на животната средина, воведување на добри земјоделски практики и производство на здрава и безбедна храна, како и економски оправдани износи на субвенции** | 1.1 Пропишување на јасни и детални процедури за начинот на воведување на нови мерки со кои ќе овозможат заштита на животната средина и ќе се воведат добри земјоделски пракси и производство на здрава и безбедна храна | МЗШВ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** |
| | 1.2. Креирањето на секоја мерка да биде проследено со индикатор на успех заради следење на ефектите од финансиската поддршка. | МЗШВ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2. Воспоставување на мерливост на ефектите од примената на мерките за финансиска поддршка во земјоделието** | 2.1. Утврдување на Методологија со која ќе се обезбеди мерките за субвенционирање да се во улога на развој на земјоделството, а износите на субвенциите да бидат економски оправдани и го стимулираат реалното производство | МЗШВ | Прва половина на 2022 | Недоспеана | Нереализиран а | Нереализиран а | Нереализиран а | Нереализиран а |
| **Проблем 3: Недоволен број на вработени и нивна едукација, недоволна асистенција за упатување на граѓаните, нетранспарентност на постапките** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институциј а** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зајакнување на човечките капацитетите на институциите заради навремено и транспарентно запознавање на потенцијалните корисници со релевантни информации за полесен пристап до овие средства и навремено постапување по барањата** | 1.1. Зајакнување на човечките ресурси заради навремено постапување по барања за финансиска поддршка | МФ МЗШВ АФПЗРР АПРЗ | Прва половина на 2021 | Во тек | Во тек | Во тек | Во тек | Реализирана |
| | 1.2 Воспоставување на надлежност за поднесување на барања за директни плаќања (субвенции) кај еден надлежен орган за континуирана постапка на апликација | МФ МЗШВ АФПРЗ | Прва половина на 2021 | Нереализиран а | Нереализиран а | Нереализиран а | Нереализиран а | Нереализиран а |
| | 1.3.Донесување на законско решение за воспоставување советодавни служби за давање помош на потенцијалните корисници за доделување на финансиска поддршка | МЗШВ АФПЗРР АПРЗ | Прва половина на 2022 | Недоспеана | Во тек | Во тек | Реализирана | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2. Зголемување на транспарентноста на постапките и запознавање на потенцијалните корисници со релевантни информации за полесен пристап до овие средства.** | 2.1. Да се воспостават процедури за транспарентност-известување на потенцијалните корисници за условите за доделување на финансиска поддршка | МЗШВ<br>АФПЗРР<br>АПРЗ | Прва половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** | / | / |
| | 2.2. Да се спроведат обуки на вработените за унапредување на нивните знаења и зголемување на интегритетот | МЗШВ<br>АФПЗРР<br>АПРЗ | Втора половина на 2020 - континуирано | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 4: Концентрација на надлежности во креирање на политики (закони и подзаконски акти), спроведување на политика и спроведување на надзор во областа на храна** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување и надзор** | 1.1. Промена на законодавниот пакет во областа на храна во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки од областа на храна и храна за животни во Закон за безбедност на храна и Закон за безбедност на храна за животни | МЗШВ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 1.2. Формирање на посебен орган за инспекциската служба за храна или преземање на инспекторите во | МЗШВ<br>ИС<br>АХВ<br>ДИЗ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Државен инспекторат за земјоделство | | | | | | | |
| **Проблем 5: Концентрација на надлежности во креирање на политики (закони и подзаконски акти), спроведување на политика и спроведување на надзор во областа на ветеринарство** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Разграничување на надлежностите во трите сегмента креирање на политики, спроведување на стручни надлежности и спроведување на надзор** | 1.1. Промена на законодавниот пакет во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки од областа на ветеринарното здравство; Закон за ветеринарно здравство, Закон за ветеринарно медицински производи, Закон за нус производи од животинско потекло, Закон за идентификација и регистрација на животни | МЗШВ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 1.2. Формирање на посебен орган за инспекциската служба за ветеринарно здравство од органот кој спроведува имплементација на политиките во ветеринарно здравство во посебен инспекторат или преземање на инспекторите во | МЗШВ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Државен инспекторат за земјоделство | | | | | | | |

**Проблем 1: Редефинирање на системот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост и ефективен надзор врз намената на користење на земјиштето и исполнувањето на договорите за користење на државно земјоделско земјиште** содржи три мерки со четири активности.

**Мерка 1: Зајакнување на надзорот над наменското користење на земјиштето и реализација на договорите за закуп на земјоделско земјиште**, ги опфаќа следните активности:

- ***Активност 1.1: Пропишување на детални процедури за вршење на надзор над наменското користење и реализација на договорите за закуп на земјоделско земјиште.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МЗШВ**. За разлика од претходните години, оваа активност беше **„реализирана“** во 2025 година. Имено, на веб страната на МЗШВ прикачена е листа за проверка (https://diz.gov.mk/dokumenti/obrazci-tarifnici/), која е изработена за потребите на Државниот инспекторат за земјоделство, а ја користи при вршење на надзор над корисниците на државно земјоделско земјиште.
- ***Активност 1.2: Измена на Законот за користење на земјоделско земјиште во насока на дефинирање на санкции за утврдени прекршувања, особено кај членовите на комисијата, кај организационата единица за управување со земјоделско земјиште и кај надлежните инспектори кои спроведуваат надзор кај економските оператори кои имаат земјоделско земјиште под концесија.*** Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021** година, а истата е во надлежност на **МЗШВ**. Оваа активност остана **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период, со оглед на тоа дека сѐ уште не се предвидени санкции за членовите на Комисијата или секторот за управување со земјоделско земјиште.

**Мерка 2: Ревидирањето на правилата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост** ја опфаќа ***Активност 2.1: Ревидирање на методологијата за продажба на Државно земјоделско земјиште согласно пазарните услови врз основа на класи на земјоделско земјиште.*** Оваа активност, **МЗШВ** како надлежна институција требаше да ја реализира во **првата половина на 2021 година**. Оваа активност остана **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период бидејќи не се направени промени во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост.

**Мерка 3: Формирање на самостоен орган на државна управа основан од Собранието на Република Северна Македонија за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост** ја предвидува ***Активност 3.1: Менување на правниот статус на комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост како самостоен орган на државна управа основана од Собранието на Република Северна Македонија преку носење на закон***, за која рокот за реализација беше **прва половина на 2022 година**, а надлежна институција е **МЗШВ**. Оваа активност остана **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период, бидејќи не е направена промена на правниот статус на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**Проблем 2: Чести менувања на регулативата и непрецизните критериуми за доделување на субвенции** содржи две мерки со три активности.

За **Мерка 1: Креирање на нови мерки и политики за поддршка засновани на начела за зачувување на животната средина, воведување на добри земјоделски практики и производство на здрава и безбедна храна, како и економски оправдани износи на субвенции** предвидени се две активности:

- ***Активност 1.1: Пропишување на јасни и детални процедури за начинот на воведување на нови мерки со кои ќе овозможат заштита на животната средина и ќе се воведат добри земјоделски пракси и производство на здрава и безбедна храна.*** Рокот за реализација на активноста е **прва половина на 2022 година**, а е во надлежност на **МЗШВ.** Конечен статус на активноста е **„реализирана“**. Согласно доставениот извештај за 2025 година, МЗШВ донело Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 година (https://faolex.fao.org/docs/pdf/mac209144.pdf), во која во ДЕЛ II. Цели, типови на интервенции на политиките и мерки за периодот 2021-2027 година, се опфатени и II.5.6. Политики за управување со природни ресурси и ублажување на влијанието на климатските промени.
- ***Активност 1.2: Креирањето на секоја мерка да биде проследено со индикатор на успех заради следење на ефектите од финансиската поддршка***. Рокот за реализација на активноста е **прва половина на 2022 година**, а е во надлежност на **МЗШВ.** Конечниот статус на активноста е **„реализирана“** со донесувањето на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 година, во која се предвидени индикатори на успех за следење на ефектите од финансиската подршка.

**Мерка 2: Воспоставување на мерливост на ефектите од примената на мерките за финансиска поддршка во земјоделието** ја предвидува ***Активност 2.1: Утврдување на Методологија со која ќе се обезбеди мерките за субвенционирање да се во улога на развој на земјоделството, а износите на субвенциите да бидат економски оправдани и го стимулираат реалното производство***, за која рокот беше **прва половина на 2022 година**, надлежно е **МЗШВ**. Иако МЗШВ известува дека активноста е реализирана, видно од поднесениот извештај е дека не е утврдена Методологија со која ќе се обезбеди мерките за субвенционирање да се во улога на развој на земјоделството, а износите на субвенциите да бидат економски оправдани и го стимулираат реалното производство. Поради тоа активноста се смета за **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период.

**Проблем 3: Недоволен број на вработени и нивна едукација, недоволна асистенција за упатување на граѓаните, нетранспарентност на постапките** содржи две мерки со пет активности.

**Мерка 1: Зајакнување на човечките капацитетите на институциите заради навремено и транспарентно запознавање на потенцијалните корисници со релевантни информации за полесен пристап до овие средства и навремено постапување по барањата**, ги опфаќа следните активности:

- ***Активност 1.1: Зајакнување на човечките ресурси заради навремено постапување по барања за финансиска поддршка***. Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МФ**. За разлика од претходните години, кога оваа активност имала статус во тек, „**реализирана**" е во 2025 година. Согласно доставениот извештај во 2025 година, вкупниот број на вработени во АФПРЗ во месец октомври 2025 година изнесувал 236 лица и во однос на месец декември 2024 година е зголемен за 17 лица.

- ***Активност 1.2: Воспоставување на надлежност за поднесување на барања за директни плаќања (субвенции) кај еден надлежен орган за континуирана постапка на апликација.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МФ**. Оваа активност во текот на целиот извештаен период беше **„нереализирана"**. Имено, МФ извести дека во текот на 2025 година нема доставено барање за преземање на вработени од МЗШВ во АФПРЗ. Видно од претходните извештајни години е дека досега не се преземени работници од МЗШВ во АФПРЗ.

- ***Активност 1.3: Донесување на законско решение за воспоставување советодавни служби за давање помош на потенцијалните корисници за доделување на финансиска поддршка***. Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, надлежна институција е **МЗШВ**, а истата е „**реализирана**" во 2024 година. Согласно доставениот извештај, донесен е Закон за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој („Службен весник на РСМ" бр. 263/23).

**Мерка 2: Зголемување на транспарентноста на постапките и запознавање на потенцијалните корисници со релевантни информации за полесен пристап до овие средства** содржи две активности:

- ***Активност 2.1: Да се воспостават процедури за транспарентност - известување на потенцијалните корисници за условите за доделување на финансиска поддршка***. Рокот за реализација на активноста е **2021 година**, а надлежна институција е **МЗШВ**. Во 2021 и 2022 година активноста била нереализирана, а истата е „**реализирана**" во 2023 година.

- ***Активност 2.2: Да се спроведат обуки на вработените за унапредување на нивните знаења и зголемување на интегритетот***. Рокот за реализација на активноста е **2021 година - континуирано**, а надлежна институција е **МЗШВ**. Оваа активност единствено била означена во тек во 2023 година кога со

доставениот извештај МЗШВ информирало дека има донесено политика на интегритет, годишен план за проценка на ризици од корупција за 2023 година, но нема податоци дека се спроведени конкретни обуки на вработените за унапредување на нивните знаења и зголемување на интегритетот. Во останатите години од извештајниот период, истата е **„нереализирана“** бидејќи во Планот за обуки на МЗШВ не се предвидени специјализирани обуки во насока на унапредување на знаењето за интегритет.

За надминување на **Проблем 4: Концентрацијата на надлежности во креирање на политики (закони и подзаконски акти), спроведување на политика и спроведување на надзор во областа на храна**, во Акцискиот план на Стратегијата предвидена е

**Мерка 1: Разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување и надзор,** за која се предвидени ***Активност 1.1: Промена на законодавниот пакет во областа на храна во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки од областа на храна и храна за животни во Закон за безбедност на храна и Закон за безбедност на храна за животни*** и ***Активност 1.2: Формирање на посебен орган за инспекциската служба за храна или преземање на инспекторите во Државен инспекторат за земјоделство***. Рокот за реализација на двете активности е **втора половина на 2021 година**, носител е **МЗШВ**. Овие активности имаат конечен статус „**нереализирани**“. Овде е важно да се потенцира дека со Измените и дополнувањата на Стратегијата, донесени од ДКСК во 2023 година и доставени до Собранието на РСМ (но неусвоени), проблемот 4 од секторот земјоделство е отстранет, при што активностите поврзани со него се оценети како беспредметни.

**Проблем 5: Концентрација на надлежности во креирање на политики (закони и подзаконски акти), спроведување на политика и спроведување на надзор во областа на ветеринарство** во секторот земјоделство ја содржи

**Мерка 1: Разграничување на надлежностите во трите сегмента креирање на политики, спроведување на стручни надлежности и спроведување на надзор** која опфаќа две активности: ***Активност 1.1: Промена на законодавниот пакет во насока на разграничување на надлежностите за креирање на политики, нивно спроведување, надзор и водење на прекршочни постапки од областа на ветеринарното здравство; Закон за ветеринарно здравство, Закон за ветеринарно медицински производи, Закон за нус производи од животинско потекло, Закон за идентификација и регистрација на животни*** и ***Активност 1.2: Формирање на посебен орган за инспекциската служба за ветеринарно здравство од органот кој спроведува имплементација на политиките во ветеринарно здравство во посебен инспекторат или преземање на инспекторите во Државен инспекторат за земјоделство***. Рокот за двете активности е **втора половина на 2021 година**, а носител е **МЗШВ**. Овие активности

како и претходните, имаат конечен статус „**нереализирани**". Овде е важно да се потенцира дека со Измените и дополнувањата на Стратегијата, донесени од ДКСК во 2023 година и доставени до Собранието на РСМ (но неусвоени), проблемот 5 од секторот земјоделство е отстранет, при што активностите поврзани со него се оценети како беспредметни.




Слика 31: Вкупен степен на реализација во секторот

Од вкупно 20 активности во Стратегијата за секторот Земјоделство (било предвидено една активност да се спроведува континуирано од 2021 до 2025 година), 6 активности се реализирани (30%), 13 активности се нереализирани (65%), а една активност е во тек (5%).




Слика 32: Статус на активности по евалуационен период




**Слика 33: Вкупен статус на активности по институции**

- За МЗШВ се предвидени 18 активности, од кои 5 се реализирани, 12 се нереализирани, а една е во тек.
- За МФ се предвидени 2 активности, од кои една е реализирана, а една нереализирана.

# 14. СЕКТОР СПОРТ

## Опис на секторот

| Во однос на секторот спорт во Стратегијата е утврдени се следниве два приоритетни проблеми: |
|---|
| 1) Проблеми во стопанисувањето, користењето и одржувањето на објектите за спорт во сопственост на РСМ и објектите за спорт сопственост на ЕЛС;<br>2) Недостиг на инспекциски надзор во спортот. |

| За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемите во секторот спорт надлежни се следниве институции: |
|---|
| 1) Агенцијата за млади и спорт (во натамошниот текст: АМС),<br>2) Владата,<br>3) МП,<br>4) ДКСК и<br>5) ЕЛС. |

## Степен на реализација на активностите

**Во секторот Спорт, за надминување на двата приоритетни проблеми се предвидени 6 мерки и 15 активности, од кои 11 активности се еднократни, 3 активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2021 до 2025 година, а една активност е означена да се спроведува континуирано од 2022 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 30.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| **Проблем 1: Несоодветно стопанисување, користење и одржување на објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и на единиците на локална самоуправа** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Донесување на стратегија за објектите за спорт во државна сопственост** | 1.1. Анализа на состојбата во однос на објектите за спорт во државна сопственост | АМС<br>Влада | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 1.2. Попис на објектите за спорт во државна сопственост | АМС<br>ЕЛС | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 1.3. Изготвување на Стратегија за објектите за спорт во државна сопственост заснована на анализата и пописот, особено во поглед на: категоризација, сопственост, управување, располагање, користење I децентрализација | АМС | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| **2.Регулирање на правниот статус на објектите за спорт во државна сопственост** | 2.1. Анализа на договорите за користење на објектите за спорт во сопственост на РСМ и ЕЛС (правната и економска оправданост, рокови, почитување) | АМС<br>ЕЛС | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 2.2. Преземање на правни средства за регулирање на правниот статус на | АМС<br>ЕЛС | Втора половина на 2022 - континуирано | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | објектите за спорт во сопственост на РСМ и ЕЛС | | | | | | | |
| | 2.3. Спроведување на инспекциски надзор во поглед на користење на објектите за спорт во сопственост на РСМ и ЕЛС | АМС ЕЛС | 2021, Континуирано | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Реализирана** |
| **3.Законско регулирање на објектите за спорт** | 3.1. Донесување на Закон за објекти за спорт | МП | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 3.2. Донесување на подзаконски акти за:<br>- Категоризација на објектите<br>- Правилник за утврдување на надоместок за користење на објекти за спорт | МП | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| **4.Воспоставување на информатички систем за евиденција на објектите за спорт во државна сопственост** | 4.1. Изработка на база на податоци за објектите за спорт во државна сопственост (местоположба, категорија, општина, сопственост, површина, година на градба, содржини, структура и др.) | АМС | Прва половина на 2023 | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** |
| **Проблем 2: Недостаток на инспекциски надзор во спортот** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Воспоставување на независен инспекциски надзор во спортот** | 1.1. Анализа на актуелната состојба со инспекцискиот надзор во секторот | АМС | Прва половина на 2021 | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **и спортските објекти** | спорт и спортските објекти | | | | | | | |
| | 1.2. Измена и дополнување на Закон за спортот во делот за инспекциски надзор | МП | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 1.3. Воспоставување на Државен инспекторат за спорт | МП | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| **2.Едукација за интегритет и етика на спортските федерации, клубови, администрација** | 2.1. Донесување на програма за обуки и едукација за интегритет и етика на спортските федерации, клубови, администрација и спортските работници | АМС ЕЛС | Прва половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 2.2.Спроведување на обуки, работилници, тркалезни маси, јавни медиумски настапи за интегритет и етика | АМС ДКСК | Континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |
| | 2.3. Изработка на пропаганден материјал за интегритет и етика во спортот | АМС ДКСК | Континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализиран а** | **Нереализиран а** |

**Проблем 1: Несоодветно стопанисување, користење и одржување на објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и на едниците на локална самоуправа** содржи 4 мерки и 9 активности.

**Мерка 1: Донесување на стратегија за објектите за спорт во државна сопственост**, за која се предвидени следните активности:

- ***Активност 1.1: Анализа на состојбата во однос на објектите за спорт во државна сопственост***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **АМС (МС)**. Конечен статус на оваа активност е **„нереализирана“**, а МС како главна причина за неисполнувањето на активноста наведува дека не располагаат со доволен број човечки ресурси во секторот за спортски објекти.

- ***Активност 1.2: Попис на објектите за спорт во државна сопственост***. Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **АМС (МС)**. Активноста има конечен статус **„во тек“**. МС посочува дека во постоечкиот попис има попишано 1366 објекти за спорт во РСМ, 90% од општините имаат доставено податоци за постоечки спортски објекти на нивна територија, а останатите 10% и покрај доставено барање од надлежен орган немаат доставено податоци. Воедно, формирана била и Комисија од страна на Министерот за спорт за реализација на предметните активности.

- ***Активност 1.3: Изготвување на Стратегија за објектите за спорт во државна сопственост заснована на анализата и пописот, особено во поглед на категоризација, сопственост, управување, располагање, користење и децентрализација***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **АМС (МС)**. Оваа активност остана **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период.

**Мерка 2: Регулирање на правниот статус на објектите за спорт во државна сопственост** ги опфаќа следните активности:

- ***Активност 2.1: Анализа на договорите за користење на објектите за спорт во сопственост на РСМ и ЕЛС (правната и економска оправданост, рокови, почитување)***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **АМС (МС)**. Во првите три години од извештајниот период оваа активност не се реализирала, додека во 2024 и 2025 година активноста се оценува со статус „**во тек**“. МС известува дека е формирана Комисија од страна на минстерот за спорт во врска со надлежностите на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во државна сопственост и објектите кои се под негова надлежност.

- ***Активност 2.2: Преземање на правни средства за регулирање на правниот статус на објектите за спорт во сопственост на РСМ и ЕЛС***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2022 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **АМС (МС)**. Во првите три години од извештајниот период оваа активност не се реализирала, додека во 2024 и 2025 година активноста се оценува со статус „**во тек**“ бидејќи МС информира

дека е формирана работна група која има обврска да изработи акциски план за регулирање на правниот статус на објектите за спорт во сопственост на РСМ и ЕЛС.

- ***Активност 2.3: Спроведување на инспекциски надзор во поглед на користење на објектите за спорт во сопственост на РСМ и ЕЛС.*** Оваа активност треба да се реализира **од 2021 - континуирано**, а истата е во надлежност на **АМС (МС).** Во 2021, 2022 и 2024 година оваа активност не се реализирала, додека во 2023 година била во тек. Согласно последниот извештај од 2025 година истата е означена како „**реализирана**", со известување дека бил извршен вонреден инспекциски надзор во скијачки центар „Попова Шапка", за што изготвен е Записник Ип.бр.14-188/4 од 24.02.2025 година.

**Мерка 3: Законско регулирање на објектите за спорт** ги опфаќа ***Активност 3.1: Донесување на Закон за објекти за спорт*** и ***Активност 3.2: Донесување на подзаконски акти за категоризација на објектите и Правилник за утврдување на надоместок за користење на објекти за спорт.*** Рокот за реализација на двете активности е **2022 година**, надлежна институција во претходните извештајни периоди беше **МП**, додека од 2024 година надлежна институција е **МС**. И двете активности се **„нереализирани"** во текот на целиот извештаен период.

**Мерка 4: Воспоставување на информатички систем за евиденција на објектите за спорт во државна сопственост** содржи една ***Активност 4.1: Изработка на база на податоци за објектите за спорт во државна сопственост (местоположба, категорија, општина, сопственост, површина, година на градба, содржини, структура и др.).*** Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2023 година**, а истата е во надлежност на **АМС (МС)**. Оваа активност е со конечен статус **„во тек", а** МС известува дека е подготвена база на податоци на објекти за спорт во државна сопственост која треба да се ажурира со податоци од општини кои немаат доставено податоци за спортските објекти.

**Проблем 2: Недостаток на инспекциски надзор во спортот**.

**Мерка 1: Воспоставување на независен инспекциски надзор во спортот и спортските објекти** опфаќа три активности:

- ***Активност 1.1: Анализа на актуелната состојба со инспекцискиот надзор во секторот спорт и спортските објекти.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **АМС (МС)**. Активноста била „**реализирана**" во 2024 година. МС извести дека е изготвена анализа од страна на одделението за инспекциски надзор која се состои од воспоставување на независен инспекциски надзор во спортот и спортските објекти, со следнава содржина: анализа на актуелната состојба со инспекцискиот надзор во секторот спорт и спортските објекти; работење на инспекциската служба; надлежност и законска регулатива; проблеми со кои

се соочува инспекциската служба-одделение за инспекциски надзор во спортот; препораки и заклучок.

- ***Активност 1.2: Измена и дополнување на Закон за спортот во делот за инспекциски надзор***. Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, а надлежна институција за истата во претходните извештајни периоди беше **МП**, додека од 2024 година надлежна институција е **МС**. Активноста е со конечен статус **„нереализирана“**.
- ***Активност 1.3: Воспоставување на Државен инспекторат за спорт***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2022 година**, надлежна институција во претходните извештајни периоди беше **МП**, додека од 2024 година надлежно е **МС**. И за оваа активност завршен статус е **„нереализирана“**, со оглед дека не е воспоставен Државен инспекторат за спорт.

**Мерка 2: Едукација за интегритет и етика на спортските федерации, клубови, администрација** содржи три активности:

- ***Активност 2.1: Донесување на програма за обуки и едукација за интегритет и етика на спортските федерации, клубови, администрација и спортските работници***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а надлежна институција е **АМС (МС)**. Завршен статус за оваа активност е „**нереализирана**“, со оглед на фактот дека индикаторот на активноста е „донесена програма за обуки и едукација“, а петта година по ред се известува дека е во подготовка таквата програма.
- ***Активност 2.2: Спроведување на обуки, работилници, тркалезни маси, јавни медиумски настапи за интегритет и етика***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а надлежна институција е **АМС (МС)**. Во 2021 година оваа активност била нереализирана, во 2022 и 2023 година била во тек бидејќи во 2023 година одржала конференција во Хотел Лимак во Скопје на која присуствуваа сите валидни спортски медиуми, а гостувале и спортисти, спортски работници, претставници на спортските федерации и академската заедница. ДКСК смета дека оваа активност треба да се спроведе врз основа на донесена програма за обуки и едукација за интегритет и етика на спортските федерации, клубови, администрација и спортските работници, која АМС не ја има донесено во текот на целиот извештаен период. Од таа причина, во 2024 и 2025 година, активноста се смета за „**нереализирана**“.
- ***Активност 2.3: Изработка на пропаганден материјал за интегритет и етика во спортот***. Рокот за оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а надлежна институција е **АМС (МС)**. Во 2021 година оваа активност не била реализирана, во 2022 и 2023 година била во тек, додека во 2024 и 2025 година истата беше **„нереализирана“**.




Слика 34: Вкупен степен на реализација во секторот

Од вкупно 15 активности предвидени за овој сектор, 11 активности се предвидени да се реализираат еднократно, 3 активности се планирани како континуирани за периодот 2021-2025 година, а една активност е предвидена за континуирана за периодот 2022-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 30 активности. Од нив, 2 активности биле реализирани (7%), 18 активности се нереализирани (60%), а 10 активности се во тек (33%).




Слика 35: Статус на активности по евалуационен период

Од 2024 година, за сите активности од секторот спорт, надлежна институција е МС.

# 15. СЕКТОР ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС

## Опис на секторот

Во однос на секторот економија и бизнис во Стратегијата е утврдени се следниве четири приоритетни проблеми:

1) Непостоење регистар на доделена државна помош на економски оператори во сопственост на домашни и странски правни лица;
2) Прекумерно доделување на концесии, недоволна транспарентност на концесиските договори и недоволно развиени механизми за утврдување на реалниот концесиски надоместок за експлоатирани суровини;
3) Непостоење на регистри на имотот во сопственост на Република Северна Македонија и ЕЛС;
4) Недоволна вклученост на помалите економски субјекти во процесот на креирање на економските и другите политики релевантни за бизнис-заедницата.

За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемите во секторот економија и бизнис надлежни се следниве институции:

1) Владата,
2) МЕ,
3) МЖСПП,
4) МЗШВ,
5) МЗ,
6) МИОА,
7) МВР,
8) Агенција за катастар на наедвижности (во натамошниот текст: АКН),
9) Комисија за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК),
10) Агенција за поддршка на претприемништвото (во натамошниот текст: АПП),
11) Граѓански сектор и
12) Бизнис заедница.

## Степен на реализација на активностите

**Во секторот Економија и бизнис, за надминување на четирите приоритетни проблеми се предвидени 8 мерки и 13 активности, од кои 8 активности се еднократни, 3 активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2021 до 2025 година, а 2 активности се означени да се спроведуваат континуирано од 2022 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 31.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| **Проблем 1: Непостоење регистар на доделена државна помош на економски оператори во сопственост на домашни и странски правни лица** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Воспоставување, јавно објавување и ажурирање на регистар со информации за секој облик на државна помош** | 1.1. Изработка на регистар на државна помош во рамките на Комисијата за заштита на конкуренцијата | КЗК | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 2: Прекумерно доделување на концесии, недоволна транспарентност на концесиските договори и недоволно развиени механизми за утврдување на реалниот концесиски надоместок за експлоатирани суровини** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1.Оптимизирање на користењето на природните богатства во насока на заштита на животната средина** | 1.1.Изработка на физибилити студија за утврдување на состојбите со користењето на природните ресурси по области | МЕ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** |
| | 1.2. Усвојување на политики и мерки во насока на исполнување на препораките од физибилити студијата | МЕ<br>Влада | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** |
| **2. Зголемување на транспарентноста на доделувањето концесии** | 2.1. Јавно објавување на договорите за концесии за експлоатација на суровини | МЕ<br>МЖСПП<br>МЗШВ | Втора половина на 2022 – континуирано | **Недоспеана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** |
| **3.Развивање на механизми за утврдување на висината и наплатата на** | 3.1. Анализа и ревидирање на висината на износот на концесискиот надомест и на | МЕ<br>МЖСПП<br>МЗШВ | Прва половина на 2021 – континуирано | **Реализирана** | **Реализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **реалниот концесиски надоместок за експлоатирани суровини** | степенот на негова наплата. | | | | | | | |
| | 3.2. Развивање на Методологија и механизми за утврдување на реален концесиски надоместок | МЕ | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** |
| **4. Зголемување на контролата при експлоатацијата на суровините по** | 4.1. Зголемување на бројот на вработените во инспекциски служби | МЕ МЖСПП | Прва половина на 2021 | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** |
| | 4.2.Спроведување на обуки на вработените во надлежните инспекциски служби | МЗ | Прва половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 3: Непостоење на регистри за имотот во сопственост на Република Северна Македонија и ЕЛС** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Воспоставување на единствена евиденција на недвижниот имот на Република Северна Македонија** | 1.1. Ажурирање на електронска евиденција на недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата и ЕЛС | АКН | Прва половина на 2021 - континуирано | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** | **Во тек** |
| | 1.2 Обезбедување на транспарентност со вградување на опција да се врши отворено | АКН | Прва половина на 2021 - континуирано | **Нереализирана** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | пребарување на имотот во државна сопственост на дистрибутивниот портал на Агенцијата за катастар на недвижности (по ЕИБ, назив на државен орган, тип на недвижност и други критериуми) | | | | | | | |
| **2. Воспоставување јавно достапен регистар за моторни возила во сопственост на институциите од јавниот сектор и ЕЛС (освен за возилата за специјални намени)** | 2.1 Постојниот регистар на моторни возила кој се води при МВР да се надгради со можност податоците да бидат јавно достапни и лесни за пребарување по институции | МВР | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** |
| **Проблем 4: Недоволна вклученост на помалите економски субјекти во процесот на креирање на економските и другите политики релевантни за бизнис заедницата** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зголемување на транспарентноста на процесот на креирање економски и други релевантни политики за бизнис заедницата** | 1.1. Измена на Методологијата за проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во насока на подетално објавување на причините за донесување на определено законско решение, главните предлози кои биле предмет на разгледување (и нивните предлагачи) и влијанието на избраното решение | МИОА | Втора половина на 2021 | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | врз економската клима и бизнис заедницата | | | | | | | |
| | 1.2. Спроведување обуки, менторство и поддршка на микро и малите претпријатија за градење на заеднички ставови и настап во однос на политиките кои влијаат на економската клима и условите за нивно работење во земјата | АПП<br>Граѓански сектор<br>Бизнис асоцијации | Прва половина на 2022 - континуирано | **Недоспеана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** | **Реализирана** |

За надминување на **Проблемот 1: Непостоењето на регистар на доделена државна помош на економски оператори во сопственост на домашни и странски правни лица,** предвидена е единствена **Мерка 1: Воспоставување, јавно објавување и ажурирање на регистар со информации за секој облик на државна помош**, со ***Активност 1.1: Изработка на регистар на државна помош во рамките на Комисијата за заштита на конкуренцијата***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **КЗК**. Оваа активност остана **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период. Како главна причина за неисполнување на активноста, КЗК наведува дека има недостаток на финансиски средства.

**Проблем 2: Прекумерно доделување на концесии, недоволна транспарентност на концесиските договори и недоволно развиени механизми за утврдување на реалниот концесиски надоместок за експлоатирани суровини.**

**Мерка 1: Оптимизирање на користењето на природните богатства во насока на заштита на животната средина** ги опфаќа следните активности:

- ***Активност 1.1: Изработка на физибилити студија за утврдување на состојбите со користењето на природните ресурси по области***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МЕРМС**, согласно Законот за изменување и дополнување на ЗОРОДУ. Во изминатите години оваа активност не се реализирала, па МЕРМС известува дека активноста е „**реализирана**“ во 2025 година преку подготовка на Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија 2025-2045, која во текот на годината била доставена и усвоена од страна на Владата.
- ***Активност 1.2: Усвојување на политики и мерки во насока на исполнување на препораките од физибилити студијата***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **МЕРМС**, согласно Законот за изменување и дополнување на ЗОРОДУ. Во изминатите години оваа активност не се реализирала, па МЕРМС известува дека активноста е „**реализирана**“ во 2025 година со изработената Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија 2025-2045, во која се утврдени политиките и мерките за состојбите со користењето на природните ресурси, односно истите се утврдени преку три приоритетни области (економија, животна средина и социјала) преку општи и посебни цели, мерки и активности кои се дадени во Акциски план со дадена конкретна временска рамка за исполнување на мерките.

**Мерка 2: Зголемување на транспарентноста на доделувањето концесии** ја опфаќа ***Активност 2.1: Јавно објавување на договорите за концесии за експлоатација на суровини***, предвидена за **втора половина на 2022 година** –

**континуирано**, а истата е во надлежност на **МЕРМС**, согласно Законот за изменување и дополнување на ЗОРОДУ. Во 2022 година оваа активност била во тек бидејќи затоа што министерството почнало да ги објавува договорите. Во 2023 и 2024 година не се реализирала активноста. Во 2025 година, на веб страната на МЕРМС се прикачени скенирани склучените договори за концесии за експлоатација на минерални суровини и континуирано се прикачуваат (https://energy.gov.mk/mk-MK/dokumenti/dogovori-za-koncesija), со што активноста е означена за „**реализирана**“.

**Мерка 3: Развивање на механизми за утврдување на висината и наплатата на реалниот концесиски надоместок за експлоатирани суровини** опфаќа две активности и тоа:

- ***Активност 3.1: Анализа и ревидирање на висината на износот на концесискиот надомест и на степенот на негова наплата***, предвидена за **прва половина на 2021 година - континуирано,** била во надлежност на **МЕ (МЕТ),** а од 2024 година е во надлежност на **МЕРМС**. Во 2021 и 2022 година оваа активност била реализирана, додека во 2023 и 2024 година истата не се реализирала. Во 2025 година МЕРМС известува дека активноста е „**реализирана**“. Врз основа на направена детална анализа донесен е нов Тарифник за утврдување на висината на концесискиот надоместок за вршење на деталните геолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини (Службен весник на Република Северна Македонија бр.268/24) од 25.12.2024 година, со примена од 01.01.2025 година, а со кој се изврши ревидирање на висината на износот на концесискиот надоместок. Континуирано се следи наплатата на концесискиот надоместок за користење на простор и за експлоатирани продавани количини.
- ***Активност 3.2: Развивање на Методологија и механизми за утврдување на реален концесиски надоместок***, предвидена за **втора половина на 2021 година**, била во надлежност на **МЕ (МЕТ)**, а од 2024 година е во надлежност на **МЕРМС**. За разлика од изминатите години кога активноста не се реализирала, во 2025 година, МЕРМС извести дека за утврдувањето на реален концески надоместок се изработува Тарифник кој произлегува од Законот за минерални суровини. При изработката на Тарифникот, а со цел утврдување на реален концесиски надоместок, се прави споредбена анализа во однос на пазарната цена на минералните суровини, а која пазарна цена е променлива во земјите од регионот како и од земјите во Европа и светот (https://gsgovmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/teodora_cvetkoska_energy_gov_mk/IQBlabj4FNAoSqKIzO_UVFzZAcQdCCwTWkep9IMuij0Kvss?e=X82twb). МЕРМС наведува дека во тек е постапка за изработка на Закон за рударство, во кој ќе биде пропишана постапката за донесување на Тарифник со кој висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за експлоатација на минерални суровини ќе биде утврдена во зависност од видот, количината, квалитетот, начинот на преработка на минералната суровина, степенот на

искористувањето на минералната суровина и методологијата за класификација по квалитет на мермерите и архитектонско-градежниот камен. Активноста се смета **„во тек“** во 2025 година, се до донесување на предметниот закон и утврдување на Методологија и механизми за утврдување на реален концесиски надоместок.

**Мерка 4: Зголемување на контролата при експлоатацијата на суровините по доделени концесии** исто така опфаќа две активности, и тоа:

- ***Активност 4.1: Зголемување на бројот на вработените во инспекциски служби.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година - континуирано**, била во надлежност на **МЕ (МЕТ)**, а од 2024 година е во надлежност на **МЕРМС**. Конечен статус на активноста е „**реализирана**“. Согласно последниот доставен извештај од МЕРМС, во Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини кој е во состав на МЕРМС биле вработени дополнително и двајца инспектори, со што вкупниот број на вработени во инспекторатот изнесува 16 лица, од кои 13 се инспектори.
- ***Активност 4.2: Спроведување на обуки на вработените во надлежните инспекциски служби.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МЗ**. Иако во изминатите четири години МЗ се произнесува за ненадлежна институција, оваа година известува дека активноста е реализирана. Притоа, МЗ известува дека се спроведени сите предвидени обуки на надлежните инспекциски служби, но мерката е зголемување на контролата при експлоатација на суровините по доделени концесии. Со оглед на тоа дека МЗ навистина нема надлежност за наведената активност, како и фактот дека МЗ нема доставено реализирана програма на обуки на која ДКСК би имала увид во темата на обуките, активноста се смета за „**нереализирана**“ во текот на целиот извештаен период.

**Проблем 3: Непостоење на регистри за имотот во сопственост на државата и ЕЛС.**

**Мерка 1: Воспоставување на единствена евиденција на недвижниот имот на Република Северна Македонија** ги опфаќа следните активности:

- ***Активност 1.1: Ажурирање на електронска евиденција на недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата и ЕЛС.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **АКН**. Оваа активност е **„во тек“** во текот на целиот извештаен период. Имено, како што стои во извештајот, регистарот на недвижен имот во државна сопственост е воспоставен, а неговото ажурирање зависи од ажурноста на институциите од доставување на одлуките за запишување на правото на

сопственост, одлуките за давање на трајно користење на недвижни ствари, итн.

- ***Активност 1.2: Обезбедување на транспарентност со вградување на опција да се врши отворено пребарување на имотот во државна сопственост на дистрибутивниот портал на Агенцијата за катастар на недвижности (по ЕИБ, назив на државен орган, тип на недвижност и други критериуми).*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2021 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **АКН**. Единствено во 2022 година оваа активност имала статус во тек, додека во останатите години од извештајниот период се оценува како **„нереализирана“**.

**Мерка 2: Воспоставување јавно достапен регистар за моторни возила во сопственост на институциите од јавниот сектор и ЕЛС (освен за возилата за специјални намени)** предвидува една ***Активност 2.1: Постојниот регистар на моторни возила кој се води при МВР да се надгради со можност податоците да бидат јавно достапни и лесни за пребарување по институции***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, истата е во надлежност на **МВР** и има конечен статус **„во тек“**. Имено, видно од последниот извештај е дека изготвена била техничка спецификација за изработка на софтвер за Регистар на возила (комплетно веб интегрирано решение) со единствена централизирана база на податоци, подготовена е тендерска документација за изработка на софтвер за Регистар за возила и направена е објава на тендер за набавка на истиот.

**Проблем 4: Недоволна вклученост на помалите економски субјекти во процесот на креирање на економските и другите политики релевантни за бизнис заедницата**. За овој проблем предвидена е **Мерка 1: Зголемување на транспарентноста на процесот на креирање економски и други релевантни политики за бизнис заедницата**, која ги опфаќа следните **активности**:

- ***Активност 1.1: Измена на Методологијата за проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во насока на подетално објавување на причините за донесување на определено законско решение, главните предлози кои биле предмет на разгледување (и нивните предлагачи) и влијанието на избраното решение врз економската клима и бизнис заедницата***. Рокот за реализација на оваа активност беше **втора половина на 2021 година**, а истата е во надлежност на **МИОА (МЈА)**. Во текот на целиот извештаен период, оваа активност е со статус **„нереализирана“.** МЈА известува дека активноста е во тек. Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година се предвидува подготовка на нови акти за ПВР (Методологија за ПВР, Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на ПВР и Одлука за формата и содржината на Извештајот за ПВР). Сепак, видно е дека не се започнати активности за измена на предметната методологија.

- ***Активност 1.2: Спроведување обуки, менторство и поддршка на микро и малите претпријатија за градење на заеднички ставови и настап во однос на политиките кои влијаат на економската клима и условите за нивно работење во земјата.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2022 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **АПП**. Оваа активност е **„реализирана“** во сите извештајни периоди.




**Слика 36: Вкупен степен на реализација во секторот**

Од вкупно 13 активности предвидени за овој сектор, 8 активности се предвидени да се реализираат еднократно, 3 активности се планирани како континуирани за периодот 2021-2025 година, а 2 активности се предвидени за континуирани за периодот 2022-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 31 активност. Од нив, 11 активности биле реализирани (35%), 11 активности се нереализирани (35%), а 9 активности се во тек (30%).




**Слика 37: Статус на активности по евалуационен период**




**Слика 38: Вкупен статус на активности по институции**

- МЕТ има 13 активности од кои 7 се реализирани, 4 се нереализирани, а 2 се во тек.
- МЈА има една активност која е нереализирана.
- МВР има една активност која е во тек.
- За АКН има 10 активности, од кои 4 се нереализирани, а 6 се во тек.
- АПП има 4 активности кои се реализирани.
- КЗК има една активност која е нереализирана.
- МЗ има една активност која е нереализирана.

# 16. СЕКТОР ЈП И АД ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА И ЕЛС

## Опис на секторот

Во однос на секторот ЈП и АД во сопственост на државата и ЕЛС во Стратегијата е утврдени се следниве три приоритетни проблеми:

1) Недостиг од унифицирани и официјални информации за правни лица во сопственост на државата и ЕЛС;
2) Недостиг од системски пристап за превенција од корупција во претпријатија во сопственост на државата и ЕЛС;
3) Несоодветна правна рамка за работењето на претпријатијата во сопственост на државата и ЕЛС.

За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемите во секторот економија и бизнис надлежни се следниве институции:

1) Владата,
2) МЕ,
3) ДКСК,
4) МЛС,
5) МФ,
6) Централен регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст:ЦРРСМ).

## Степен на реализација на активностите

**Во секторот ЈП и АД во државна сопственост и сопственост на ЕЛС, за надминување на трите приоритетни проблеми се предвидени 3 мерки и 6 активности, од кои 5 активности се еднократни, а една активност е означена да се спроведува континуирано во 2024 и во 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 7.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Недостиг од унифицирани и официјални информации за правни лица во сопственост на државата и ЕЛС | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| 1. **Изготвување на единствена база на податоци за правни лица основани согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва каде државата и локалната самоуправа е сопственик или има сопственички удели.** | 1.1.Воспоставување на регистар и негово ажурирање со податоци за сопственииштвото и финансиските резултати во претпријатијата | МЕ<br>МЛС<br>МФ<br>ЦРРСМ | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 2: Недостиг на системски пристап за превенција од корупција во претпријатија во сопственост на државата и ЕЛС** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| 1. **Воведување и имплементација на антикорупциска програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС** | 1.1.Изготвување на антикорупциска програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС | ДКСК | Втора половина на 2023 година | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Реализирана** | / | / |
| | 1.2.Усвојување на антикорупциската програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС од страна на Владата | Влада | Прва половина на 2024 | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 1.3.Воспоставување на ефикасен мониторинг на примената на програмата. | Влада | Втора половина на 2024-континуирано | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| **Проблем 3: Несоодветна правна рамка за работењето на претпријатија во сопственост на државата и ЕЛС** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Воспоставување на единствена законска рамка за работењето на трговски друштва во доминантна сопственост на државата и ЈП основани од Владата и локалната самоуправа.** | 1.1.Компаративна анализа на законодавството со земјите од регионот и земји членки на ЕУ во насока на детектирање на добри решенија | МЕ | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** |
| | 1.2.Донесување на единствен закон со кој ќе се уреди работењето на овие категории правни субјекти | МЕ | Прва половина на 2023 | **Недоспеана** | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Во тек** |

За **Проблем 1: Недостиг од унифицирани и официјални информации за правни лица во сопственост на државата и ЕЛС**, предвидена е **Мерка 1: Изготвување на единствена база на податоци за правни лица основани согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва каде државата и локалната самоуправа е сопственик или има сопственички удели**, и ***Активност 1.1:Воспоставување на регистар и негово ажурирање со податоци за сопственииштвото и финансиските резултати во претпријатијата***. Рокот за реализација беше **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **МЕ (МЕТ)**. Оваа активност остана **„нереализирана“** во текот на целиот извештаен период. МЕТ известува дека во моментов постои изготвен нацрт закон со предвиден Регистар во кој не се планирани податоци за сопственииштво, со дадени насоки дека податоци за сопствеништвото ќе бидат внесени во друг регистар.

За **Проблем 2: Недостиг на системски пристап за превенција од корупција во претпријатија во сопственост на државата и ЕЛС** е предвидена **Мерка 1: Воведување и имплементација на антикорупциска програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС** и три активности:

- ***Активност 1.1: Изготвување на антикорупциска програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС.*** Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2023 година**, а истата е во надлежност на **ДКСК** и беше „**реализирана**“ во предвидениот рок и доставена до Владата.
- ***Активност 1.2: Усвојување на антикорупциската програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС од страна на Владата***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2024 година**, а истата е во надлежност на **Владата**. ВРСМ известува дека Антикорупциската програма донесена од ДКСК во 2023 година не е усвоена во предвидениот рок, па активноста е означена со завршен статус како **„нереализирана“**.
- ***Активност 1.3: Воспоставување на ефикасен мониторинг на примената на програмата.*** Рокот за реализација на оваа активност **е втора половина на 2024 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **Владата**. Бидејќи Антикорупциската програма не е усвоена во предвидениот рок, активноста има конечен статус **„нереализирана“**.

За **Проблем 3: Несоодветна правна рамка за работењето на претпријатија во сопственост на државата и ЕЛС** предвидена е **Мерка 1: Воспоставување на единствена законска рамка за работењето на трговски друштва во доминантна сопственост на државата и ЈП основани од Владата и локалната самоуправа**, која ги опфаќа следните активности:

- ***Активност 1.1: Компаративна анализа на законодавството со земјите од регионот и земји членки на ЕУ во насока на детектирање на добри решенија***, која е предвидена за **втора половина на 2022 година** и во надлежност на **МЕТ**. Согласно последниот поднесен извештај, активноста

има завршен статус „**нереализирана**", иако во извештајот наведуваат дека е направена компаративна анализа пред изготвување на нацрт стратегија и нацрт закон за јавните претпријатија и трговските друштва.

- ***Активност 1.2: Донесување на единствен закон со кој ќе се уреди работењето на овие категории правни субјекти***. Рокот за реализација на оваа активност е **прва половина на 2023 година**, а истата е во надлежност на **МЕТ**. Оваа активност има конечен статус „**во тек**", со оглед дека МЕТ направило компаративна анализа по што е изготвена нацрт стратегија и нацрт закон за јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост со кои ќе се уреди работењето на овие категории на правни субјекти, но не ги опфаќа јавните претпријатија и трговските друштва основани од локалната самоуправа, односно општините и Градот Скопје.




**Слика 39: Вкупен степен на реализација во секторот**

**Од вкупно 6 активности предвидени за овој сектор, 5 активности се предвидени да се реализираат еднократно, а една активност е планирана како континуирана за периодот 2024-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 7 активности. Од нив, 1 активност е реализирана (14%), 5 нереализирани (72%), а една активност е во тек (14%).**




**Слика 40: Статус на активности по евалуационен период**




**Слика 41: Вкупен статус на активности по институции**

- МЕТ има вкупно 3 активности, од кои две се нереализирани, а една е во тек.
- За ДКСК е предвидена една активност која е реализирана.
- Владата има 3 активности кои се нереализирани.

# 17. СЕКТОР МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

## Опис на секторот

Во однос на секторот медиуми и граѓанско општество во Стратегијата е утврдени се следниве три приоритетни проблеми:

1) Недоволна транспарентност на институциите од јавниот сектор за соработката со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници;
2) Непостоење на законски основ за регулација и евиденција на онлајн медиумите;
3) Зајакнување на транспарентноста на институциите при планирање на средствата за финансирање на ГО како и на отчетноста од реализацијата

За реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемите во секторот медиуми и граѓанско општестцо надлежни се следниве институции:

1) Владата,
2) МИОА
3) МП,
4) МФ
5) Здружението на новинари (во натамошниот текст: ЗНМ),
6) Советот за етика во медиумите (во натамошниот текст: СЕЕМ) и
7) Стопанската комора

## Степен на реализација на активностите

**Во секторот Медиуми и граѓанско општество, за надминување на трите приоритетни проблеми се предвидени 5 мерки и 8 активности, од кои 7 активности се еднократни, а една активност е означена да се спроведува континуирано од 2021 до 2025 година, со што вкупниот број на евалуирани активности за петгодишниот период изнесува 12.** Врз основа на спроведената анализа на годишните извештаи, состојбата со реализација на активностите е следна:

| Проблем 1: Недоволна транспарентност на институциите од јавниот сектор за соработката со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| 1. **Воспоставување на обврска за институциите од јавен сектор да доставуваат извештаи за склучени и реализираните договори со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници** | 1.1.Измени на законот за ААВМУ во однос на воспоставување на обврска за институциите од јавен сектор и ЕЛС јавно да ги објавуваат извештаите за склучени и реализирани договори од било кој вид со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници. | МИОА | Прва половина до 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** |
| 2. **Подобрување на критериумите за доделување на државна помош за печатените медиуми** | 2.1.Анализа на постојните критериуми за доделување на државна помош | Влада | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| | 2.2.Измена на одлуката за програмата за поддршка за печатени и дистрибуција на печатените медиуми | Влада | Втора половина на 2022 | **Недоспеана** | **Нереализирана** | **Во тек** | **Реализирана** | / |
| **Проблем 2: Зајакнување на саморегулацијата во однос на онлајн медиумите** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| **1. Зајакнување на саморегулацијата во однос на онлајн медиумите** | 1.1.Анализа на состојбата со онлајн медиумите во однос на професионалноста и | ЗНМ и СЕММ | Втора половина на 2021 | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Нереализирана** | **Реализирана** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | интегритетот во нивното работење | | | | | | | |
| | 1.2.Утврдување на механизми за зајакнување на саморегулацијата на онлајн медиумите | ЗНМ и СЕММ | Втора половина на 2021 | Реализирана | / | / | / | / |
| 2. **Надградување на регистарот на професионални онлајн медиуми** | 2.1.Усвојување и примена на позитивни меѓународни практики за надградување на регистарот на професионални онлајн медиуми | ЗНМ и СЕММ | Втора половина на 2021 - континуирано | Реализирана | Во тек | Нереализирана | Реализирана | Реализирана |
| **Проблем 3: Зајакнување на транспарентноста на институциите при планирање на средствата за финансирање на ГО како и на отчетноста за реализацијата и ефектите на проектите** | | | | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна институција** | **Рок за реализација** | **Статус 2021** | **Статус 2022** | **Статус 2023** | **Статус 2024** | **Статус 2025** |
| 1. **Зајакнување на транспарентноста на институциите при планирањето на средствата за финансирање на ГО како и отчетноста за реализацијата и ефектите на проектите** | 1.1.Изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации во насока на пропишување обврска за воспоставување единствена база на податоци со информации за доделените средства и ефектите од проектите за сите ГО кои добиваат средства од јавни институции и ЕЛС | МП<br>МФ<br>МИОА | Прва половина на 2022 | Недоспеана | Во тек | Во тек | Нереализирана | Во тек |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.2. Изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации во насока на пропишување обврска јавни институции и ЕЛС за редовно ажурирање на единствена база на податоци | МП<br>МФ<br>МИОА | Прва половина на 2022 | **Недоспеана** | **Во тек** | **Во тек** | **Нереализирана** | **Во тек** |

**Проблем 1: Недоволна транспарентност на институциите од јавниот сектор за соработката со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници.**

**Мерката 1: Воспоставување на обврска за институциите од јавен сектор да доставуваат извештаи за склучени и реализираните договори со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници** ја опфаќа ***Активност 1.1: Измени на законот за ААВМУ во однос на воспоставување на обврска за институциите од јавен сектор и ЕЛС јавно да ги објавуваат извештаите за склучени и реализирани договори од било кој вид со медиуми, интернет портали, маркетинг агенции и медиумски работници.*** Рокот за реализација на оваа активност беше **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **МИОА (МДТ)**. Активноста има конечен статус „нереализирана", со оглед на тоа дека, иако во 2024 година со донесување Законот за изменување и дополнување на ЗААВМУ („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/24), уредени биле постапките за спроведување на државни кампањи на државно и на локално ниво, останало како обврска да се измени и Законот за медиумите, во кој ќе се регулира статусот и обврските на онлајн медиумите. Дополнително, МДТ извести дека во декември 2025 година го започнало процесот за усогласување на македонското со европското законодавство, во кој процес ќе се работи на подготовка на Стратегија за развој на медиумскиот сектор со Акциски план, како и транспонирање на Европскиот акт за слобода на медиумите (European Media Freedom Act) во домашната законска регулатива и дека во овој процес ќе бидат земени во предвид препораките, мерките и активностите содржани во областа 5.13 Медиуми и граѓанско општество.

**Мерка 2: Подобрување на критериумите за доделување на државна помош за печатените медиуми** опфаќа две активности:

- ***Активност 2.1: Анализа на постојните критериуми за доделување на државна помош***, за која рокот за реализација беше **прва половина на 2022 година**, а истата е во надлежност на **Владата**. Оваа активност била „**реализирана**" во 2024 година со донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за медиумите („Службен весник на РСМ" бр. 63/24 и 74/24), во кој се предвидени критериуми за поддршка на печатените медиуми.
- ***Активност 2.2: Измена на одлуката за програмата за поддршка за печатени и дистрибуција на печатените медиуми***, за која рокот за реализација беше **втора половина на 2022 година**, а надлежна институција е **Владата**. Конечен статус на активноста е „**реализирана**", со донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.63/24 и 74/24), кој се однесува на поддршката на печатените медиуми (член 28-а и 28-б).

За **Проблем 2: Зајакнување на саморегулацијата во однос на онлајн медиумите**, се предвидува

**Мерка 1: Зајакнување на саморегулацијата во однос на онлајн медиумите** која опфаќа две активности:

- ***Активност 1.1: Анализа на состојбата со онлајн медиумите во однос на професионалноста и интегритетот во нивното работење***, со рок за реализација на **втора половина на 2021 година**, во надлежност на **ЗНМ**. Активноста има конечен статус **„реализирана“**. Иако ЗНМ нема доставено извештај за активноста, по извршеното пребарување и анализа на достапните документи од сферата на онлајн медиумите и професионалноста и интегритетот во нивното работење, видно е дека се спроведени одредени анализи на работењето на онлајн медиумите, особено во однос на професионалноста и интегритетот во нивното работење. Анализи, водичи и насоки се достапни на следните линкови: https://www.undp.org/sites/g/files/zskgke326/files/2024-01/media_integrity_guide_mk_final_0.pdf; znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/МК-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web-final.pdf; https://semm.mk/nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite/.
- ***Активност 1.2: Утврдување на механизми за зајакнување на саморегулацијата на онлајн медиумите***, со рок за реализација на **втора половина на 2021 година**, во надлежност на **ЗНМ**. Оваа активност беше **„реализирана“** во предвидениот рок, преку афирмација на членките на Регистарот на професионални онлајн медиуми, исклучување на оние што ги нарушуваат критериумите за членство, потоа организирање настани/кампањи за промоција на саморегулацијата, едукативни настани за медиумите итн.

**Мерка 2: Надградување на регистарот на професионални онлајн медиуми** ја предвидува ***Активност 2.1: Усвојување и примена на позитивни меѓународни практики за надградување на регистарот на професионални онлајн медиуми***. Рокот за реализација на оваа активност е **втора половина на 2021 година - континуирано**, а истата е во надлежност на **ЗНМ**. Оваа активност била во тек во 2022 година, нереализирана во 2023 година, а **„реализирана“** во 2021, 2024 и 2025 година. По извршена проверка на веб страницата на ААВМУ, видно е дека во јуни 2025 година донела Правилник за формата и содржината на пријавата за упис во регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и за начинот на водење на регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали. Условите што треба да ги исполнат издавачите за да бидат впишани во овој регистар се наведени во член 5 на тој Правилник:

- да ја впишал дејноста во Централниот регистар на РС Македонија;
- да има седиште и уредништво во РС Македонија;
- на свое име да има регистрирано македонски .мк или .мкд интернет домен; и
- да ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во член 5 ставови 11 и 12 од Законот за медиуми.

За надминување на **Проблем 3: Зајакнувањето на транспарентноста на институциите при планирање на средствата за финансирање на граѓанските организации како и на отчетноста за реализацијата и ефектите на проектите** предвидена е **Мерка 1: Зајакнување на транспарентноста на институциите при планирањето на средствата за финансирање на граѓанските организации како и отчетноста за реализацијата и ефектите на проектите**, а која ги опфаќа ***Активност 1.1: Изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации во насока на пропишување обврска за воспоставување единствена база на податоци со информации за доделените средства и ефектите од проектите за сите граѓанските организации кои добиваат средства од јавни институции и ЕЛС*** и ***Активност 1.2: Изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации во насока на пропишување обврска јавни институции и ЕЛС за редовно ажурирање на единствена база на податоци.*** Рокот за реализација на двете активности беше **прва половина на 2022 година**, а истите се во надлежност на **МП**. Конечниот статусот на реализација на двете активности е „**во тек**“. Согласно последниот доставен извештај, МП известува дека подготвен е нацрт нов закон за здруженија и фондации, кој е објавен на ЕНЕР, во кој се предвидени одредби во насока на зајакнување на транспарентноста на институциите при планирањето на средствата за финансирање на ГО како и отчетноста за реализацијата и ефектите на проектите.




**Слика 42: Вкупен степен на реализација во секторот**

Од вкупно 8 активности предвидени за овој сектор, 7 активности се предвидени да се реализираат еднократно, а една активност е планирана како континуирана за периодот 2021-2025 година, што значи дека за посочениот петгодишен период евалуирани се вкупно 12 активности. Од нив, 7 активности биле реализирани (58%), 2 активности се нереализирани (17%), а 3 активности се во тек (25%).




**Слика 43: Статус на активности по евалуационен период**




**Слика 44: Вкупен статус на активности по институции**

- За МДТ е предвидена една активност која е нереализирана.
- За Владата се предвидени 2 активности кои се реализирани.
- За ЗНМ се предвидени 7 активности, од кои 5 се реализирани, една е нереализирана, а една е во тек.
- За МП се предвидени 2 активности кои се во тек.

# 18. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Имајќи ги во предвид годишните извештаи за спроведување на Стратегијата во 2021, 2022, 2023 и 2024 година и континуираниот низок степен на реализација на активностите од истата, ДКСК во јануари 2025 година спроведе Анализа на фактори кои влијаат на степенот на имплементација на НС 2021-2025.

Анализата имаше за цел да ги лоцира факторите од структурна, организациска, регулаторна или процедурална природа кои влијаеле врз нивото на имплементација на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со Акцискиот план за нејзино спроведување (2021-2025) и да даде препораки за надминување на слабостите при подготовка на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година.

Врз основа на Анализата, ДКСК заклучи дека повеќе фактори негативно влијаат на спроведувањето на Стратегијата и тоа:

- примена на недоволно развиена методологија за подготовка на Стратегијата;
- честа промена на претставниците од институциите за време на процесот на подготовка на Стратегијата, номинирање на претставници кои немаат соодветно искуство или мандат да одлучуваат за обврските што институцијата може да ги преземе или отсуство на номинирање од страна на некои од засегнатите страни;
- недостаток на систематско пренесување на активностите од Стратегијата во стратешките и оперативните документи на Владата и засегнатите органи на државната управа;
- неефикасна структура за меѓуинституционална координација во спроведувањето на Стратегијата;
- недоволно користење на надзорната улога од страна на Собранието врз Владата и Владата врз органите на државната управа одговорни за спроведување на активностите од Стратегијата;
- несоодветна формулација и утврдување на компетентност за спроведување на активностите;
- неусвојување на план за следење на процесот на спроведување на Стратегијата;
- несоодветно планирање на буџетот за време на подготовката на Стратегијата, а подоцна и од страна на носителите на активностите;
- недостаток на соодветна организациска форма во Државната комисија за спречување на корупцијата, чиј делокруг на работа ја вклучува Стратегијата; и
- постоење на замор од реформи во јавниот сектор.

Дополнително и Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за период 01.01.2025-31.12.2025 година бележи ист тренд на ниска реализација. Имено, од 137

активности кои беа предмет на евалуација за 2025 година, само 31 беа реализирани (23%), 60 нереализирани (44%), а 46 останаа во тек (33%).

Што се однесува до вкупниот степен на реализација на Стратегијата за период од 2021 до 2025 година, од вкупно 318 евалуирани активности, 118 се реализирани (37%), 109 се нереализирани (34%), а 91 активност останаа во тек (29%).

Во продолжение, следува осврт на заклучните согледувања по хоризонтални области, односно сектори од Стратегијата:

Во хоризонталната област **Јавни набавки** остварен е ограничен напредок во јакнењето на капацитетите и унапредувањето на транспарентноста во јавните набавки. Активноста за обуки поврзани со подготовка на технички спецификации и критериуми за утврдување способност е реализирана во 2024 и 2025 година, што укажува на континуитет во соработката меѓу Бирото за јавни набавки и Институтот за стандардизација. Активноста се спроведува главно преку обуки и институционална соработка, без пошироки измени во политиките и без системски подобрувања во стандардизацијата во областа на јавните набавки. Во однос на зголемување на институционалниот интегритет и транспарентноста во јавните набавки, се забележува делумна реализација и имплементација на предвидените мерки, особено на оние кои бараат законски измени или дополнителни институционални активности, постојат и различни толкувања меѓу институциите во однос на примената на законските одредби за санкционирање на необјавувањето на информации поврзани со јавните набавки. Иако законската рамка предвидува обврска за објавување на документацијата поврзана со јавните набавки, практичната примена и санкционирањето остануваат ограничени. Ова упатува на постоење на пречки во спроведувањето на постојните правила, поради што е потребно дополнително прецизирање на правната рамка и зајакнување на механизмите за надзор и спроведување.

ДКСК во текот на 2025 година спроведе процес на подготовка на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година, по претходно спроведена проценка на ризици од корупција. Во процесот на приоретизација на области и сектори кои ќе бидат опфатени со новата Национална стратегија, ДКСК утврди дека јавните набавки и во следниот петгодишен период ќе останат хоризонтална област со висок степен на ризици од корупција. Оттука, ризиците кои останаа актуелни при изработка на анализата на проценка на ризици од корупција за потребите на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година, беа адресирани и во новата Национална стратегија.

Во хоризонталната област **Вработување** реформите насочени кон намалување на ризиците од политичко влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам во процесите на вработување во јавниот сектор бележат ограничен напредок. Иако се преземени одредени активности со донесувањето на новиот Закон за вработени во

јавниот сектор и со новиот Закон за административни службеници од 2025 година, сѐ уште не се во целост надминати ризиците во однос на спроведување и објавување на функционална анализа, мониторинг на транспарентноста, како и вработување преку агенции за привремени вработување. Истовремено, не е уредена ниту можноста за трансформација на работниот однос без редовна постапка за вработување, што остава простор за потенцијални неправилности. Дополнително, иако се изработуваат функционални анализи, сѐ уште не е обезбеден мониторинг за доследно спроведување на обврската за нивно објавување на веб страниците, ниту е воспоставен механизам за системска проценка на обемот на работа во институциите.

Нецелосно надминат остана и приоритетниот проблем „Неефикасно раководење, управување и надзор кај одделни органи на управата, агенции, јавни претпријатија и АД во државна сопственост“. Имено, најголем дел од предвидените активности за надминување на проблемот беа отпочнати но истите останаа во тек, односно не беа реализирани во целост.

Реформите насочени кон подобрување на управувањето и надзорот во јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост бележат одреден напредок, особено со донесувањето на законските измени со кои се ограничува бројот на членови во управните и надзорните одбори. Дел од јавните претпријатија ги имаат усогласено своите статути со овие измени, што укажува на постепено спроведување на реформските мерки. Сепак, реформскиот процес сѐ уште не е целосно завршен, бидејќи усогласувањето на статутите на сите јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост не е комплетирано. Дополнително, недоволно прецизните критериуми за образование и компетенции при избор на директори и членови на органите на управување, како и отсуството на прекршочни санкции за ненавремено именување или незаконит избор на раководни лица, оставаат простор за политичко влијание и нетранспарентни именувања. Законската рамка за процесите на вработување и унапредување во јавниот сектор сѐ уште не обезбедува доволно развиен и јасен систем за евалуација на критериумите за селекција. Иако се предвидени активности за воспоставување транспарентни критериуми и ограничување на дискреционото право при избор на кандидати, нивната реализација значително доцни. Особено, подзаконските акти за утврдување на објективни критериуми и процедури за евалуација во секторите здравство, образование, култура и социјална заштита сѐ уште не се донесени, што го забавува воспоставувањето на поефикасни и потранспарентни постапки за вработување и унапредување.

Во новата Национална стратегија не е предвидена хоризонталната област Вработување, но во поединечните сектори кои се опфатени со истата, земени се во предвид ризиците поврзани со вработувањата специфични за тие сектори.

Во секторот **Политички систем**, три од шесте утврдени приоритетни проблеми останаа целосно нереализирани, за два приоритетни проблеми, предвидените активности останаа во тек, а за еден проблем активностите беа реализирани во целост.
Како ненадминат остана проблемот кој се однесува на донесување на голем број закони во скратена постапка без соодветно образложение за оправданост за овој вид постапка, иако Собранието спроведе процес на донесување на нов Деловник за работа, во него не е вклучена дефиницијата која би ја регулирала сложеноста и обемноста на предлог-законите. И покрај повеќегодишното укажување од страна на ДКСК, граѓанскиот сектор и меѓународните партнери, не се реши овој системски проблем.
Како незавршена мерка остана и мерката „Уредување на ПВР процесот, во насока на негова задолжителност" која беше предвидена за надминување на проблемот „Подготвување, предлагање и донесување регулатива често се врши без претходни соодветно спроведени квалитетни анализи, проценка на влијанијата и консултативни процеси во функција на заштита на јавниот интерес". недонесувњето на нова Методологија за ПВР ја ограничува ефективноста на проценката на влијанието и антикорупциската проверка, кои се клучни за обезбедување квалитетни и одговорни регулативи.
Проблемот „Недоволна вклученост на носителите на извршната власт од највисоко ниво во едукативни програми од областа на етиката и интегритетот", во изминатиот петгодишен период не беше надминат. Имено, иако во неколку годишни извештајни периоди беше нотирано дека биле спроведени одредени обуки насочени и кон носителите на извршната власт од највисоко ниво, адресираниот проблем за отсуство на механизам кој ќе обезбеди систематска и мерлива вклученост на функционерите од највисоко ниво остана актуелен.

И покрај долгогодишниот проблем со несанкционирањето на одбивањето за доставување изјава за имотна состојба и интереси, активностите за негово надминување сè уште се во тек, како и активностите предвидени за надминување на проблемот „Надоместокот за рекламирање на интернет порталите да не биде на товар на Буџетот на РСМ", што остава ризик од нерегуларности, нееднакви услови за учесниците и потенцијални злоупотреби.

Како успешно надминат приоритетен проблем беше означен проблемот „Нерегулирана интеракција помеѓу лобистите и претставниците на органите на законодавната и извршната власт, како и функционерите од локалната власт", кој се надмина со со донесувањето на Законот за лобирање.

Во секторот **Правосудство**, во насока на јакнење на интегритетот во судството и јавното обвинителство, реализирани се предвидените мерки и активности, вклучително и усвојување на дополнетиот Кодекс на јавните обвинители и спроведувањето континуирани обуки. Анализата на ризиците од корупција претставува важен чекор за подобрување на транспарентноста и отчетноста во правосудниот систем. Сепак, за обезбедување долгорочна ефикасност потребно е

континуирано следење на имплементацијата на резултатите и понатамошно зајакнување на етичките и интегритетните стандарди во практиката на судиите и обвинителите. Спроведувањето на мерките за зајакнување на капацитетите и ефикасноста на јавните обвинителства покажува нерамномерен напредок. Додека обуките за нови јавни обвинители се реализираат континуирано, кадровското екипирање останува ограничено поради недоволна буџетска поддршка. Позитивен исчекор е формирањето на два нови истражни центри, со што се зголемуваат истражните капацитети на обвинителствата. Воспоставувањето на автоматизиран систем за распределба и следење на предметите напредува со поддршка од ЕУ, но неговата имплементација е одложена што влијае на натамошните активности, како што е обука на кадар. Подготовката на Нацрт-законот за Државно правобранителство претставува значаен чекор кон унапредување на ефикасноста, отчетноста и транспарентноста во работењето на институцијата, како и кон подобро регулирање на нејзините надлежности и организација. Сепак, со оглед на тоа што нацрт-текстот сè уште е во фаза на разгледување во рамки на Министерството за правда, потребно е понатамошно институционално постапување за негово финализирање и донесување.

Во процесот на приоретизација на области и сектори кои ќе бидат опфатени со новата Национална стратегија 2026-2030, ДКСК утврди дека секторот правосудство ќе остане во фокусот и во следниот петгодишен период, во кој покрај ново утврдените ризици, беа земени во предвид и ризиците од корупција кои не беа надминати со Стратегија.

Во секторот **Органи за спроведување на законот** во однос на дискреционите овластувања на одговорните лица и нетранспарентност при вработувања и унапредувања во МВР се бележи делумен напредок со донесувањето на измените на Законот за внатрешни работи во 2022 година. Но, што се однесува до транспарентноста преку објавување на актите за организација и систематизација на работните места во МВР на интернет страницата на МВР, освен за работните места опфатени со посебни законски одредби, оваа мерка останува нереализирана бидејќи интерните акти не се усогласени со Законот за класифицирани информации. Ова ја ограничува јавната контрола и го зголемува ризикот од клиентелизам, политички влијанија и злоупотреба на дискреционите овластувања. Спроведувањето на мерките за унапредување на системот за утврдување на професионална одговорност во органите за спроведување на законот покажува ограничен и нерамномерен напредок. Истовремено, процесот на зајакнување на механизмите за интегритет и отчетност кај царинските службеници е во тек, но сè уште не е целосно завршен. Ова укажува дека се потребни дополнителни институционални напори и подобра координација меѓу надлежните институции за целосна имплементација на предвидените мерки. Нејасните и преклопени надлежности меѓу инспекциските служби ја намалуваат ефикасноста на инспекцискиот надзор и создаваат простор за неусогласени и/или селективни постапувања. Иако ИС има направено прввична анализа, законските измени сè уште не се донесени, што создава правни празнини, ризик од корупција, неефикасно

користење на ресурсите и правна несигурност за граѓаните и бизнис секторот. Субјективното постапување на инспекторите и понатаму претставува ризик за интегритетот на инспекциските служби. Иако според извештаите активноста за континуиран инспекциски надзор од страна на Државниот управен инспекторат е означена како реализирана, проблемот со недоволно функционален инспекциски надзор во локалната самоуправа останува нерешен. Формалното исполнување на надзорот не значи дека локалните инспекциски служби функционираат ефикасно. Сè уште постојат значајни системски слабости во локалниот инспекциски надзор, како што се недоволен и нерамномерно распределен број инспектори меѓу општините, ограничени ресурси и недоволна стручна подготвеност на службите, како и ризици од локални притисоци и политичко влијание врз нивната работа. Дополнително, недостасува детална анализа на ефективноста на надзорот, бидејќи извештаите најчесто го констатираат само спроведувањето на контролите, без проценка на нивните резултати, што ја намалува ефикасноста на системот и го зголемува ризикот од корупција и селективна примена на законите. Иако е донесен нов Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, проблемот со неспроведувањето на ревизорските препораки останува. Главните слабости се недоволната одговорност на раководните лица, ограничената транспарентност во спроведувањето на препораките, недонесувањето нов Закон за државна ревизија и отсуството на имплементација на ревизорските извештаи, поради што идентификуваните проблеми често остануваат нерешени.

Во секторот **Здравство** реформите за подобрување на здравствената економија и финансиското управување во здравствените установи бележат напредок. Донесувањето нови правилници, методологии за формирање на цени на здравствени услуги и лекови, и трансформацијата на транспарентноста на процесите на распределба на средства претставуваат важни чекори кон подобрување на системот за планирање и контрола во здравствениот сектор. Специфичните активности како што се објавувањето на буџетите на ЗУ, формирањето на нови правила за утврдување на референтни цени на лекови и усвојување на нови критериуми за утврдување договорни надоместоци се одличен показател за успехот на реформите. Меѓутоа, дел од активностите не се целосно реализирани, како што е формирањето на независно тело за распределба на буџетот на ФЗОРСМ или формирањето на сектор за аналитика во ФЗОРСМ, што укажува на постоење на капацитетски недостатоци и проблеми во кадровското обезбедување.

Системот за избор на лекови кои се покриваат од јавни средства покажува одреден напредок, особено преку подобрување на правната рамка, утврдување на критериуми за селекција на лекови и воведување на методологија за проценка на здравствени технологии. Овие активности придонесуваат за зголемување на транспарентноста и за подобра примена на медицината базирана на докази. Сепак, остануваат одредени предизвици, како што се доцнење во реализацијата на планираните активности, недоволна транспарентност во некои процеси и нецелосна објава на листата на лекови кои се покриваат од јавните средства.

Дополнително, процесите поврзани со лекови за ретки болести и лекови со монополска позиција на пазарот укажуваат на потреба од поголема транспарентност и доследна примена на утврдените правила.

Процесот на донации, клинички студии и проекти во здравствениот сектор се соочува со значајни предизвици, особено во однос на регулирањето и транспарентноста. Подзаконскиот акт за прецизирање на условите за примање донации во јавните здравствени установи сè уште не е донесен, што укажува на недоволна регулираност на процесот. Истовремено, јавниот регистар на донации е воспоставен, но функционира во ограничена форма и не се ажурира редовно.

Од активностите и мерките за регулирање на неетичките практики при маркетирањето на лековите, видливи се некои позитивни напредоци, но истовремено се констатираат значителни пропусти. Донесувањето на етичкиот кодекс за маркетирање на лекови е важен чекор во регулирањето на односите помеѓу фармацевтските компании и здравствените работници. Сепак, неопходно е да се поттикне понатамошно регулирање на маркетирањето, со прецизно дефинирани процедури и обврски за сите чинители во секторот. Истовремено, создавањето на системи како што се терапевтските комитети и болничките регистри на лекови останува нереализирано и потребни се конкретни мерки за нивна имплементација.

За проблемот на транспарентноста и објективноста во одлучувањето за лекување во странство, мерката за утврдување на референтни болници преку јасно дефинирани критериуми и подзаконски акт постигнат е значаен напредок во обидот да се обезбеди правичност и транспарентност во процесот. Со измената на актите кои ги дефинираат критериумите за избор на референтни болници, воспоставена е правна основа за објективно донесување одлуки во врска со лекувањето во странство. Сепак, со оглед на специфичноста на постапките за лекување во странство и јавниот интерес што ги следи овие случаи, потребно е континуирано следење на примената на критериумите и нивно унапредување врз основа на праксата, како и зголемена транспарентност и отчетност на Фондот за здравствено осигурување.

И овој сектор е предмет на обработка во новата Национална стратегија 2026-2030, поради високиот степен на ризици од корупција во истиот. Оттука, ризиците кои не беа надминати со Стратегијата и кои останаа актуелни при изработка на анализата на проценка на ризици од корупција за потребите на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година, беа адресирани и во новата Национална стратегија.

Во секторот **Образование** во текот на 2025 година се забележува значителен напредок во нормирањето на одредени процеси, но клучните проблеми со политичкото влијание и дискреционите овластувања остануваат нерешени. Позитивно е што конечно се реализирани мерките за зајакнување на Државниот

просветен инспекторат (зголемен буџет и нови вработувања), усвоена е нова регулатива и правилници за набавка на учебници и за собирање средства од родителите (екскурзии, ужини), значително е зголемена транспарентноста на АКВО со јавна објава на стотици решенија, а универзитетите успешно воспоставија антикорупциски политики. Од друга страна, сериозен и повеќегодишен застој има во донесувањето на законите кои треба да ги спречат неправилностите при вработување на наставници и предвремено разрешување на директори, отсуство на ефикасен механизам за контрола на работата на инспекторите, отсуство на правилата за издавање училишен имот под закуп, како и не(целосно) спроведување на програмите за едукација за етика и интегритет на наставниот кадар поради недостиг на финансиски средства.

Во рамките на секторот **Труд и социјална политика**, се забележува делумен напредок во имплементацијата на планираните мерки, при што повеќето активности поврзани со воспоставување законска рамка и анализи се реализирани, иако со значително доцнење во однос на предвидените рокови. Успешно се донесени измените на законската регулатива за социјално осигурување, Законот за проценка на лица со попреченост, како и анализите и измените на подзаконските акти поврзани со Комисијата за ревизија. Сепак, клучните инфраструктурни и оперативни активности, како целосното воспоставување на дигитализираниот централен систем за социјално осигурување и формирањето на телото за вештачење, се сè уште во тек и нивното финализирање е одложено за 2027 година. Најголем застој е евидентиран во зајакнувањето на надзорот, мерките за изработка на Методологија за контроли и нивно редовно спроведување се нереализирани, додека надзорот за правата за помош и нега од друго лице бележи реализација дури во 2025 година.

Во секторот **Урбанизам и просторно планирање**, во 2025 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25), во кој е додадена уште една одредба за причината за одземање на лиценците издадени согласно овој закон. Имено, со оваа законска измена воведена е засилена контрола по службена должност (најмалку двапати годишно) од страна на Министерството за транспорт, со цел вршење на редовна проверка, а не само по поднесена пријава. Врз основа на оваа измена, Министерството за транспорт спровело сеопфатна ревизија на издадените лиценци и одзело 41 лиценца за надзор поради констатирани неправилности, што може да се смета како позитивен сигнал за неселективен пристап кон сузбивањето на корупцијата и незаконското работење при изведбата на градбите.

Со оглед на високиот ризик од корупција во овој сектор, ДКСК во процесот на приоретизација на области и сектори кои ќе бидат опфатени со новата Национална стратегија 2026-2030, ја утврди потребата од опфаќање на просторното планирање, урбанистичкото планирање и градежништвото, како посебен сектор и во следниот петгодишен период.

Во секторот **Животна средина**, за справување со проблемот со невоспоставен интегриран систем за регионално управување со отпад предвидена е мерката за воспоставување регионални центри за управување со отпад, која вклучува две активности, и тоа: Објавување на оглас за избор на концесионери и донесување одлуки за доделување концесии за управување со отпад. Во рамки на двете активности преземени се одредени чекори, но не може да се потврди дека се исполнети. Позитивно е што МЖСПП и ЕЛС активно ги реализираат неопходните подготвителни и инфраструктурни чекори преку проекти поддржани од ЕБОР и ИПА фондовите и преку формирање на меѓуопштински одбори. Сепак, суштинскиот процес на избор на концесионери кои ќе стопанисуваат со регионалните центри сè уште не е реализиран, а дополнителен предизвик претставува и очигледното префрлање на одговорноста помеѓу институциите.

Имајќи го предвид наведеното, како и анализата за проценка на ризици од корупција, по принцип на приоретизација на сектори кои генерираат висок ризик од корупција, ДКСК ја утврди потребата од опфаќање на секторот Животна средина, енергетика и природни ресурси и во новата Национална стратегија 2026-2030.

Во секторот **Земјоделство** може да се забележи делумно надминување на дел од приоритетните проблеми. При тоа, суштинските системски промени главно стагнираат, додека напредок е постигнат во делот на стратешкото планирање и административните капацитети. Од една страна, клучните антикорупциски мерки поврзани со државното земјоделско земјиште, како воведувањето санкции за злоупотреби, ревидирањето на методологијата за продажба и формирањето самостоен орган, остануваат целосно нереализирани, со исклучок на пропишувањето процедури за надзор. Исто така, не е утврдена ниту методологијата за економска оправданост на субвенциите, а изостануваат и предвидените обуки за интегритет на вработените. Од друга страна, позитивен чекор е донесувањето на Националната стратегија за земјоделство 2021-2027 (со која се исполнети активностите за нови мерки и индикатори на успех), зголемувањето на бројот на вработени во АФПРЗ и донесувањето на Законот за советодавен систем за земјоделството и руралниот развој. Иако активностите за надминување на приоритетните проблеми 4 и 5 формално се водат како „нереализирани“, со измените и дополнувањата на Националната стратегија 2021–2025, усвоени од ДКСК во 2023 година и доставени до Собранието на РСМ, но не усвоени, истите се оценети како беспредметни.

Во секторот **Спорт** се бележи сериозен застој и доцнење во спроведувањето на Стратегијата, со оглед на тоа што клучните системски, стратешки и законски решенија остануваат нереализирани дури и по неколку години. Иако се направени одредени позитивни исчекори – како што се реализацијата на анализата за инспекцискиот надзор, првиот вонреден инспекциски надзор спроведен во 2025 година, како и активностите кои се „во тек“ поврзани со пописот и базата на

податоци за спортски објекти (каде податоци доставиле 90% од општините) – најголемиот дел од суштинските реформи се блокирани. Имено, донесувањето на новата законска рамка (Законот за спортот и Законот за спортски објекти), креирањето на Стратегијата за спортски објекти, формирањето на независен Државен инспекторат за спорт, како и усвојувањето на програмата за едукација и интегритет се нереализирани најчесто поради недостиг на човечки ресурси или поради долготрајни процедури за измена на законите.

Во секторот **Економија и бизнис** се забележува значителен напредок во текот на 2025 година, особено во делот на управувањето со минерални суровини и концесии, каде МЕРМС успешно реализираше клучни активности, како што се: донесена е Стратегија, воспоставена е транспарентност со објава на договорите, донесен е нов Тарифник за концесиски надоместоци и зголемен е бројот на инспектори. Наспроти ова, сериозен застој има кај дигиталните алатки за системска транспарентност. Регистарот за државна помош е целосно нереализиран поради финансиски и координативни пречки, а отвореното пребарување на државниот имот преку АКН не функционира. Регистарот за државни возила пак, сè уште е во фаза на набавка на софтвер. Дополнително, иако има континуирана поддршка за малите претпријатија, суштинската промена во Методологијата за проценка на влијанието на регулативата (ПВР) останува нереализирана.

Ризиците од корупција од овој сектор поврзани со минералните суровини и концесии се опфатени и со новата Национална стратегија 2026-2030 во секторот Животна средина, енергетика и природни ресурси. За нивно надминување се предвидени голем број на мерки и активности за следниот петгодишен период.

Во секторот **Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа** се забележува многу ниско ниво на имплементација на антикорупциските мерки, при што клучните реформи за зголемување на транспарентноста и отчетноста делумно и бавно се спроведуваат. Единствената реализирана активност е изготвувањето на антикорупциската програма од страна на ДКСК, но Владата сè уште ја нема усвоено, што автоматски го оневозможува нејзиното спроведување и мониторинг. Дополнително, суштинските мерки за воспоставување транспарентност се нереализирани или отстапуваат од првичната цел на Стратегијата. Регистарот за правни лица сè уште не е воспоставен (при што новиот нацрт-закон не предвидува податоци за сопственииштво во него), додека процесот за донесување единствена законска рамка е во тек.

Во секторот **Медиуми и граѓански организации** се забележува позитивен напредок во дефинирањето на правилата за поддршка и саморегулација, но клучните алатки за транспарентност на јавните финансии во овие сектори сè уште не се финализирани. Успешно се реализирани мерките за подобрување на критериумите за државна помош на печатените медиуми (преку измените на Законот за медиуми во 2024 година), како и повеќето активности за саморегулација

на онлајн медиумите, воспоставени со новиот Правилник на ААВМУ од јуни 2025 година за упис во регистарот на интернет портали. Сепак, системскиот проблем со нетранспарентноста на договорите меѓу јавниот сектор и медиумите/маркетинг агенциите останува нерешен бидејќи законските измени се нереализирани, туку се дел од неодамна започнат поширок процес на усогласување со ЕУ. Слично на тоа, воспоставувањето единствена база на податоци за финансирањето на граѓанските организации е заглавено во фаза „во тек“, бидејќи новиот Закон за здруженија и фондации е сè уште само нацрт-текст објавен на ЕНЕР.

# 19. ПРЕПОРАКИ

## Хоризонтална област Јавни набавки

Со оглед на фактот дека Јавните набавки остануваат една од хоризонталните области во новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година, ДКСК оцени за потребно во овој завршен извештај да се дадат препораки само во однос на оние ризици кои поради приоретизација не се опфатени со новата петгодишна Национална стратегија, а се однесуваат на доследна примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во делот на објавување на информации поврзани со јавните набавки, како и разгледување на можноста за вклучување на прекршочни одредби што ќе санкционираат необјавување на релевантни податоци за јавните набавки. Дополнително, АСПИ да воспостави поефикасни механизми за мониторинг на објавувањето на информации од јавен карактер од областа на јавните набавки, со цел систематско следење на објавувањето и достапноста на информациите и да се зајакне системот на санкции за институциите кои навремено не ги објавуваат податоците или не ги почитуваат законските обврски.

## Хоризонтална област Вработување

Имајќи го предвид конечниот статус на реализација на активностите од хоризонталната област Вработување заклучно со декември 2025 година, ДКСК утврди за потребно да даде препораки за реализација на активностите кои не се реализирани или останаа во тек, а особено:

- МЈА да ја разгледа можноста за дополнителни измени на Законот за вработените во јавниот сектор со цел јасно дефинирање на условите под кои може да се врши трансформација на работниот однос од определено во неопределено време.
- МЈА да направи соодветни измени на подзаконските акти со кои видот на високо образование за конкретните работни места ќе се дефинира на појасен начин, со цел да се намали можноста за произволно толкување при дефинирање на условите за вработување.
- МЈА во соработка со Државниот управен инспекторат, да преземе поактивна улога во изнаоѓање на механизам за надзор над одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор кои се однесувата на објавување на функционалната анализа и годишната проценка на обемот на работа во јавните институции, со воведување санкции за институциите кои не ги почитуваат овие обврски.
- АСПИ да го интензивира мониторингот на објавувањето на актите за организација и систематизација и на информациите поврзани со вработувањата.
- Владата да обезбеди целосно усогласување на статутите на сите јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост со измените на Законот за јавни претпријатија и Законот за трговските друштва.

- МЕТ да пропише прекршочни одредби за основачот во Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва во случаи на ненавремено именување на членови на органите на управување или незаконит избор на раководни лица.
- МЕТ да предвиди дополнителни измени во Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва со кои ќе се пропише обврска за јасно утврдување на потребниот вид на образование и професионални компетенции за сите раководни и надзорни позиции, како и за воспоставување на транспарентна процедура за нивен избор.
- МЗ, МОН, МКТ и МСПДМ да ги забрзаат активностите за донесување на подзаконски акти со кои ќе се утврдат јасни, објективни и транспарентни критериуми и процедури за евалуација во процесите на вработување и унапредување
- МЈА треба да ги спроведе на препораките од анализата подготвена од ДКСК, со цел ограничување на дискреционото право на одговорните лица во процесите на вработување.

Имајќи во предвид дека за одредени активности од оваа област институциите назначени како носители на активностите во Акцискиот план на Стратегијата известуваа дека немаат законска надлежност за нивно спроведување ДКСК препорачува Владата да ги земе во предвид при креирање на антикорупциските политики, со вклучување на соодветните надлежни институции.

## Сектор Политички систем

- Собранието да предвиди измени на Деловникот за работа со кои ќе се воведат јасни критериуми за утврдување на сложеноста и обемноста на предлог-законите и ќе се дефинираат условите под кои е оправдано користењето на скратена постапка. Воедно, за законските иницијативи поднесени по скратена постапка треба да се утврди обврска за детално образложение на причините за скратување на процедурите, со цел да се обезбеди поголема транспарентност, отчетност и заштита на јавниот интерес во процесот на донесување закони.
- МЈА да донесе нова Методологија за проценка на влијание на регулативата (ПВР) која ќе биде задолжителна при изготвување на сите предлог-закони и подзаконски акти, со цел да се обезбеди сеопфатна и објективна проценка на нивните ефекти. Притоа, Методологијата да предвиди задолжителна антикорупциска проверка на легислативата, како и транспарентен процес на проценка кој ќе вклучува релевантни експерти и засегнати страни.
- МЈА преку Академија за стручно усовршување и обука на административни службеници да предвиди обуки за државните службеници одговорни за подготовка на регулативата.

- МЈА да воспостави систем за мониторинг и редовно известување за спроведувањето на ПВР, како и анализа на ефектите од донесените законски решенија.
- МЈА да ги објавува резултатите од ПВР и извештаите од спроведените консултации, односно да обезбедува повратни информации од процесот на јавни консултации. Ова ќе придонесе кон зголемување на довербата во институциите и ќе обезбеди законските решенија да се темелат на внимателни и сеопфатни анализи, со што ќе се заштити јавниот интерес.
- МП да го забрза процесот на донесување на измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со кои ќе се предвидат јасни и ефективни одредби за санкционирање на одбивањето за поднесување изјава за имотна состојба и интереси. Во рамките на законските измени да се воспостават прецизни и спроведливи механизми за утврдување одговорност и санкции за лицата кои не ја исполнуваат оваа законска обврска. Дополнително, да се зајакнат механизмите за мониторинг и контрола на исполнувањето на обврските, како и да се спроведат активности за подигање на свеста кај службените лица за значењето на пријавувањето на имотната состојба и интересите.
- ДКСК да обезбеди доследна имплементација на Законот за лобирање преку спроведување обуки и едукации за лобистите, избраните и именувани лица и службеници, со цел правилна примена на законските одредби.
- Да се воспостават транспарентни механизми за пријавување на активностите за лобирање и да обезбеди редовен мониторинг и периодични ревизии на примената на Законот за лобирање и неговите ефекти.
- Да се зајакне соработката помеѓу надлежните институции и независните тела за спроведувањето на законот, со цел обезбедување поголема транспарентност и интегритет во процесите на лобирање.
- ДКСК да продолжи со активностите за подигање на свеста кај носителите на извршната власт од највисоко ниво, со посебен акцент на едукација за етика и интегритет. Дополнително, ДКСК, во соработка со релевантните институции, да спроведат евалуација на ефектите од реализираните обуки и работилници, со цел да се утврди нивното влијание врз практичната примена на принципите на интегритет, транспарентност и одговорност во процесот на управување и донесување одлуки.
- Во Изборниот законик да се уреди рекламирањето на интернет порталите за време на изборните кампањи, со цел да се обезбеди поголема транспарентност и јасни правила за финансирање.
- Да се воспостави механизам за мониторинг на медиумското претставување преку интернет порталите.
- МП, во соработка со МДТ, да спроведе консултации со релевантни експерти за медиуми и дигитална трансформација и јавна дебата пред пред

усвојувањето на новите законски решенија, со цел да се обезбеди транспарентен процес и поширока поддршка за регулирање на оваа област.

## Сектор Правосудство

Со оглед на фактот дека секторот Правосудство останува една од клучните сектори во новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030 година, ДКСК оцени за потребно во овој завршен извештај да се дадат препораки само во однос на оние ризици кои поради приоретизација не се опфатени со новата петгодишна Национална стратегија, а се однесуваат на процесот на донесување на новиот Закон за Државно правобранителство со цел унапредување на ефикасноста, отчетноста и транспарентноста во работењето на институцијата и подобро регулирање на нејзините надлежности и организација.

## Сектор Органи за спроведување на законот

Имајќи го предвид конечниот статус на реализација на активностите од овој сектор заклучно со декември 2025 година, ДКСК утврди за потребно да даде препораки за реализација на активностите кои не се реализирани или останаа во тек, согласно со новиот Закон за внатрешни работи донесен во 2025 година, а особено:

- МВР во соработка со надлежните органи за класифицирани информации да го заврши процесот на декласификација на актите за организација и систематизација на работните места.
- МВР редовно да ги објавува сите документи и одлуки поврзани со вработувањата и унапредувањата и да обезбеди механизми за јавен увид.
- МФ да го забрза процесот на донесување на измените на Законот за финансиска полиција, со што ќе се обезбеди формирање на одделение за внатрешна контрола и професионални стандарди, како и соодветно усогласување на интерните акти.
- МВР да ја финализира хармонизацијата на интерните акти со Стратегијата за дисциплински постапки 2020–2022, со воспоставување механизам за редовен надзор и отчетност, вклучувајќи учество на надворешни и независни тела.
- ЦУ да отвори процес на професионална и институционална дебата за потребата од воведување на статус на правосудна полиција во Секторот за професионална одговорност при Царинската управа (Измена и дополнување на Закон за кривична постапка член 47 став 2), со цел балансирање на ефикасноста и надворешниот надзор.
- ЦУ да разгледа алтернативни модели за внатрешна контрола, кои ќе овозможат независност и капацитет за постапување во случаи на внатрешна корупција во случај измените на ЗКП да не се усвојат.
- Да се финализира анализата на законските надлежности на инспекциските служби и јасно да ги идентификува сите преклопувања и непрецизности во надлежностите.

- Да се воспостави координација помеѓу ресорните министерства во насока на измени на релевантните закони со цел прецизирање на надлежностите и отстранување на преклопувањата меѓу инспекциските служби.
- Да се воспостави подобра координација меѓу инспекциските служби за поефикасно спроведување на инспекцискиот надзор.
- МЈА да подготви методологија која конкретно ќе се фокусира на коруптивните ризици во инспекциските служби. Методологијата да вклучува јасни критериуми за идентификација и проценка на ризиците од корупција во сите инспекторати, а не само во одредени.
- Да се изработи стандарден протокол за постапување на инспекторите, кој ќе биде објавен јавно за да се спречи селективноста во инспекциските надзори.
- МФ да воведе задолжителни санкции за раководните лица што не ги спроведуваат ревизорските препораки, како што се финансиски казни, дисциплински мерки или намалување на буџетските средства за нивната институција.
- Годишниот извештај за спроведување на препораките од ревизиите да биде јавно достапен на веб-страницата на Министерството за финансии и ДЗР.
- ДЗР да воспостави онлајн база на податоци во која ќе се следи статусот на имплементацијата на ревизорските препораки по институции.
- МФ да ја разгледа потребата за дополнителни измени и усогласувања на подзаконските акти кои се однесуваат на внатрешната ревизија, со цел да се обезбеди поголема независност и автономија. Потребно е да се дефинираат прецизни механизми за заштита на внатрешните ревизори од политички или други надворешни притисоци.
- МФ да ги зајакне капацитетите на внатрешните ревизори преку стручно усовршување и обука за новите стандарди и методологии.
- МФ да дефинира јасни критериуми за успех на внатрешната ревизија, вклучувајќи број на спроведени препораки, брзина на имплементација и влијание врз подобрувањето на јавните политики и финансиските контроли.

Со оглед на фактот дека голем број од активностите од Акцискиот план на Стратегијата предвидени за надминување на ризиците од корупција поврзани со инспекциските служби на централно и локално ниво, со спроведувањето на инспекциските надзори, како и со активностите во однос на донесување на нов Закон за државна ревизија се опфатени и со новата Национална стратегија 2026-2030, ДКСК во овој извештај не предвидува препораки за истите.

## Сектор Здравство

Секторот Здравство е еден од клучните сектори во новата Национална стратегија 2026-2030. Проценката на ризици од корупција во истиот ги опфати и ризиците кои беа предмет на Стратегијата во периодот од 2021-2025 година, а кои заклучно со декември 2025 година не беа во целост надминати. Имено, овој сектор во следниот петгодишен период ќе биде во фокусот на антикорупциската стратешка рамка и во

истиот утврдени се 18 мерки и 74 активности за надминување на приоритените проблеми, а во насока на воспоставување на праведен, транспарентен, одговорен и дигитално поврзан здравствен систем заснован на интегритет, професионализам и доверба, во кој ресурсите, одлуките и услугите се следливи, управувани во јавен интерес и ставени во служба на граѓаните, поддржани од посветени и вреднувани здравствени работници.

## Сектор Образование

- МОН да го донесе новиот Закон за наставниците и стручните соработници, воведувајќи строги и објективни критериуми за бодирање при вработување, како и измени на Законот за просветна инспекција за задолжителен надзор и образложение при предвремено разрешување на директорите.
- МОН и ДПИ да го операционализираат механизмот за контрола на работата на инспекторите (преку целосна примена на апликацијата Е-инспектор и изработка на чек-листи), со цел да се спречи коруптивно однесување на терен.
- Да се обезбедат потребните финансиски средства за БРО и ДИЦ за конечно да почнат со спроведување на предвидените обуки за етика и интегритет за директорите и наставниците, како и за издавање на Водич за превенирање корупција.
- МОН да ги донесе подзаконските акти и насоки за давање под закуп на недвижен имот на воспитно-образовните институции, со што ќе се затвори овој огромен простор за корупција и незаконско богатење на локално ниво.
- ДКСК да спроведе антикорупциска проверка на новиот Закон за учебници („Службен весник на РСМ“ бр. 3/25), за да се потврди дали новите процедури навистина ги елиминираат досегашните ризици при набавката и користењето на образовните помагала.
- Владата да ја промени досегашната пракса и при именувањето или разрешувањето на членови на одборите во АКВО задолжително да објавува детално образложение за одлуката.

## Сектор Труд и социјална политика

- МСПДМ да ги интензивира активностите за дизајнирање и имплементација на ИКТ системот на Регистарот за задолжително социјално осигурување, со цел да се спречат понатамошни одложувања на крајниот рок (2027 година).
- МСПДМ да го забрза процесот на формирање на Централното координативно тело за проценка на лица со попреченост, вклучително и екипирање на потребниот кадар и финализирање на Методологијата за вештачење пред влегувањето во сила на новиот закон.
- МСПДМ да пристапи кон изработка и усвојување на Методологијата за спроведување на редовни и ад хок контроли, бидејќи истата е предуслов за ефективен надзор.

- МСПДМ да обезбеди континуитет во спроведувањето на редовни и ад хок контроли (не само по претставки).
- МСПДМ врз основа на позитивниот пример од 2025 година, да ги обезбеди потребните ресурси (човечки и технички) за Секторот за инспекциски надзор со цел континуирано да спроведува вонредни и контролни надзори.

## Сектор Урбанизам и просторно планирање

Секторот Просторно планирање, урбанистичко планирање и градежништво е исто така е еден од клучните сектори во новата Национална стратегија 2026-2030. Проценката на ризици од корупција во истиот ги опфати и ризиците кои беа предмет на Стратегијата во периодот од 2021-2025 година во секторот Урбанизам и просторно планирање, а кои заклучно со декември 2025 година не беа во целост надминати. Имено, овој сектор во следниот петгодишен период ќе биде во фокусот на антикорупциската стратешка рамка и во истиот утврдени се 13 мерки и 33 активности за надминување на приоритените проблеми, а во насока на заштита на јавниот интерес при просторното и урбанистичко планирање и почитување на професионалните стандарди во сите фази на градењето.

## Сектор Животна средина

Животната средина е дел од секторот Животна средина, енергетика и природни ресурси во Националната стратегија 2026-2030, во кој во целост се преземени и адаптирани нереализираните активности од Акцискиот план на Стратегијата за периодот од 2021 до 2025 година. Оттука, ДКСК во овој извештај не предвидува дополнителни препораки.

## Сектор Земјоделство

- МЗШВ да ја обнови иницијативата за суштинска промена на системот за продажба на државно земјоделско земјиште, преку нова методологија базирана на пазарни услови и промена на статусот на надлежната Комисија во самостоен орган, со што ќе се намали политичкото влијание.
- МЗШВ да ја изработи Методологијата за мерливост на ефектите од субвенциите, со цел да се спречи арбитрарното доделување средства и да се осигура дека финансиската поддршка резултира со реално зголемување на земјоделското производство.
- МФ и МЗШВ да ја реализираат активноста за преземање на вработени и воспоставување на еден надлежен орган за поднесување барања за субвенции, со што ќе се поедностави постапката за земјоделците и ќе се намали просторот за манипулации.
- МЗШВ да го ревидира својот План за обуки и да вклучи задолжителни, специјализирани модули за препознавање и спречување на корупција (интегритет) за сите вработени кои учествуваат во постапките за доделување земјиште и субвенции.

## Сектор Спорт

- Владата да ја финализира постапката за измена на Закон за спортот, бидејќи неговото недонесување е директна пречка за реализација на низа други активности од Стратегијата, како што се носењето на Законот за спортски објекти и подзаконските акти, па се до формирање на Државниот инспекторат за спорт.
- Да се искористат законските механизми за да се обврзат преостанатите 10% од општините да ги доставаат потребните податоци, со цел конечно затворање на пописот и целосно ставање во функција на информатичкиот систем за евиденција на сите спортски објекти.
- Итно да се надмине проблемот со недостиг на човечки ресурси во секторот за спортски објекти при МС (преку интерна прераспределба или нови вработувања) за да може да се изготви и усвои Стратегијата за објектите за спорт во државна сопственост.
- МС да воспостави континуиран план за инспекциски контроли, за да се спречи незаконско или несоодветно користење на државните и општинските спортски објекти.
- МС да ја усвои Програмата за обуки и едукација за интегритет и етика.

## Сектор Економија и бизнис

- Владата и МФ да одвојат буџетски средства и да ѝ пружат техничка поддршка на КЗК за конечно воспоставување на Регистарот на државна помош, со цел да се спречи нетранспарентно и селективно доделување на државни средства.
- АКН да овозможи отворено пребарување на државниот имот на својот портал, а Владата да ги задолжи сите државни органи редовно да ги доставуваат одлуките за сопственост за да се одржува ажурноста на базата.
- МВР да ја забрза тендерската постапка и имплементацијата на софтверот за Регистарот за возила во сопственост на јавниот сектор, осигурувајќи дека истиот ќе биде јавно достапен и лесен за пребарување.
- Да се ревидира надлежноста за Активноста 4.2 (Проблем 2), со цел обуките за контрола при експлоатација на суровини да бидат спроведени од соодветната институција.
- МЕРМС да ја финализира постапката за новиот Закон за рударство со што ќе се овозможи целосно имплементирање на Методологијата за реален концесиски надоместок.
- МЈА да премине од фаза на стратешко планирање кон конкретни чекори за измена на Методологијата за ПВР, за да се осигура дека бизнис заедницата има реален увид во тоа како новите закони ќе влијаат врз економијата. (оваа препорака се наведува и во секторот политички систем).

## Сектор Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа

- ВРСМ да воспостави реализација на активностите утврдени со Антикорупциската програма за претпријатијата во доминантна сопственост на државата и ЕЛС, по претходно усогласување на роковите за нивна реализација.
- МЕТ да обезбеди дека идниот Регистар на ЈП и ТД во целосна или делумна сопственост на државата и на ЕЛС ќе содржи клучни информации за сопственииштвото. Доколку податоците за сопственииштвото се планираат за друг регистар, мора да се воспостави интероперабилност помеѓу базите, за јавноста и институциите да имаат лесен и унифициран пристап до податоците за сопственииштвото.

## Сектор Медиуми и граѓанско општество

- МДТ во рамки на започнатиот процес за усогласување со Европскиот акт за слобода на медиумите, како врвен приоритет да ја воведе обврската за јавно објавување на сите склучени договори на јавните институции и ЕЛС со медиуми и маркетинг агенции.
- ААВМУ доследно да врши редовни проверки дали онлајн медиумите навистина ги исполнуваат критериумите во однос на сопствен домен, транспарентно сопственииштво, минимални кадровски услови итн.
- Да се забрза постапката за донесување на новиот Закон за здруженија и фондации.
- Во пресрет на донесувањето на нов Закон за здруженија и фондации, да се започнат подготвителни активности за техничко дизајнирање на единствената база на податоци за доделени средства на ГО, како би можела истата да биде функционална непосредно по стапувањето на сила на законот.
- ЗНМ и СЕММ да продолжат со редовно ажурирање на Регистарот на професионални онлајн медиуми, исклучувајќи ги оние субјекти кои ги прекршуваат етичките и професионалните стандарди.

Претседател,
Адем Чучуљ

________________